НИКОЛА В. ДИМИТРОВ



# ГЕОГРАФИЈАТА И ГЕОГРАФИТЕ ВО БИТОЛА И БИТОЛСКО



Битола, 2020 година

**НИКОЛА В. ДИМИТРОВ**

# ГЕОГРАФИЈАТА И ГЕОГРАФИТЕ ВО БИТОЛА И БИТОЛСКО

**Проф. д-р Никола В. ДИМИТРОВ**

# ГЕОГРАФИЈАТА И ГЕОГРАФИТЕ ВО БИТОЛА И БИТОЛСКО

*(седум децении континуиран организиран развој на географската дејност и мисла)*

**Издавач**
проф. д-р Никола В. Димитров

**Рецензенти**
проф. д-р Благоја Маркоски
проф. д-р Цане Котески
м-р Мите Ристов

**Јазична редакција - лектура**
проф. д-р Трајко Огненовски

**Компјутерска и техничка обработка**
авторот

**Дизајн на корица**
авторот

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3/.5.091.2:91 (497.784)“1945/2020“
373.3/.5.011.3-051:91 (497.784)“1945/2020“

ДИМИТРОВ, Никола В.
Географијата и географите во Битола и Битолско / Никола В. Димитров. - Битола : Н. В. Димитров, 2020. – 145стр. : илустр. ; 29 см

Слика и белешка за авторот: стр. 145. - Библиографија: стр. 143-144. –
Содржи и: Прилог

ISBN 978-608-65616-6-6

а) Географија -- Настава -- Основно и средно образование-- Битола и Битолско -- 1945-2020
б)Географија -- Наставници -- Основно и средно образование -- Битола и Битолско -- 1945-2020
COBISS.MK-ID 51388933

**ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ**

# ГЕОГРАФИЈАТА И ГЕОГРАФИТЕ ВО БИТОЛА И БИТОЛСКО

**Битола, 2020 година**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Предговор ...........................................................................................7**

**I. ПОЧЕТОЦИ НА ГЕОГРАФИЈАТА И ГЕОГРАФСКИТЕ ЗАПИСИ ЗА ХЕРАКЛЕЈА ЛИНКЕСТИС И БИТОЛА................9**

1. Први географски записи за Хераклеја Линкестис и Битола ..........................9
2. Период на патописци ...........................................................................12

**II. ПОЈАВА НА ГЕОГРАФИЈАТА КАКО НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ И ПРВИТЕ ГЕОГРАФИ ВО БИТОЛА.......................18**

1. Појава на географијата како наставен предмет ...........................................18
2. Географијата и првите географи во Битола .................................................22

**III. РАЗВОЈ НА ГЕОГРАФИЈАТА И ГЕОГРАФСКАТА МИСЛА ВО БИТОЛА И БИТОЛСКО ОД 1945 ГОДИНАДО ДЕНЕС......25**

1. Географијата и географите (1945-1955) .......................................................25
2. Географијата во Учителска школа „Браќа Миладиновци“ (1946-1964)......29
3. Прва географска секција (1956-1968) ...........................................................31
4. Наставата по географија во Педагошката академија Битола (1964-1984)...33
5. Регионална географска секција, (1969-1977) ...............................................34
6. Географско здружение на општина Битола и Демир Хисар (1977–1983)...42
7. Здружение на географичарите (1983-2005) .................................................44
8. Регионално географско друштво „Геосфера“ (2005/06 - ) ..........................59

**Дискусија ..........................................................................................125**

**Прилози ............................................................................................130**

**Литература и други извори .................................................................143**

# Предговор

Монографијата „Географијата и географите во Битола и Битолско“ е резултат од повеќегодишно истражување. Целиот мој работен век од 33 години е посветен на географското образованието, и напоредно со тоа е истражувана појавата и развојот на географијата и географската мисла во Битола, битолско и пошироко*(се мисли на соседните општини Демир Хисар и Ресен)*.

Содржински материјалот во монографијата има три делаи дванаесет поглавја, со текстуални податоци хронолошки изнесени, поткрепени со голем број фотографии, неколку карти и табели:
-Прв дел, Почетоци на географијата и географските записи за Хераклеја Линкестис и Битола
-Втор дел, Појава на географијата како наставен предмет и првите географи во Битола
-Трет дел, Развој на географијата и географската мисла во Битола и битолско од 1945 година до денес.

Во првиот дел: Почетоци на географијата и географските записи за Хераклеја Линкестис и Битола, има две поглавја. Во првото, зборуваме за Почетоци на географијата, првите географски карти и споменувањето на Хераклеја Линкестис (претходницата на Битола). Во второто поглавје,Период на патописци, има повеќе географски описиза Битола забележани од патописците.
Во вториот дел:Појава на географијата како наставен предмет и првите географи во Битола, исто така има две поглавја. Во првото зборуваме за Појава на географијата како наставен предмет, а во второто за Географијата и првите географи во Битола. Овде се поместени податоци за географијата и првите географи кои работеле во Битола.
Во третиот дел: Развој на географијата и географската мисла во Битола и битолско од 1945 годинадо денес, е најобемен и има осум поглавја: Географијата и географите (1945-1955); Географијата во Учителска школа „Браќа Миладиновци“ (1946-1964); Прва географска секција (1956-1968); Наставата по географија во Педагошката академија Битола (1964-1984); Регионална географска секција, (1969-1977); Географско здружение на општина Битола и Демир Хисар (1977–1983); Здружение на географичарите(1983-2005) и последно поглавје Регионално географско друштво „Геосфера“ (2005-). Овој дел има хронолошки податоци за развојот на географската мисла, активностите на наставниците и професорите по географија и секако најважни биографски податоци за околу стотина наставници и професори, поткрепени со над четиристотини фотографии.

На крајот, книгата завршува со Дискусија, во која е резимиран развојот на географската мисла во Битола и битолско во последните седум децении или на приближно пет генерации географи.
Во делот Прилози, поместен е Преглед на сите основни и средни училишта со имиња на над сто седумдесетнаставниците и професори кои предавале во истите.

За комплетирање на книгата користевме соодветна литература и други извори - архивско истражување во архив Битола, персонални досиеја на вработени наставници и професори по географија во основни и средни училиштата и секако анкетните листови и интервјуата со пензионирани и активни наставници и професори по географија во Битола и битолско, Ресен и Демир Хисар, со членови на нивни семејства и поранешни ученици. На сите авторот им искажува искрена благодарност.

Благодарност до рецензентите проф. д-р Благоја Маркоски, проф. д-р Цане Котески и м-р Мите Ристов, и до сите колеги кои помогнаа во обликување на оваа уникатна книга која ги овековечува битолските трудољубиви географи.

**Книгата е посветена на колегите географи од Битола и битолско за нивниот придонес во ширење на географијата и географската мисла во образовниот процес на младите генерации.**

Авторот

# I. ПОЧЕТОЦИ НА ГЕОГРАФИЈАТА И ГЕОГРАФСКИТЕ ЗАПИСИ ЗАХЕРАКЛЕЈА И БИТОЛА

## 1. Први географски записи за Хераклеја Линкестис и Битола

Познато е дека Хераклеја Линкестис (претходница на Битола) како стратегиски пункт била изградена од страна на кралот Филип II Македонски кон средината на IV век пред н.е. Покасно, за време на римскиот период се развива како урбана – градска населба. (Ѓоргиевска, 2009; Димитров,1998)

За римскиот период на Хераклеја дознаваме и за тоа дека градот имал театар, убави палати со мозаици, терми, улици, водовод, а покасно станал и седиште на епископ со епископска палата. Дознаваме и тоа дека градот бил посетен и од страна на римскиот император Нерон, кој патувајќи од Рим за Атина попатно застанал во Лихнидос и во Хераклеја. Тука, во театарот на Хераклеја пред моногубројна публика рецитирал свои песни. (Ѓоргиевска, 2009; Димитров,1998)

Втор податок за Хераклеја датира од I век од новата ера, а ни го дава познатиот географ Страбон во стојата книга „Географија“ ја споменува Македонија, но и градовите Стоби, Скупи, Хераклеја, Лихнидос и други. (Ѓоргиевска, 2009)







Слика 1. **Филип II Македонски** Слика 2.**Нерон – римски император** Слика 3.**Страбон, географ**
(382 – 336 г. пр.н.е.) (37 – 68 г. н.е)(63 г. пр. н. е. – 23 г. н.е)

Хераклеја се споменува и во две познати карти од антиката и една од средниот век: Картата на римскиот катограф Помпониус Мела (нацртана во 43 г.н.е. во неа се споменува Македонија, Пела, Тесалоника, реката Аксиос, Хераклеја и уште неколку древни градови и планини), втора карта е Птоломеова (II век, Клаудиус Птоломеј 100-170 г., во која е внесена и Македонија и неколку градови, меѓу кои и Хераклеја).




Карта 1.Извадок од картата на Помпониус Мела (43 г.н.е.)заокружениот дел е Македонија
Romer, Frank E. (1998). *Pomponius Mela's Description of the World*. Ann Arbor: University of Michigan Press. ISBN 9780472084524.Стр.79 (177)




Карта 2.Птоломеева карта (II век, Клаудиус Птоломеј 100-170 година), заокружениот дел е Македонија.

Трета карта е Табула Појтингерова (нацртана во IV век, а пре цртана во XIII век, во која се внесени Македонија со многу географски обележја, градови, езера, реки, планини, и тоа: Охридско Езеро со Лихнид, Стоби, Антигона, Хераклеа, Вилазора, река Аксиос, Катлановска бања и друго).




Карта 3.Табула Појтингерова,нацртана во IV век, а прецртана во XIII век, заокружениот дел е Хераклеја.

Прв податок за Битола – денешниот официјален назив за градот, добиваме од Битолската плоча до 1015 година. Меѓутоа, прв географ кој ни дава податоци за Битола бил арапски патописец од 12 век, Абу Абдалах Мухамед ал-Идриси кој во книгата „Табула Рогериана“ позната како „Рошера II“од 1154 година, за Битола, но и за Охрид го забележал следното *„Потребни се два дена патување на исток за да се стигне од Ахрид (Охрид) до Бутели (Битола)...Бутели е необичен и убав град“.*



Карта 4. Абу Абдалах Мухамед ал-Идриси, „Табула Рогериана“од 1154 г., заокружениот дел е Македонија.

Пред турското владеење за името Битола се споменуваат и следните имиња: Обител, Монастир, Толи Манастир и др. (Димитров,1998)

## 2. Период на патописци

Битола во текот на турското владеење на повеќе места се споменува како важен геостратешки и трговски град. Така, податоци за Битола низ вековите добиваме од белешките на повеќе патописците кои во текот на Турското владеење за Битола и околината направиле убави географски описи. Дел од овие патописци по вокација биле географи или блиску до географијата (геолози, историчари, биолози, природонаучници и сл.). Први податоци за Битола, ни даваат Иван Каваза (1591 г.), па географот Хаџи Калфа (1650 г.), а особено впечатлив е описот на Евлија Челеби (1661 г.) кој забележал многу драгоцени податоци за градот и околината. (Матковски,1991)

Повеќе географски податоци за Битола добиваме од патописци кои поминале и престојувале во градот во XIX век. Имено, значителни описи за градот и околината (број на население, куќи, верски, стопански објекти и сл.) ни оставиле Ами Буе (1836 г.), Аугуст Гризебах (1939 г.), В. Григоријевиќ (1842/43 г.), Јозеф Милер (1943 г.), Едвард Лир (1848 г.),

Јохан Хан (1850 г.), Хенрих Барт (1862 г.), Е. Тимаев (1865 г.), М. Карлова (1868 г.) и многу други. (Матковски, 1992,1992а,2000,2001; Станинска,1999)

Географски и други описи за Битола и околината среќаваме и во извештаите на англиски, француски, руски, италијански и други конзули во Битола (пример: Џон А. Лонгворт 1852 г., Белег Де Бига 1856 г., М.А. Хитрово 1861-1864, Н. Скрабиним 1885 и сл.). (Матковски, 1992,1992а,2000; Димитров,1998)

Во текстот што следи ќе наведеме само дел од драгоцените патописни географски описи на лица кои по вокација биле географи, геолози или имале афинитети кон географијата и даваат пластични географски описи на Битола и околината.

Во контекст на ова е записот на **Иван Каваза**, секретар на венецијанецотпратеник **Лоренцо Бернард** кој на пат за Цариград се задржал во Битола 1591 година и за градот запишал прв краток географски опис и вели: ...„*Битола е мошне населено место, и како што велат има 1500 куќи од кои околу 200 се еврејски. Не е обиколен со ѕид и не е потчинет на санџакбегот бидејќи е лено на првиот везир...Има кадилак, изобилува со жито и тргува со восок, волна и кожа. Овде има добри Турци и е место со училиште. Одовде излегуваат доволен број луѓе способни да вршат судска служба и затоа ги праќаат како кадии во разни делови на Турското царство. Изобилува со вода и чешми. Низ градот тече голема река наречена Makofro (*изопачено име за Драгор) *за која велат дека зимно време поради дождовите, толку многу надојдува што ја поплавува околијата, носејќи големи разорни камења. Битола има безистен, убави џамии и каравансарај кој е добар за коњите, но е неудобен за луѓето*“. (стр. 298) (Матковски, 1991)



Слика 4. **Мустафа бен Абдула Хаџи Калфа или Катиб Челеби**

Втор краток географски опис за Битола, даден е од географот**Мустафа бен Абдула Хаџи Калфа или Катиб Челеби**-(1609-1657) а се однесува за периодот околу 1650 година. Имено, тој за Битола, го забележал краткиот исказа...„*Толи - Монастир* (Битола)...*Од планините течат многубројни води, со кои се залеваат градските предградија и полињата наоколу. Памукот е најпознатиот производ на овој град*“. (стр. 395) (Матковски, 1991)



Слика 5. **Евлија Челеби (Мехмед Зили)**

Познат е описот за Битола, даден од**Евлија Челеби (Мехмед Зили)**(1611-1682) кој бил најпознатиот турски патописец.Така, Битола ја посетил во 1661 година, и при тоа забележал описи за положбата на Шехерот Битола (Манастир) односно градот Битола – *Тој е голем град што се протега во пространото поле на падината од една планина, од десната и левата страна на една река, преку која се поминува преку десет дрвени и камени мостови....Во градот има 21 мало, со околу три илјади големи и мали куќи, приземни и на кат...има 40 џамии...900 продавници,...40 кафеани,...има 20 места каде што се прават теферичи и излети. Едното е од западната страна на градот, другото е на врвот на градот, а останатите се на други места...Ова место е украсено со 70 до 80 уметнички*

*изработени летни куќички, разновидни колиби и многу базени...Во овој град има 9 медреси, од кои најпозната е медресата Дулбенд – кадија.  Во градот има .многу одлични реторичари и говорници....кај нив ги има сите видови дилбер чочеци....Се состануваат по кафеании други извори на трач и нечистотија и таму се договараат. Потонати се во пороците, клеветите и азардните игри....Сега во овој град има 47 градби покриени со сино олово. Безистенот е исто така многу цврст...“*(стр. 424-426)(Матковски, 1991; Челебија, 2016)

Повеќе географски податоци за Битола добиваме од патописци кои поминале и престојувале во градот во XIX век. Имено, значителни описи за градот и околината дале Ами Буе, Аугуст Гризебах, Јозеф Милер, Едвард Лир, Јохан Хан, Хенрих Бирт и др.



Слика 6. **Ами Буе**

Патописните белешки на **Ами Буе**(1794-1881) (кој бил доктор по медицина, но се занимавал со геолошки истражувања) полни се со податоци од геологијата, минералогијата, географијата, орографијата, ботаниката, економијата, историјата, религијата, лингвистиката и од духовниот и социјалниот живот. Тој смета дека не може да се биде добар геолог ако не се биде добро упатен во географијата, физиката, метеорологијата, зоологијата, ботаниката и т.н. И не случајно Станинска – Поповска за Ами Буе подвлекува дека е „*меѓу малиот број пионери – географичари на овие области.*“ (стр. 248).Буе, во Битола престојувал <u>во 1836 година</u>, и за градот вели дека *„...би требало да има близу 40.000 души“,* понатаму дава податоци за жителите, куќите, за улиците, за пазарот „*Тука се собрани сите занаети, од месари, ресторанцији и продавачи на мраз, до златари и часовничари.*“ Интересно за Буе е тоа што е прв кој се искачил на Пелистер, односно на *Суа-Гора. „...потребни се 4 часа за да се дојде до теснецот каде што се наоѓа анот Дербенд* (нешто покасно претходница на лекувалиште и планинарски дом – подвлекол НВД) *и едно длабоко езеро со замрзната вода.*(станува збор за Големо Езеро–подвлекол НВД) *„...од гребенот глетката е убава, особено кон Битолската Рамнина и планините на југозапад...“* (стр. 243-246) (Матковски, 1992; Станинска – Поповска, 1999)



Слика 7. **Аугуст Гризебах**

Втор истражувач кој се искачил на Пелистер бил **Аугуст Гризебах**, (1814-1879) австриски ботаничар кој <u>во 1839 година</u> се качи на Бегова Чешма (1420 м.н.в.) и ја открил моликата (Pinus peuce). **Аугуст Гризебах** на **28 јуни 1939 г.** се искачил и на Ниџе и Кајмакчалан, на 29 јуни во 5 часот наутро пристигнал во Битола. Кој имал 36000 жители и 15 минариња. Во Битола остана до 1-ви јуни. На 02.јуни рано утрото заедно со Никола Стерју од Магарево и придружба од 11 лица, заминал и се искачил на Пелистер и го колекционирал македонскиот бор – молика. (ЈУ НП Пелистер, 2008; Христовски, 2011)



Слика 8. **Јозеф Милер**

Во 1843 година патописецот **Јозеф Милер**, (1802-1872) меѓу другото за Битола вели *„...Градот Толи-Монастир е поделен на конак, базар и градските квартови Марк, Димитри и Чифуд.* Јозеф дава опис на сите квартови.Така, *„Во квартот Димитри, седиштe на битолската индустрија, особено импонираат четири прекрасни, камени станбени згради. На југоисток од градот се наоѓаат предградијата Буквик и Залун, првото населено со градинари, а второто со ковачи, јажари, ткајачи итн...Меѓу базарот и конакот тече Драгор, преку кој води долг дрвен и покриен мост; безистенот опфаќа 80 бутици, сместени под еден шатор, додека бројот на дуќаните од втор и трет ред изнесува 2.100-2.150...Има многу приватни анови, кои фигурираат како деловни агенции за трговците на големо. – Базарот се затвора пред да настапи самракот; се затвораат јаките железни врати а стражата на базарот се грижи за исправноста на уличната полиција. Во квартот Димитри југозападно од базарот, опкружена со дебели ѕидови, сместена е воената болница која се состои од една еднокатна зграда...Меѓу приватните куќи што ги има 2.500 – 2.600, се истакнува прекрасно поставениот, едноставно и со многу вкус уредениот хотел на грчкиот вицеконзул и аптекар Лоренцо Пери.“* (стр. 555-557) (Матковски, 1992)



Слика 9. **Едвард Лир**

Од 1848 година датираат првите цртежи за Битола, а ги нацртал патописецот **Едвард Лир**. (1812-1888) Тој, како сликар, при престојот во Битола од четири дена, нацртал 4 цртежи. Според него, *„Битола има не помалку од 40 до 50 илјади жители...Ова место е со голема важност бидејќи располага со директниот влез од Илирија кон Македонија... ...атрактивноста и сјајот на Битола е доста значајна и ефектот посебно фрапира кога ќе се пристигне тука, како што направив јас...Природната убавина на Битола е голема. Градот е изграден на западниот брег од една благородна рамнина, обиколен со интересно обликувани ридови, во една долина формирана од две високи планини...Низ градот тече река, широка и мамлив порој, пресечен со многубројни мостови, повеќето дрвени, и на неколку од нив се гледаат редица од мали дуќанчиња што заедно формираат еден широк и покриен пазар...Отидовме во најголемиот и најдобриот ан на Битола, „Јени ан“ – пространа зграда, со двор од трите страни, полн со грчки трговци во сини туники или Албанци во бели мантили и натоварени коњи. За среќа добив соба од каде се гледаше оваа жива глетка. Овде мислев да останам два дена бидејќи немаше можност да видам поубаво место. Една чиста, бело обоена соба со стаклени прозорци и нови душеци го правеа целиот луксуз на оваа метропола.“* (стр. 656) (Матковски, 1992)



Слика 10-13.Четири цртежи на Битола насликани од англискиот патописец Едвард Лир од 1848 г.

За време на градбата на двете касарни Белата Касарна (1842) и Црвената Касарна (1848) во Битола доаѓаат странски воени и други лица (лекари и инжењери) со цел да направат реорганизација на Османлиската војска. Странците на турските офицери им пренесуваат и искуства од воено командување, артилерија, од географија, ориентација во просторот и слично. Обучените турски офицери дел од географското знаење го пренесуваат на војниците. Најдобри описи за градбата на касарните оставаат патописците: Јозеф Милер (1943 г.), Јохан Хан (1811-1869) (1850 г.).


Слика 14. **Едмунд Спенсер**

Друг патописец кој ја посетил Битола, и дава географски описи за градот, но и се искачил на Пелистер бил **Едмунд Спенсер**. (1813-1886) Имено, тој во 1850 годинаво Битола престојувал шест дена. *„Битола е седиштe на везири од Румелија и на двајца паши, цивилен и воен, а се зборува дека во неа живеат педесетина илјади (50.000) луѓе (стр.28)... Современите јавни згради, бараките за коњицата и пешадијата, болницата, палатата на везирот, како и оние на двајцата паши, и даваат на Битола европски изглед; додека пак огромниот базар, бројните џамии, тесните улици и дрвените куќи сите се потполно на Труците. Брзата река Монастир - су којашто низ различни ракавци, минува низ градот, придонесува многу кон убавината на градот; а бројните карвани од камили, мазги и коњи, коишто постојано поминуваат низ градот, претставува непобитен доказ*

*за трговските активности на населението. (стр.28)...Јас, исто така, имав задоволство да бидам во друштво на г-дин Боберти, Халил – ефенди и други двајца великодостојници од градот до едно езеро во планината, каде што снегот никогаш не се стопува, ниту при најголемите жештини во летниот период.... (стр.31)...На крајот, по напорно качување од речиси четири часа, се искачивме на врвот од една карпа, под којашто лежеше езерото, опколено од венец од планини, како да беа расфрлани од некое поместување на Земјината кора; во исто време можевме да уживаме во прекрасната глетка врз Битола и на нејзината прекрасна низина, којашто беше обиколена од еден планински венец, а клисурата водеше кон Солун, на Егејското Море. Езерото е мало и за него се вели дека е без дно, а толку е студено што, ако се стави рака, студот го зафаќа целото тело. Луѓето, коишто заболеле од грозница и слични болести, го користат езерото за закрепнување во текот на летниот период; а како што ми кажаа, успеваа да закрепнат за неколку недели; тие ја пијат водата и изведуваат ритуално миење. (стр.31) Наидовме на еден ан и кафеџилница, заедно со неколку времени колиби за сместување на инвалидите. Откако се разделивме од нашите кои се премислија да ја поминат ноќта во неудобниот ан, близу до езерото, за да не го скршат вратот при повторното враќање во Битола...“* (стр.32) (Матковски, 1992)



Трет патописец кој неколку дена престојувал во Битола и се искачил на Пелистер бил **Хенрих Барт**. (1821-1865) Имено, Барт се интересирал за географијата и историјата на Македонија и оставил многу значајни податоци. Во есента <u>1862 година</u> дошол во Битола и по неколку дена престој, по облачно, магливо и студено време се искачил наПелистер. Дава и описи за околните села и манастири. (Матковски (1992а)

Слика 15. **Хенрих Барт**

Патопис проследен со статистички, физички, географски и други податоци за Битола, е патописот на **Евгениј Тимаев** (1840- ?)<u>од 1865 година</u>. Имено, меѓу другото запишал дека *„во градот има една соборна црква...друга не толку голема црква...има и една католичка црква, од вкупно 25 џамии, 12 џамии се со минариња...има две хаври (синагоги), пет бањи, две големи касарни,...три барутни магацини и голема воена болница...“*Тимаев дава податоци и за училиштата во градот,и тоа за*„...турско воено училиште со 80 ученици, неколку други основни муслимански училишта, градско христијанско училиште со 1.500 ученици со наставен грчки јазик, женско училиште, во почетокот на своето несигурно постоење, во почетокот се наоѓа и неголемо бугарско училиште со 30 ученика, училиштето на римо-католичкото братство на Лазаристите со 50 ученици и на крајот протестантското училиште.“*(str.25-27)

Други патописци кои дале описи за Битола биле Олимпис Палинеану (1850), Едвард Ману (1856), Џузепе Антоанели (1858), Хенри Тозер (1865), Антонин Капустин (1865), М. Карлова (1868), Фридрих Хелвард (1877), Лоренц Бек (1877), Јанаки Стрезов (1880), Валентин Чирол (1880), Ламбертенци (1881)и други автори.(Матковски, 1992, 1992а, 2000)

Географски и други описи за Битола и околината среќаваме и во извештаите на англиски, француски, руски, италијански и други конзули во Битола (пример: Џон А. Лонгворт 1852 г., Белег Де Бига 1856 г., М.А. Хитрово 1861-1864, Н. Скрабиним 1885, Г.С. Блант 1897 г., Аугуст Крал 1897 г. и сл.). (Матковски, 1992,1992а, 2000; Димитров,1998).

# II. ПОЈАВА НА ГЕОГРАФИЈАТА КАКО НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ И ПРВИТЕ ГЕОГРАФИ ВО БИТОЛА

## 1.Појава на географијата како наставен предмет

Постојат показатели дека уште во време на XVI – XVII век имало во Битола училишта – турски и еврејски. Секако тие училишта биле повеќе наменети за верски потреби т.е. припремање на свештеници, како што било еврејското талмудско училиште. Тоа значи, дека географијата како наставен предмет во тоа време се уште не постоела.

Први показатели за појава на географијата како наставен предмет во обуката на офицерите, а потоа и на војниците среќаваме во период на градбата на турските две касарни Белата Касарна и Црвената Касарна. Офицерите кои биле во служба на Турската армија морале да ја познаваа географијата и историјата на Османската Империја. Така, тие покрај други предмети, морале да познаваат географија и историја.

Во Македонија од крајот на 50-тите години на XIX век географијата се изучува во училиштата како посебен предмет, со формулација на Политичка или Физичка географија. Така според, патописот на **Елија Џон Блант** (англичанка која 20 години живеела во Турција од 1858 до 1878 година), за образованието забележала многу податоци. Имено, таа споменува дека во Солун, (во женските и машките грчки училишта) во повисоките класови се изучува ***Геометриска географија***, а во Средните класови ***Политичка и физичка географија***. Додека пак, во ниските класови во сите поголеми градови се изучува ***Политичка географија, рачна работа и калиграфија***. Иста формулација на предметот географија има и во останатите поголеми градови во Македонија (Битола, Скопје, Кавала)(Матковски, 2001)



Слика 16. **Кузман Шапкарев**

Сепак, за нас важно е дека прв кој отпечатил учебник по географија на словенски јазик бил **Кузман Шапкарев** (1824-1909). Тој во 1868 година го отпечатил учебникот **„Кратко землеописание за малички детца“** Во учебникот биле поместени следните содржини: ***Земјата како небесно тело***, и содржини за ***Континенти****(Европа, Азија, Африка, Америка и Австралија)*.Кузман Шапкарев во 1873 година бил главен управител на сите битолски училишта. Тој веќе имаше подготвено седум учебници на старомакедонски јазик

Покрај на турски и еврејски јазик, во текот на XIX век се отвораат и училишта на други јазици грчки, словенско македонски кои се во прво време со верска намена. Додека пак, кон средината на XIX век аспирациите на соседите кон Македонија најпрво се изразени преку училиштата. Така, во Битола покрај турски, еврејски, се појавија грчки, романски, егзархиски (бугарски), српски, но и француски (католички), американски, албански и секако народни училишта на словенски јазик.

Во крајот на XIX и почетокот на XX век, во Битола работеле следните **турски училишта**: 2 идадија или средни училишта (од кое едно воено), 1 граѓанско – учителска школа, 1 харбије – виша воена школа, 2 руждија (прогимназии – нижи воени училишта), 1 исљахане - училиште за занаетчии, 1 нижо земјоделско училиште и 9 основни училишта.

Сите училишта во почетокот биле машки училишта, а при крајот на турското владеење во некои училишта имало и женски класови.

Особена важност имале воените училишта, и тоа Руждие – ниже воено училиште или воена прогимназија, Идадие – средно воено училиште или воена гимназија и Харбије – виша воена школа. Од наставниот кадар најпознат професор бил **Мехмед Тефик** професор по историја и истовремено автор на „Кратка историја на Битолскиот вилает“ отпечатена во Битола во 1911 година. Книга која покрај со историски факти изобилува и со многу географски податоци за Битола и вилаетот воопшто. Според, материјалот што е презентиран во книгата, може да се заклучи дека добро ја познавал географијата, и најверојатно покрај историја предавал и географија.

Школувањето во основните турски училишта траело шест години од кои првите две години биле припремни, налик на забавиште. Учениците биле примени од 5 годишна возраст а наставата била бесплатна. Во турската гимназија  (денешната зграда на Гимназијата „Јосип Броз – Тито“) наставата траела 7 години и се учеле ученици од целиот битолски вилает. Сите овие училишта по Балканските војни, престанале да работаат. Турците своите деца ги школувале во новооформените државни училишта во Битола како и во францускиот колеж. Во најголем број од училиштата како наставен предмет се изучувала географија. (Зборник, 1965, 3-7)

Во XVI – XVII век во Битола постоело и работело **еврејско талмудско училиште**. Во XIX век работеле три еврејски основни училиште со настава на шпански и хебрејски јазик, едно средно и едно женско училиште. По создавањето на кралството СХС еврејските деца, со мали исклучоци, ќе учат во државните училишта во градот а особено во француските училишта. Немаме сознание дали учениците учеле и географија.

Појавата на **грчки основни училишта** во Битола почнува од триесеттите години на XIX век. При крајот на XIX век во Битола имало 8 грчки основни училишта (од кои 4 женски), 2 прогимназии (од која една женска), 1 гимназија - средно училиште, и Грчка богословија. Во почетокот на XX век во грчката гимназија била оформена паралелка на средно трговско училиште.

По Балканските војни сите грчки училишта прекратиле со работа. Учениците од истите минале во новооформените државни училишта, а голем дел во француското училиште. Наставни предмети биле како и во останатите гимназии, само изучувањето на историјата, граматиката, книжевноста и географијата биле повеќе ориентирани на Грција. (Зборник, 1965, 7-12)

Прво **романско училиште** во Битола било отворено во 1864 година. Во текот на XIX век во Битола имало едно машко и едно женско основно училиште, една машка прогимназија, која покасно станала машка гимназија и посебна женска гимназија. Наставата во сите училишта се изведувала на романски јазик, но се изучувале и турскиот и францускиот јазик. Од другите наставни предмети видно место имале географија и историја, се разбира ориентирани на Романија. Романските училишта прекратиле да постојат во 1917/18 година.  (Зборник, 1965, 12-14)

**Католичката агитација на лазаристите** (француски мисионери) во Битола се почувствувала во првата половина или средината на XIX век. Кон крајот на XIX и почетокот на XX век во Битола имало едно машко и едно женско училиште. Машкото училиште работело во комбинирани одделенија т.е. во еден клас подготвителниот курс и елементарниот, а во друг клас среден и виш курс. Во женското училиште имало одделенија за најмали деца (еден вид на детска градинка), потоа забавиште и образовни одделенија.

Наставата се одвивала само на француски јазик. Во сите училишта се изучувала и географија како стандарден наставен предмет. Овие училишта први почнале со екскурзии за учениците.  Истите се изведувале до блиските села Лавци, Крстоар или Кисела Вода и тука учениците можеле да учат зошто се воделе дискусии или им се одговарало на прашањата. (Зборник, 1965, 14-18)

**Протестантски или американски училишта** во Битола се јавуваат околу 1878 година. Во учебната 1883/4 година имало две училишта – едно машко за ученици и едно женско за ученички. Наставата и учебниците биле на бугарски јазик Во пониските одделенија наставата се изведувала на бугарски јазик, а во повисоките одделенија на англиски јазик. Училиштата работеле се до 1916 година. (Зборник, 1965, 18)

Под влијание на црковните – манастирски оази на словенска писменост (Буковски, Слепченски, Крсторски, Лисолајски и другиманастири), во Битола, од почетокот на XIX век се јавиле слични **келијни народни училишта** каде учителствувале свештеници и наставата била на црковно - словенски јазик. Прво словенско училиште во Битола било отворено 1863 година.(Зборник, 1965, 19-25)

**Егзархиски (бугарски) училишта** во Битола се јавиле по 1870 година. При крајот на XIX и почетокот на XX век во градот постоеле 5 машки и едно женско основно училиште, едно забавиште, една машка и една женска гимназија. Наставата во сите се изведувала на бугарски јазик. Гимназиите биле уредени, и постоеле кабинети по зоологија, хемија, минералогија, физика и географија. Во текот на годината биле изведувани екскурзии до ближните излетнички места Кисела Вода, Крстоарски манастир, Буковски манастир и други места. Застапени биле скоро истите наставни предмети како и во другите гимназии, меѓу кои и наставниот предмет географија.(Зборник,1965,25-30). Во бугарските основни и средни училишта се изучувала општа историја и географија, и описна географија.(Зборник,1981)

Значајна книгапишувана при крајот на XIX век во која се зборува иза Битола е книгата на **Спиридон Гопчевич**, („Стара Србија и Македонија“, део I и део II, Београд, 1890 година), во која се споменуваат воена гимназија изградена во 1882 г., и градска гимназија изградена во 1884 година.



Слика 17.**Ѓорче Петров**

**Ѓорче Петров**, иако бил учител сепак напишал најповеќе книги со географска содржина во кои се даваат описи и за Битола. Од 1885 до 1895 година бил наставник во Битолската бугарска гимназија и предавал географија, бугарски и француски јазик, а еден период бил и училиштен инспектор и ги обиколувал Битола и селата во битолско. Во 1896 година, во Софија ја издава книгата ***„Материјали за изучување на Македонија“***. (обемна книга од 748 страни) Оваа книга е прва географска, од македонски автор во која се опишуваат Орографија на Македонија (планини и полиња во Скопско и Битолско, Источна Македонија (опис на планините, хидрографија - реките, топографија по области (кази), патиштата, областите, населението и друго на Македонија. Оваа книга била добро прифатени и од страна на бугарскиот воен министер, кој на Ѓорче му предлага стипендија и да предава картографија во Западна Европа, но Петров ова го одбива. Ѓорче Петров, со издавањето на оваа книга, со право може да го сметаме за прв учител географ кој напишал географска книга за Македонија.(Димитров, 2016)



Слика 18. **Дамјан Груев**

Друг македонски револуционер кој предавал географија бил **<u>Даме Груев</u>**, во 1898/99 и 1899/90 година станал учител во битолската егзархиска гимназија „Св. Кирил и Методиј“ и предавал географија и цртање. (Темелковски, 1983).Дамјан Груев беше и голем говорник, умерен, стабилен и со одбрани зборови и умееше да го убеди народот.

Голем број на географски описи за Македонија, за планини, реки, градови, села, население, стопанство и сл., дознаваме од спомените на многу наши револуционери. Особено пластични географски описи оставил **Никола Петров Русински**,кој бил офицер и во текот на својата воена наобразба зборува дека полагал испит по географија и историја. Во неговите Спомени има многу географски описи на селата од Битолско и пошироко. (Петров Русински, Спомени,1996).

Во периодот од 1894-1897 година **Васил Кнчов**(1862-1902, бугарски географ и политичар) бил главен училишен инспектор на егзархиските училишта во Македонија. Патувајќи како инспектор, собирал информации на терен за населените места, за етничкиот и религиозниот состав на населението. При неговите обиколки неколку пати престојувал во Битола. Покрај книгата „Македонија, етнографија и статистика“, издадена во 1900 година во Софија, напишал и статија за Битола, но и за други градови од Македонија. Географски и други описи за Битола и Македонија оставил и **Димитар Мишев Димитров**, со псевдоним**Бранков**, (*La Macedonie et sa Population Chretienne*, - Македонија и нејзиното христијанско население, 1905). Додека пак, првата „Карта Македонија“ во која се внесени етничките територии на Македонците ја изработил **Димитрија Чуповски** (1878-1940)во 1913 година. Во картата се внесени границите на етничките територии на Македонија, имињата на поголемите градови, реки, езера, планини, полиња, области и др.

Во најголем број од училиштата во Битола (основни, прогимназии и гимназии) покрај мајчин јазик, математика, историја, граматика, книжевност, како стандарден наставен предмет се изучувала и географија, се разбира ориентирана кон Турција, Грција, Бугарија, Србија, Романија, Франција, Америка и сл., односно во зависност од наставниот јазик кој бил водечки во училиштето. (Зборник, 1965).

Друг познат географ кој неколку пати престојувал во Битола и Битолскобил **Јован Цвииќ** (1865-1927, српски географ и политичар), и во неговите книги (Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије I-III,1906-1911 г.;Балканско Полуострово, 1918 г.; Геоморфологија I-II, 1924, 1926 г. и други) дава научни толкувања и описи за Македонија. Значајни описи за Битола и Македонија даваат и**Јован Хаџи Васиљевиќ**, (Град Битољ, Београд, 1911 г.), К. Н. Костиќ (Наши нови градови на југу, Београд, 1912 г.),Јевто Дедиер(Нова Србија, Београд, 1913 г.)и други автори од повеќе европски земји.

Прв кој отпечатил географски учебник на словенски јазик бил **Кузман Шапкарев** (1824-1909). Тој во 1868 година го отпечатил учебникот **„Кратко землеописание за малички детца“** Во учебникот биле поместени следните содржини: ***Земјата како небесно тело***, и содржини за ***Континенти****(Европа, Азија, Африка, Америка и Австралија)*.(Селмани, Андоновски, 1999).Кузман Шапкарев во 1873 година бил главен управител на сите битолски училишта. И веќе имал подготвено седум учебници на старомакедонски јазик.

**Српско училиште** во Битола е отворено во 1890 година. Нешто покасно во градот имало три основни училишта со наставен српски јазик и едно средно училиште - гимназија. Во виорот на Балканските војни дел од српските училишта биле затворени. Во 1914/15 година дел од училиштата повторно започнале со работа, но за кратко. Познат наставник кој во тоа време предавале географија во српската гимназија бил **Михајло Миладиновиќ**. Наредната учебна 1915/16 година прекратила гимназијата со работа зошто Битола бил превземен од бугарската армија. Повторно гимназијата со српски наставен јазик, започнала да работи во 1918 година во новосоздаденото кралство СХС. (Група автори, 1965).

Непосредно до 1915/16 г. во Битола работеле уште неколку српски училишта: више женско училиште, трговско училиште, и три нижи стручни училишта (општо занаетчиско - трговско училиште, ниже земјоделско и женско работничко училиште). (Група автори, 1965, 30-36). Најверојатно е дека во наведените училишта се изучувала и географија.

Во Битола во 1903 година се споменува едно основно **албанско училиште**. (Константинов, 1983, 323) Во кое најверојатно се изучувала и географија.

## 2. Географијата и првите географи во Битола

Во Битола во периодот од 1918 – 1941 година имало повеќе основни и средни гимназиски и стручни училишта. Битолската гимназија во декември 1918 година одново почнала со работа и ги прибрала оние ученици кои пред војната учеле во тогашните гимназии – српска, грчка, бугарска, романска и други.

За овој меѓу воен период (1918-1941) успеавме даги откриеме имињата на 7 наставници кои предавале географија во основните и средните училишта (нижата и вишата гимназија, трговското и земјоделското училиште) а тоа се: Предраг Мицовиќ, проф. Часлав Стојадиновиќ, Зорица Владимировиќ, ? Радуновиќ, а во основните училишта се споменуваат Благој Масларов, Благој Хаманџиев и Сотир Саранди. (Зборник, 1965).

Според бројот на основни и средни училишта (5 основни и 3 средни) претпоставуваме дека во Битола имало уште 2-3 наставници кои предавале географија, но не неуспеавме да ги откривме нивните имиња.

Еден од поактивните географи бил професорот Часлав Стојадиновиќ (по потекло од Бела Црква, Србија) кој во Битола пристигнува во 1929/30 година и се вработува во Битолската Гимназија (денес „Јосип Броз Тито“). Во гимназијата предавал полни десет години (до 1940/41) и тоа во вишите класови, и реализирал настава по наставните предмети географија, геологија и минералогија. Географија предавал и во трговското училиште и во Работничкиот универзитет. Како активен планинар во два мандати бил претседател на подружница на „Српско планинарско и туристичко друштво“ од Белград (1936-1941), (Стерјовски, 108) долги години бил надзорник на феријалците, извидниците– скаути,а се занимавал и со аеромоделарство. (Зборник,1965,37-54).Часлав, наставата по географија во гимназијата ја осовременил со разни нагледни средства. Така, во кабинетот за наставата по географија, геологија и минералогија, имало географска збирка на: ѕидни карти, глобуси, кипови на човечки раси, слики, релјефна карта на Европа, еден епидијаскоп и сл., а во минералошко - геолошка збирка примероци на минерали, кристали, табли од картон со примероци на минерални фосили и стени, слики во боја, геолошка карта и др. Освен овие, постоела и една многу убава збирка на минерали од Урал и поважните стени од Пелистер. Сите биле подарок од Министерството за просвета, како и останатите збирки. Меѓутоа, со залагањето на наставникот по геологија и географија Часлав Стојадиновиќ,

Минералошко – геолошката збирка прилично се збогатила со прибирањето на минерали, стени, руди од Бабуна, Плетвар, Бистра, Галичица, Кајмакчалан, Трепча, Кратовско, Мариово и Валандово, во вкупен број 69 примероци. (Зборник,1965,53-54) Во Гимназијата имало стег на извидници и планинки (скаути) кои биле организирани во чети, а ученичките во кола. И едните и другите се делеле на видови кои имале посебни имиња како: „Орел", „Волк", „Елен" или „Роза", „Темјанушка", „Крин" итн. Оваа организација, била основана во 1924 година, во која членувале и професори, имала за цел да всади љубов кај учениците кон природните убавини на околината и воопшто земјата. Летото скаутите од Гимназијата, обично, го минувале во излети и логорување. Така, логорувањето во 1935 година било на Охридското Езеро, 1936 на Преспанското Езеро – Стење. Исто така, во Гимназијата имало и Придружница на феријалците од 30 ученици. Имала своја управа составена од ученици, а како надзорен наставник долги години бил Часлав Стојадиновиќ. (Зборник, 1965, 65-66) Во функција на наставата биле и еднодневните и полудневните екскурзии кои се изведувале до месноста Св. Недела, селото Дихово, местото Крива Воденица, до село Лавци, Брусник, Хераклеја, Кисела Вода, Сива Вода, до село Стење и Коњско, до Пелистер и други места.




Слика 19-20. **Часлав Стојадиновиќ**

**Часлав Стојадинови**ќ, (1904-1986) Роден на 12 јануари 1904 година во Бела Црква, Србија. Завршил филозофски факултет во Белград. По завршувањето на факултетот бил распореден во Битолската гимназија. Во Битола како професор во гимназијата доаѓа 1929/30 година. Во текот на работата во Битолската гимназија (1929-1941), предавал во нижите и вишите класови и од страна на учениците е забележан како „блага душа" кој на учениците им помагал и ги водел на излет, екскурзија и терен по река Драгор, на Пелистер, Тумбе Кафе, низ Битола, околните села, по река Шемница, Црна Река, Пелагонија, Преспа и други места. Во теренските истражувања на професорите П.С. Јовановиќ, Воислав С. Радовановиќ и други кои ги испитувал Пелистер, Пелагонија и сл. повеќе пати ги придржувал Часлав. Во Гимназијата изработил повеќе нагледни средства, а набавил и нагледни средства од Министерството за просвета, но и од Германија (слики, постери, мали карпи и сл.). Покрај географија предавал геологија и минералогија. За нагледност во наставата собрал разновидни карпи од Пелистер, Бабуна, Галичица, Ниџе, Мариово, Кратово и пошироко, при што комплетирал петрографска збирка од 69 примероци (збирката и денес се чува во Гимназијата). Настава држел и во Работничкиот универзитет во Битола. Како географ и природњак, бил претседател на подружница на „Српско планинарско и туристичко друштво" од Београд, член на аероклубот „Наша крила"во Битола (раководи со моделарската секција). Во Гимназијата формирал и раководел со Придружница на феријалците со над 30 ученици. За време на Втората светска војна морал да ја напушти Битола. Во периодот од 1941 до 1945 година бил во Ниш - Србија и предавал во Нишката гимназија. Во периодот од 1945-1949 година се преселува во Зрењанин во Војводина. Работи како професор, а бил ангажиран и на проектот Дунав – Тиса – Дунав. Во учебната 1948/49 година доаѓа во Скопје, на Филозофскиот факултет за предавач по географија. Покасно на катедрата по географија го предавал предметот геоморфологија се до пензионирањето во 1970 година, и стигнал во звање вонреден професор. Како професор на ФФ, покасно на ПМФ – Географски факултет, објавил околу 20 трудови, од кои 5 се поврзани со Битола, Пелистер и Пелагонија. Од 1949 до 1970 година предавал геоморфологија, бил член во првиот Управен одбор на МГД, и тоа како библиотекар. Бил и претседател на МГД во периодот 1957-1961 г., член на Надзорен одбор, претседател на секција за физичка географија, член на редакциски одбор на годишен зборник и сл. На VIII[от] Конгрес на географите на СФРЈ во Македонија од 9. IX до 14.IX.1968 година, одржан во Скопје бил член на Надзорниот и организациониот одбор до Осмиот конгрес. На истиот Конгрес бил претседател на секцијата за физичка географија, негов заменик бил проф. д-р Томислав Ракичевиќ, а секретар проф. Владимир Точковски. Професорот Часлав Стојадиновиќ бил член на редакциски одбор на Годишен зборник, на Географски институт при Природно-математички факултет на Универзитетот – Скопје. Умира во 1986 година во Скопје.

Во гимназијата покрај Часлав Стојадиновиќ, географија предавал и Предраг Р. Маџовиќ на нижите класови, а потоа Зорица Владимировиќ и Радуновиќ ? на вишите.

Значајни описи за Битола за периодот меѓу двете светски војни ни остава **Теодосии А. Робев**, (1931): Занатлиство у Битољу (развитак, узроци опадања и мере за негово одржавање и напредак), Битољ; **Младеновиќ, Д. Атанасие** (1937): Битољ и околина, Београд; **Робевиќ, Коста** (1940): Битољ као културно-просветно средиште у прошлости и сада. Битољ, 31.децембар 1940 (ракопис - сопственост на Историски архив во Битола) и др.

За периодот за време на Втората светска војна (1941-1944) ги пронајдовме имињата на седум наставници кои предавале географија. Така, во Гимназијата предавал Ѓорѓи Елим или Елимов. Во другите средни и основни училишта наставниците кои предавале географија биле: Љуба Андреева (во основно училиште„Отец Пасиј“, денес ОУ „Гоце Делчев“), Смилков ?, Николов ?, Благој Масларов (г-и), Марија Антонова (и-г), Благој Хаманџиев (и-г) и Сотир Саранди.



Слика 21. **Ѓорѓи Елим**

**Ѓорѓи Елим**(1906-1978) по потекло би од Прилеп. Дипломирал на групата историско – географски науки во 1933 година, а професорскиот испит го положил во 1939 година. Од 1939 година до 1941 година работел во Ресен, потоа во гимназијата во Битола. Нешто подоцна е преместен и поголем дел од Втората светска војна работи во Асеновград во Бугарија. По втората светска војна работи во Прилеп, Гевгелија, Штип и Охрид, а од 1954 година се до пензионирањето работи во гимназијата во Прилеп.

Значајни описи за Битола за време на втората светска војна ни остава **Теодосии А. Робев**,(**Робев, Т. А.,**Битоља, Македонски преглед, Софија, 1942; **Робев, Т. А.,**Битоља, Стопански очерк, Софија, 1943)

# III. РАЗВОЈ НА ГЕОГРАФИЈАТА И ГЕОГРАФСКАТА МИСЛА ВО БИТОЛА И БИТОЛСКО ОД 1945 ГОДИНА НАВАМУ

## 1. Географијата и географите (1945-1955)

Во текот на месец декември во 1944 година во ослободена Македонија започнува настава на современ македонски јазик во сите основни и средни училишта. Во сите училишта од месец Март 1945 година доставен бил првиот Наставен план добиен од Министерството за просвета на Македонија (Служен весникбр. 88 од 15.03.1945). Според овој план географија се изучувала во III и IV одделение, и тоа во двете години се изучувала Географија на Македонија. (Монографија, 1984 и Зборник, 1990)

Во учебна 1945/46 година професори по географија во Гимназијата„Гоце Делчев“, една година подоцна со ново име „Јосип Броз Тито“, биле Адријана Улчар (која оди во Скопје, каде била и претседател на МГД, 1969-1973), мал период бил Живко Стојковски па Панче Кироски (краток период бил професор, дипломирал 1948 г., потоа оди во Скопје, и во периодот 1965-1069 бил претседател на МГД), други наставници кои предавале географија биле: Ангелина Ташкова (1946-1947 истовремено била и директор на ЈБТ,краток период предавала географија), Славка Тромбева (краток период предавала географија). Исто така, како наставници – со полу више се споменуваат и Благој Масларов (1946/47), Благој Хаманџиев (1946/47), Велјан Петров Даскаловски (1946/47), Сотир Саранди (1946/47), Борислав Александров Христовски (1946/47), Ратка Митрева (1946-1948), краток период бил Трајан Делов, Иван Групче и Димче Стефановски (1948/49). (Монографија ЈБТ, 1995)

Во педесеттите и шеесеттите години во Гимназијата се споменуваат 14 професори, и тоа: Димче Стефановски (со прекини 1948-1964), Горица Тодоровска Шољаковска (1953-1971), Велимир Јефрем Костовски (1954-1965), Љупка Георгиева (краток период), Душан Николовски (краток период), па Томе Димитар Бундевски (1955-1995 г.), Весела Алексо Трајкова Бундевска (1956-1996), Владимир Иван Точковски (1960-1965), Вера Коте Талева Лајчарева (1958/59), Васил Ристов Лубаровски (1959-61), Стеван Божин Божиновски (1965-2000, целиот период дополнувал часови), Елена Џандарова Вељковиќ (краток период), Милорад Тома Стефановски (1965-2002, целиот период дополнувал часови), Билјана Ставрева и Никола Стефановски (краток период).

За истиот период се споменуваат 6 професори кои предавале во средните училишта Економско и Земјоделско. Во економското училиште „Јане Сандански“ географија предавале: Андон Кузе Стојчев (од 1955 до пензионирање во 1989 г.), Елена Џандарова Вељковиќ (од 1968 до пензионирање во 2006 г.) и Петар Цветан Гроздановски. Во Земјоделското училиште „Борис Кидриќ“ покасно именувано „Кузман Шапкарев“, географија педавале: Милан Д. Мицовиќ, Милан Ј. Мицевски и Милорад Тома Стефановиќ (од 1965 до пензионирање во 2002 г.).

Професори и наставници кои предавале во основните училишта во Битола и битолско во првите дведецении по војната (односно од 1945 година до крајот на 60-тите години) биле околу 40 (38) и тоа: Сотир Саранди, Андромаха Ристо Петрова Стерјова (за професор дипломирала 1954 г.), Блага Сазданова, Хрисанта Јосиф Филева Кузмановска (за

професор дипломирала 1955 г.), Јордан Трпков, Симон Вено Чоловски (за професор дипломирал 1961 г.), Методија Ванчо Цветковски (за професор дипломирал 1961 г.), Анастас Стојановски (Таше), Атанас Мите Митревски (за професор дипломирал 1966 г.), Виолета Чаталова, Петар Цветан Гроздановски (за професор дипломирал 1966 г.), Вангел Иван Боцевски (за професор дипломирал 1967 г.), Радиша Јанков (за професор дипломирал 1967 г.), Димитар Ристевски, Лена Лазарева, Васка Лазарева, Борис Петревски, Александар Цветковски, Славко Стефан Митревски (за професор дипломирал 1969 г.), Драги Димитровски, Васил Кузмановски, Крсте Томулевски, Глигур Цветан Талевски, Ѓорѓи Димитровски, Мирјана Трајчевска, Борис Ѓешовски, Крсте Масалковски, Спиро Ѓоревски, Радиша Петре Јанков, Тодор Костовски, Томе Таше Андоновски (за професор дипломирал 1964 г.), Фејзула Амза Абдуалаи (за професор дипломирал 1968 г.), Лилјана Танковска, Алексо Бакревски, Петре Трајковски, Томе Филевски, Симеон Петров, Ризанко Стојановски, Риза Стојановска, Александар Димовски и други.



Слика 22. **Сотир Саранди**

**Сотир Саранди** (1900-1982). Роден 1900 г. во Битола. Меѓу првите географи во Битола. Пред Втората светска војна во Битола предавал географија и други наставни предмети во неколку основни училишта.Во 1946 г., го завршил курсот по географија и историја. Завршил Учителска Школа веднаш по војната. Предавал во гимназија „Јосип Броз Тито“ (1944/45) и во ОУ „Гоце Делчев“.Учествува во формирањето на Географската секција во Битола, во 1956 г., и бил мошне активен член. Бил еден од постарите и мошне активни членови на Сојузот на географските здруженија на Република Македонија и заради во 1974 г. добил Благодарница. Се пензионира 1970 г., но и како пензионер бил активен во географијата. Во 1976 г., добитник е на наградата „Кирил и Методиј“ на просветни работници од Општина Битола. Учествувал како гостин на II конгрес на географите од СФРЈ во Скопје во 1951 година. Од 1950 до 1952 година бил директор на нижата гимназија „Стив Наумов“ – Битола. Во ОУ „Гоце Делчев“ работел од 1952/53 па до пензионирањето во 1970 г. Почина во 1982 година.



Слика 23. **Горица Шољакова Тодоровска**

**Горица ШољаковаТодоровска** (1904-1969). Родена во Куманово во 1904 г. Дипломирала географија на филозофскиот факултет во Скопје во 1931 година. Се вработила во 1934 година како суплент во Бела Црква, а потоа во Сента, Србија. Во 1941 година, работи како професор во гимназијата во Куманово, а потоа е преместена во Мало Трново, Бугарија. Се враќа во Куманово во 1942 година каде работи се до 1946 година. Потоа е професор во гимназијата во Прилеп, а од учебна 1947 година до пензионирањето во 1966 година работи во гимназијата „Јосип Броз Тито“Битола. Долги години била раководител на кабинетот по географија.



Слика 24. **Димче Александар Стефанов**

**Димче Александар Стефанов** (1917-1971). Роден во Битола на 24.09.1917 г. Во 1937 година завршил гимназија во Битола. На служба како административен службеник при школското надзорништво во Битола, а од септември 1939 година до септември 1941 година бил питомец на Воената офицерска академија во Белград а подоцна и воен пленик. Бил учесник во НОБ. Во 1946 година го завршил курсот по историја и географија, а во 1954 година дипломирал на Филозофски Факултет студии погеографија. Наставната дејност ја започнува во октомври 1945 година во гимназијата „Гоце Делчев“ подоцна „Јосип Броз Тито“ во Битола и предава географија. Од 1948 година е преместен во Учителска школа „Браќа Миладиновци“ во Битола (1948/49-1963/64), а со нејзиното укинување е професор во гимназијата „Браќа Миладиновци“ во Битола (1964-1971). Бил мошне активен во МГД, а особено во географската секција во Битола, формирана во 1956 година. Бил еден од постарите и мошне активни членови на Сојузот на географските здруженија на Република Македонија. Учествува на II Конгрес на географите на Југославија во

Скопје во 1951 година. Добитник е на Благодарница од Македонското географско друштво во 1969 година. Во 1962 година во Научно друштво – Битола, објавил научно – стручен труд во списанието на „Прилози“ бр. 2, со наслов „Трново и Магарево“. Умирана 54 годишна возраст.



Слика 25. Велимир Јеврем Костовски

**Велимир Јеврем Костовски -** „Вецко“ (1922-1984). Роден 23.06.1922 г. во с. Девич, Македонски Брод.Учесник во НОБ. Гимназија завршил во Прилеп. ПМФ - ФФ група географија – геологија (спелеологија) дипломира на 01.07.1950 година, односно бил студент на првата генерација по ослободувањето. По завршувањето на факултетот, се вработил како професор по географија во гимназијата „Кочо Рацин“ во Велес, до 1954 година. Во Битола се вработил во гимназијата „Јосип Броз Тито“ (1954/55-1963/64), а напоредно предавања држел во Учителската школа „Браќа Миладиновци“ – Битола (каде формирал и географска секција), Виша техничка школа – Битола и Работнички Универзитет Битола. Во периодот од 1958/59 година бил назначен за околиски просветен инспектор по предметна настава при Секретаријатот за просвета и култура на Народниот одбор на Битолската околија, каде останал 4 години. Учествува во формирањето на Географската секција во Битола, во 1956 г., и бил назначен за раководител. Во 1969 година учествувал во формирањето на Регионалната географска секција која ги опфаќа членовите од битолско, прилепско, крушевско и демирхисарско и бил нејзин секретар и благајник.Подоцна, во 1977 година учествувал и во формирање на Географското здружение на Општина Битола и Демир Хисар, на кое бил повеќегодишенсекретар. Бил еден од постарите и мошне активни членови на Сојузот на географските здруженија на Република Македонија. Од 1964 година до неговата смрт бил професор на Педагошка Академија. Во Педагошката академија предавал: физичка географија, математичка географија со картографија, социоекономска географија и методика на наставата по географија. Објавил над 25 трудовиво списанија („Географски видик“, „Географски хоризонт“, „Земља и људи“, „Прилози“, „Географски разгледи“ и „Просветен работник“) и зборници, од кои повеќето за Битола, Железник - Демир Хисар и Пелагонија. Професорот Вецко се занимавал и со метеорологијата, и долги години го следел времето во Битола, а особено врнежите. За таа цел, на покривот од педагошката академија имал поставено водомер, од кој постојано се мерел водениот талог, а за мерењето да биде редовно ангажирал и студенти. Податоците ги анализирал и објавил два научно - стручни труда: „Некои климатски показатели на Битола и потесната околина“ и „Некои климатски показатели за јужниот дел од Пелагонија“.Проф. Вецко, беше вљубен во географијата, беше познат и како учебникар, напишал 4 учебници и читанки по географија за 6 и 7 одделение, и за втора година гимназија, во издание на „Просветно дело“. Сите овие учебници доживеале повеќе изданија и се користеле повеќе од 20 години. Во „Просветен работник“ – Скопје, објавил повеќе написи поврзани со наставата по географија. Бил еден од иницијаторите за формирање на Друштвото за наука и уметност во Битола, и член до крајот на својот живот. Бил уредник и автор на бројни написи за неделната емисија за радио Битола „Да ги запознаеме другите земји“, а објавил и написи и во Битолски весник. Повеќе години беше член на Управниот одбор на Народна техника Битола, член на Претседателство на географското друштво во Скопје, а беше и член на комисија на разни натпревари по географија. Покрај со географија се занимавал и со астрономија, метеорологија, спелеологија, планинарење, а бил и дописник на „Политика“ во периодот од 1965 до 1980 година со прекини. Вецко ги проучуваше пештерите и јамите во Демир Хисар. Пишувал разни текстови за Битола и Македонија во целина.Како делегат на Сојузот на географи учествувал на неколку конгреси на географите од Југославија, а учествувал и со реферати на неколку републички симпозиуми од областа на географската наука. Добитник е на повеќе награди, благодарници, признанија (4 Ноемвриска награда добиена од Собранието на Општина Битола за 1972 година, а од Сојузот на географските здруженија на СР Македонија во 1974 година добива Благодарница, а од Друштвото за наука и уметност Битола добива признание во 1980 година) и сл. Во 1973 година бил одликуван со Орден на трудот со сребрен венец. Костовски ја подготвуваше својата докторска дисертација за областа Демир Хисар, но прераната смрт на 22.01.1984 година го спречи во реализација на неговата животна желба. Велимир Костовски – Вецко, беше професор со високи човечки вредности, скромен, чесен, вреден, добар работник, стручен и методски добро подготвен, со значителна енергија и неуморен темперамент, со богато педагошко искуство во воспитно образовната работа, лик што остави трајни вредности меѓу неговите ученици и студенти како вреден учител и воспитувач.

Слика 26. **Владимир Иван Точковски**



**Владимир Иван Точковски –** „Точко“ (1925-1994). Роден 17.05.1925 г. во Струга. Основно образование завршил во с. Кадино и Могила – Битолско, а средно во Битола. На Филозофскиот факултет во Скопје дипломира на Групата географија на 07.05.1954 година. Работи на повеќе работни места и тоа како наставник, професор и директор на основно и средно училиште. Во еден период (1965 г.) бил и директор во гимназијата „Јосип Броз Тито“. Како редовен професор по географија работи во Педагошка академија – Битола, Вишата туристичка школа во Охрид, а потоа и како надворешен соработник во Факултетот за туризам – Охрид. Во Педагошката академија предавал: Регионална географија на Европа и Регионална географија на СФР Југославија. Од 1960 година е редовен член на ДНУБ, и во Друштвото извршувал повеќе функции: секретар на ДНУБ од 1963 до 1965 г., главен и одговорен уредник на научната периодика од 1963 до 1966 година, односно од 1985 до 1990 година и понатаму се до неговата смрт. Учествува во формирањето на Географската секција во Битола, во 1956 г. Во 1969 година учествува во формирањето на Регионалната географска секција која ги опфаќа членовите од битолско, прилепско, крушевско и демирхисарско, и бил нејзин претседател. Во 1977 година учествувал во формирањето на Географското здружение на Општина Битола и Демир Хисар во Битола и бил претседателдо 1981 година. Беше еден од постарите и мошне активни членови на Сојузот на географските здруженија на Република Македонија. Се занимавал и со научно - истражувачка работа од областа на географијата објавувајќи дваесеттина трудови во списанија („Географски видик“ и Географски разгледи“) и зборници. Објавил повеќе трудови од кои се зборува за Битола и Битолско. Владимир Точковски беше мошне активна личност во разни општествени и стручни организации. Особено треба да се спомене неговата активност во Сојузот на географските здруженија на Р. Македонија и тоа уште од неговото основање. При што повеќе пати бил биран за член во претседателството и во разни комисии. Како делегат на Сојузот учествувал на неколку конгреси на географите од Југославија, како и на повеќе републички симпозиуми и собири од областа на географската наука. За неговата работа добил повеќе благодарници (од МГД во 1974 г.), плакети и други награди (Орден на трудот со сребрен венец – 1973, сребрена плакета од стрелачкиот сојуз на Македонија – 1975, плакета од Сојузот на физичка култура – Битола, плакета од ДНУ-Битола, плакета од гимназијата „Јосип Броз Тито“ – Битола, и многу други признанија, благодарници, дипломи и сл.. Беше човек со високи квалитети, скромен, вреден, чесен, стручно и методски добро подготвен, со богато педагошко искуство. Точковски е првиот доктор на географски науки во Битола, докторирал во 1983 година на ПМФ – Скопје. Тема на докторската дисертација: „Структурални промени на населението и просторно територијален и функционален развој на населбите во Пелагонија (Битолско - Прилепско Поле)“, одбранета во 1983 година. Умира во 1994 година во Битола.

**Панче Димитар Кироски**, Завршил ФФ – географија, 01.04.1948 година. Во еден краток период предавал географија во Гимназијата „Јосип Броз Тито“ – Тито, Битола, а потоа оди во Скопје. Во Скопје станува универзитетски професор на Економски факултет.
**Вера Коте Лајчарева Талева**, На 10.10.1951 г. завршила ФФ – географија во Скопје. Предавала географија во Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола.
**Андромаха Ристо Перова**, Завршила ФФ – географија на 29.09.1954 година. Географија предавала во ОУ „Гоце Делчев“ Битола.
**Живко Стојковски**, Предавал географија во Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола.
**Ангелина Ташкова**, Предавала географија во Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола.
**Благој Масларов**, Предавал географија во Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола.
**Благој Хаманџиев**, Предавал географија во Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола.
**Трајан Делов**, Краток период предавал географија во Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола.
**Велјан Даскалов**, Предавал географија во Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола.
**Љупка Георгиева**, Предавала географија во Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола.
**Душан Николовски**, Предавал географија во Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола.



Слика 27-28.Професорот Велимир Костовски со своите ученици пред влезот на гимназија„Јосип Броз–Тито“

**2. Географијата во Учителска школа „Браќа Миладиновци“(1946-1964)**

Важен податок за образованието во Битола и Битолско е појавата на школата за народни учители во Битола. Имено, Учителската школа во Битола била формирана во 1946/47 година и истата работела до 1963/64 година, значи полни 17 години. Покрај во Битола учителска школа имало и во Скопје и Штип.

Во оваа, Битолска учителска школа можеле да се запишуваат ученици – студенти од подрачјето на Битола и битолско, потоа од Прилеп и прилепско, Крушево и крушевско, Македонски Брод, Кичево и кичевско, Преспа, Охрид и охридско, Струга и струшко, Дебар, Тиквешијата и Гевгелија. (Зборник на трудови, 2015)

Наставници – професори ангажирани во Учителска Школа кои предавале географија и историја, биле: Рада Митрева, предавала историја и географија (1946-1948), Трајан Делов, краток период (1948), Иван Групче, краток период, Димче Стефановски (1948/49-1964) и Велимир Костовски (1954-1964 година со прекини).

Во Учителската Школа – Битола, под раководство на професорот Велимир Костовски работеше повеќе години географска секција. Учениците–студентите по негов избор пишуваа текстови во кои даваа опис за селата, географијата на околниот простор и поблиското минато. Членовите текстови ги презентираа пред другите колеги и професорот.

Важна активност на географите од Битола и битолско во тој период е учество на II Конгрес на географите од СФРЈ, кој во 1951 година се одржал во Скопје. Од истражувањето добивме податок дека на Конгресот, географи од Битола кои како гости присуствувале биле Димче Стефановски и Сотир Саранди.

Голем дел од учителите кои ја завршиле учителската школа, покасно со формирањето на Педагошката академија во Битола се запишале и завршиле двопредметни студии по историја и географија, така што дел ги предавале двата предмета а имало и наставници кои предавале само географија или само историја.

Наставници кои редовно или вонредно ја завршиле педагошката академија во Битола и во Скопје биле следните лица: Никола Дамјаноски, Димитар Ристевски, Тодор Костовски, Борис Стојановски, Манте Стаматов, Милица Ѓоршева, Блага Сазданова, Симеон Петров, Сотир Стојановски, Лилјана Танковска, Алексо Бакревски, Фејзула Абдулаи, Петре Трајковски, Ризанко Стојановски, Риза Стојановска, Александар Цветковски, Васка Лазарева, Раде Лутовски, Славка Филиповска Димевска, Василие

Аневски, Лена Лазарева, Васил Кузмановски, Крсте Томулевски, Александар Димовски, Глигур Талевски, Борис Ќешовски, Крсте Масалковски Спиро Ѓоревски, Борис Богдановски, Иван Дејановски, Ѓорѓи Димитровски, Мирјана Трајчевска и др.



Слика 29. Професорот Велимир Костовски со студенти од учителската школа во Битола.



Слика30. Велимир Костовски и Владимир Точковски заедно со Митко Панов, Миливој Гашевски и други на конференција на географите во Охрид.

## 3. Прва географска секција во Битола (1956–1968)

Важен настан за географијата и развој на географската мисла во Битола, е формирањето на  првата географска секција во 1956 година. Имено, тоа е заслуга на следните професори и наставници: Велимир Костовски, Димче Стефановски, Владимир Точковски, Андон Кузе Стојчев, Томе Бундевски и Горица Шолјакова.

Поттик за формирање на оваа секција има Географското друштво на НР Македонија (*формирано 29.11.1949 г. во слушална на географската група на тогашниот Филозофски факултет во Скопје*) кое неколку години покасно се именува како Географско друштво на СР Македонија (денес Македонско географско друштво). Имено, професорите на Институтот за географија (1958-1976) при Филозофскиот факултет, Атанасие Урошевиќ, Тодор Кондев, Гиго Милевски, Митко Панов, Часлав Стојадиновиќ и други, за афирмација и развој на географската наука низ Македонија ги поттикнале професорите и наставниците од Битола, кои биле членови на Македонското географско друштво, да формираат географска секција на друштвото во Битола. (Милески, 1968; Панов, 1974; Гашевски, 2001; Маркоски, 2005; Маџевиќ и др.,2008, Маркоски, 2019)

Така, според податоци - лична биографија на професорот Велимир Костовски, и од разговорот со неговата ќерка и син, го дознаваме следното: *„По доаѓањето од Велес, каде работеше во Велешката гимназија, татко ми,во Битола се вработува во гимназијата „Јосип Броз Тито“. Беше доста активен професор и многу сакан од учениците. По негова иницијатива во март 1956 година во Битола била формирана географска секција и беше нејзин раководител*(како дел на Географското друштво на НР Македонија од Скопје – подвлекол НВД). *Татко ми, покрај во гимназијата, географија предаваше и во Учителската школа, Работничкиот Универзитет, но и во други средни училишта. Од самиот почеток беше професор на Педагошка Академија – Битола се до неговата прерана смрт. Предаваше повеќе предмети, а во тоа време напиша повеќе научни трудови, неколку учебници и географски читанки. Повеќе години беше член на Управниот одбор на Народна техника Битола, член на Претседателство на географското друштво во Скопје, а беше и член на комисија на разни натпревари по географија. Покрај со географија се занимаваше со метеорологија, астрономија, спелеологија, планинарство и друго“.*

Од биографијата на професор Велимир, дознаваме дека на формирањето на секцијата, од Скопје биле присутни претседателот проф. Тодор Кондев и секретарот на Друштвото, проф. Гиго Милески, кои одржале предавање пред професорите и наставниците од Битола. Формирањето на секцијата било во гимназијата „Јосип Броз Тито“. Присуствувале околу петнаесет професори и наставници: Велимир Костовски, Димче Стефановски, Владимир Точковски, Андон Стојчев, Томе Бундевски, Весела Бундевска, Сотир Саранди, Александар Златевски, Горица Шолјакова, Ратка Митрева, Андромаха Стојчева-Стерјова, Блага Сазданова, Јордан Трпков и други. За раководител на секцијата бил избран професор Велимир Костовски – Вецко. (најверојатно раководител на секцијата останал до 1964/65 година, односно до неговото вработување во Педагошка Академија – Битола, подвлекол НВД).

Во 1961 година вакви секции се формираат во Прилеп, Кавадарци и Т. Велес, а подоцна во Штип, Куманово и Струмица. Битолската географска секција била значително поактивна во споредба со другите географски секции. Така што, дел од нив поради слабата

активност, слабата врска со Управниот одбор и недоволната заинтересираност на членовите, престанале да функционираат.

Соработката на секцијата од Битола со друштвото се одвивала релативно добро. Така, во текот на 1960 – 1964 година во секцијата како гости и предавачи доаѓаат професорите од Скопје, проф. Часлав Стојадиновиќ, Миливој Гашевски, Апостол Апостолов, Душан Манаковиќ, Митко Панов и други.

На VIII конгрес на географите од СФРЈ кој се одржал во Македонија од 09.09 до 14.09.1968 г. во Скопје, од Битола како гости присуствувале: Владимир Точковски (кој бил и Секретар на секција за физичка географија), Велимир Костовски и Јонче Најдовски. (Зборник, 1968)

Во разговорите со постарите колеги добив информација дека Географските секции имале свои раководители, но немале свои печати. Секциите зависеле од Географското друштво на СР Македонија. Членарината што ја собирале била за интерни потреби на секциите и купување на стручна литература.

### 4. Наставата по географија во Педагошка академија Битола (1964–1984)

Најважна улога во развојот на географијата и географската мисла во Битола и Битолско има формирањето на Педагошката академија во Битола и студиите по географија и историја. Улогата на ПА е непроценлива во формирање на наставнички кадар по географија и историја. Имено, за период од 1964 до 1989 година, односно за 25 години, на ПА – Битола дипломирале 393 наставници по историја игеографија, или по 15,7 наставника годишно. Бројот на студенти кои се запишувале просечно годишно се движел од 12 до 20 лица. Студиите траеле четири семестари или две години. На групата историја - географија, се предавале повеќе стручни наставни предмети од кои седум географски, и тоа: физичка географија, математичка географија со картографија, социоекономска географија, регионална географија I, регионална географија II, географија на СФР Југославија и методика на наставата по географија. (Монографија,ПФ,1974 и 2005)

На крајот од студиите се полагале предметите методика на настава по географија, а се реализирал и педагошки стаж, и тоа преку посета на наставни часови и одржување на наставни часови од страна на студените со ученици од основните училишта.

Професори во ПА,а по вокација географи, биле: Велимир Костовски и Владимир Точковски. По смртта на Велимир Костовски (во 1984 г.), до згаснувањето на ПА, на дополнителен работен однос доаѓа д-р Томе Батев од Педагошка академија во Штип.

Професорот Владимир Точковски е прв доктор по географија во Битола, докторирал на 11.01.1983 година на ПМФ – Факултет за географија, со тема: „Структурни промени на населението и просторно-територијален и функционален развој на населбите во Пелагонија (Битолско-Прилепско Поле)“. Додека пак, професор Велимир Костовски - Вецко поради смрт не успеал да го заврши својот докторат посветен за областа Демир Хисар. Сепак, професорот Вецко покрај одличен географ и учебникар, аматерски се занимавал со метеорологија, астрономија и спелеологија.

Во Педагошката академија теоретската настава на групата историја –географијасе реализирала во две предавални, еден кабинет, а професорите имале два кабинети. Додека пак, наставата на заедничките предмети со другите групи се одвивала во амфитеатарот. Со студенти се реализирала и теренска настава преку научни – екскурзии низ Македонија. Практичниот дел од Методика по географија се одвивала преку следење на неколку часови

кај наставници – професори ментори, а потоа секој студент требало да изработи планирање и да одржи неколку практични часови со ученици и пред комисија, составена од наставник ментор и предметниот професор Велимир Костовски. На практичниот час како слушатели биле присутни и студентите апсолвенти кои тој ден требало да реализираат практичен дел.

Кабинетот на групата географија -историја располагал со современи нагледни средства и помагала, од кои како поважни ќе ги споменеме: кинопроектор од 16 мм, аспектомат за проектирање дијапозитиви, епидијаскоп, епископ итн. Бројот на филмови со кои располагала групата бил 115 од кои 70 со географско – историска содржина. Покрај разните карти географски и историски имало и топографски карти и прирачна библиотека, која била во склоп на општата библиотека, географско – историската збирка располагала и со инструменти на лична метеоролошка станица во која се вршат метеоролошки мерења и набљудувања.

Студентите кои реализирале задолжителен педагошки стаж активно соработувале со наставници ментори по географија од основните училишта во Битола. Во текот на постоењето на Педагошката академија, наставници ментори биле: Методија Цветановски, Томе Филевски, Сотир Стојановски, Манте Стаматов и други.

Во текот на работата на Педагошка академија, професорите географи („Вецко" и „Точко"), сумирано објавиле 39 труда (стручни, популарни и учебници), од кои Велимир Костовски 24 труда, а Владимир Точковски 15 труда.

За изминатите 25 години од постоењето и работењето на Педагошката академија во Битола, односно од 19.02.1964 до 31.03.1989 година, дипломирале вкупно 2682 наставника (од кои 393 наставници за историја и географија или 14,65%). Најголем број од студентите биле од Општините Битола, Прилеп, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Кичево, Струга итн. (Зборник, 1990, стр. 357; ПА,1974, стр. 55; Зборник, ПА, 1984, стр. 235; ПФ, 2005, стр. 89)

Значителен број од вонредните студенти биле учители со завршена Учителска школа во Битола или во Скопје, и кои работеле во одделенска настава во Битола и околните села, но пројавиле интерес да студираат географија и историја, односно да се стекнат со више образование заради кариерен развој. Такви биле учителите – наставниците Блага Саздова, Јордан Трпков, Лилјана Танковска, Томе Филевски, Алексо Бакревски, Петре Трајковски, Сотир Стојановски, Спиро Ѓоревски, Илија Ристевски, Александар Димовски, Раде Лутовски, Манте Стаматов, Борче Богдановски, Милан Мицевски, Васко Кузмановски, Томислав Милевски, Тодор Костовски и други.

Исто така, дел од студентите кои завршиле Педагошка Академија, најчесто како вонредни студенти го продолжиле своето студирање на природно математичкиот факултет – катедра географија во Скопје. Студиите кои вонредно ги завршиле студиите во Скопје биле: Сотир Стојановски, Борис Стојановски, Глигур Талевски, Димитар Ристевски, Спиро Ѓоревски, Ризанко Стојановски, Илија Ристевски, Лука Карапетроски, Манте Стаматов, Мирјана Георгиевска, Бранко Стојановски, Блага Атанасовска и други, а како редовни студенти, студиите ги завршеле Никола В. Димитров и Љупчо Долевски.

Со отворањето на Универзитетот во Тетово, односно на ПМФ - групата Географија во 2004 година, односно некоја година покасно и ПМФ – катедра географија, наставници од Битола кои студиите како вонредни студенти ги завршиле Лилјана Наумовска, Пецо Димовски и Вера Секуловска.

## 5. Регионална географска секција (1969–1977)

По одреден период на слаба активност на секциите во Република Македонија, Управниот одбор на Географското друштво на СРМ носи одлука за формирање на Регионални секции со цел јакнење на географската мисла и наука меѓу наставниците и професорите. Имено, со Решение на Управниот одбор на Географското друштво на СРМ од 28.февруари 1969 година се одлучи да се формираатпет Регионални секции на друштвото во внатрешноста, односно во пооделни подрачја од СР Македонија, и тоа во Битола, Охрид, Штип, Кавадарци и Тетово.

Битолска секција – ги опфаќала општините Битола, Прилеп, Крушево и Демир Хисар, потоа Охридска секција ги опфаќала општините Охрид, Струга, Ресен и Кичево; Титовелешка секција со општините Титов Велес, Кавадарци, Неготино, Валандово и Гевгелија; Штипската секција со општините Штип, Струмица, Радовиш, Св. Николе, Кочани, Пробиштип, Делчево и Берово; и Кумановската секција со општините Куманово, Кратово и Крива Паланка, а во тек било оформување на секција во Тетово со општините Тетово, Гостивар и Дебар. (Милески, 1968; Панов, 1974; Гашевски, 2001; Маркоски, 2005; Маџевиќ и др.,2008, Маркоски, 2019)

Така, на 27.март 1969 година во Битола, во просториите на Педагошка академија се одржа Основачко собрание на Регионалната географска секција која ги опфаќа членовите од битолско, прилепско, крушевско и демирхисарско.

На основачкото собрание присуствуваа: вон. проф. д-р Митко Панов, претседател на друштвото и доц. д-р Гиго Милески, секретар на друштвото. Гостите одржаа две предавања и тоа: „Концепции и задачи на географската наука“ од страна на д-р Митко Панов, и „Обнова на Скопје по катастрофалниот земјотрес“ од д-р Гиго Милески.

Регионалната географска секција со седиште во Битола ги имаше следните управни тела:Управен одбор: Точковски Владимир, претседател на секцијата, проф. од Битола; Башевски Илија, потпретседател, проф. од Прилеп; Костовски Велимир, секретар и благајник, проф. од Битола; Чаловски Симон, како член, проф. од Битола (просветен советник); Василевски Илија, член, проф. од Прилеп; Алексоски Петре, член, проф. од Крушево и Станоевски Петко, член, наставник од Демир Хисар

Поважни активности на регионалната географска секција биле: Организирање на семинар со стручни предавања; Теренски наставно – научни екскурзии со наставници; Стручни средби и состаноци во врска со Наставните програми; Дистрибуција на списанието „Географски видик“ и други списанија; Соработка со Регионалниот завод за школство; Соработка со Географското друштво на СР Македонија; Учество на Конгреси и симпозиуми на географите; изработка на Извештаи од работата на секцијата.

Во Биро за развој на образование – Подрачна единица Битола, пронајдовме еден список од март 1974 година (тоа е период кога Бирото е именувано како Завод за школство – Битола (подвлекол НВД). Во Списокот се наведени имиња на наставен кадар по географија во училишта од прв и втор степен во општините Битола, Демир Хисар и Крушево. Во списокот се споменуваат имињата на 63 професори и наставници по географија, односно лица со завршен ПМФ – група географија и на лица кои завршиле Педагошка академија група историја – географија, со името на училиштето и местото, на дипломирани географи и наставници кои не биле вработени во образование. Од Списокот гледаме дека во Битола и битолско се регистрирани 53 професори – наставници, за Демир

Хисар 5 и Крушево 5наставници - професори. Списокот не е потпишан и нема печат. Според тоа не ни е познато кој го подготвил. Најверојатно се работи за советникот проф. Симон Чаловски кој бил советник од 1972 до 1985 г. Овој податок го добиваме од Биографијата на Симон Чаловски, во која меѓу другото е забележано: *„...Во 1968 година се вработив како професор по географија во Основното училиште „Тодор Ангеловски“ – Битола, кад останав до крајот на 1972 година. Од 19.12.1972 година бев примен во Заводот за школство како советник по географија на училиштата од I и II степен од Општините Битола, Демир Хисар и Крушево. Со формирањето на Просветната инспекција во Општината Битола на ден 21.03.1985 година, бев назначен како Просветен инспектор за предучилишното и основното воспитание и образование. Од јануари 1991 година бев преземен во Министерството за образование и физичка култура како Републички просветен инспектор за Општините Битола и Демир Хисар...Во периодот 1968 до 1972 година бев одборник во Општинското Собрание на Општина Битола, повеќе пати Претседател на синдикална организација, Претседател на Друштвото на географичари и на други места....“* (Извадок од автобиографијата на Чаловски Вено Симон, изработена и потпишана од него на 03.12.1993 година, а доставена од стана на семејството за потребите на оваа книга, подвлекол НВД).

Од Списокот ги дознаваме следните податоци за 66 лица (презиме,име,училиште каде работи и завршено више или високо образовани): за Битола се споменати следните презимира и имиња: Филева Хрисанти (ОУ „Даме Груев“ – Филозофски факултет), Стојановски Борис („Даме Груев“ – Педагошка академија па ПМФ), Саранди Сотир („Гоце Делчев“, ПА), Стаматов Манте („Гоце Делчев“ – ПА), Цветановски Методија („Коле Канински“ – ПМФ), Ѓоршева Милица („Коле Канински“ – ПМФ – I степен), Сазданова Блага („Кирил и Методиј“ – ПА), Филевски Томе („Тодор Ангелевски“ – ПА), Петров Симеон („Тодор Ангелевски“ – ПА), Митревски Атанас („Ѓорѓи Сугарев“ – ПМФ), Боцевски Вангел („Ѓорѓи Сугарев“ – ПМФ), Танковска Лилјана(„Стив Наумов“ – ПА), Трпков Јордан „Стив Наумов“ – ПА), Бакревски Алексо („Стив Наумов“ – ПА), Трајковски Петре („Стив Наумов“ – ПА), Абдуали Фејзула („Никола Тесла“ – ПМФ), Акиф Аитен („Никола Тесла“ – Апсолвент на ПА),Христов Христо (Специјално основно училиште – ПА),БундевскаВесела (гимназија „Јосип Броз Тито“ – ПМФ), Бундевски Томе(Гимназија „Јосип Броз Тито“ – ПМФ), Божиновски Стево (Гимназија „Јосип Броз Тито“ и гимназија „Браќа Миладиновци“ – ПМФ), Стојчев Андон (Економско училиште – ПМФ), Велковиќ Елена (Економско училиште и Училиште за занимања „Кочо Рацин“ – ПМФ), Стефановски Милорад (Земјоделско училиште – ПМФ), Лубаровски Васил (Гимназија „Браќа Миладиновци – ПМФ), Несторовски Раде (Гимназија „Браќа Миладиновци – ПМФ), ТноковскаМенка (ЕМУЦ „Ѓуро Салај“ – ПМФ), Митрева Елена (Училиште за занимања „Кочо Рацин“ – ПА), Ставрева Билјана (Училиште за занимања „Кочо Рацин“ – ПА), Ристевски Димитар („Борис Кидрич“ с. Старавина – ПА), Лазаревска Васка („Борис Кидрич“ с. Старавина – ПА), Петревски Борис („Стале Попов“ с. Маково – ПА), Цветковски Александар („Ѓорѓи Сугарев“ с. Суводол – ПА), Лутовски Раде („Славко Лумбарковски“ с. Новаци – ПА), Филиповска Славка („Славко Лумбарковски“ с. Новаци – ПА), Анески Василија („Кузман Јосифовски Питу“ с. Брод – ПА),, ЛазареваЛена („Мирче Ацев“ с. Бач – ПА),, Кузмановски Васил („Кочо Рацин“ с. Велушина – ПА),, Томулевски Крсте („Крсте Мисирков“ с. Бистрица – ПА), Димовски Александар („Никола Карев“ с. Буково – ПА),Трајчевска Мирјана („Даме Груев“ с. Дихово – ПА),Талевски Глигур („Кирил и Методиј“ с. Цапари – ПА), ЃешовскиБорис („Иво Лола Рибар“ с. Црнеец –

ПА),Масалковски Крсте („Кирил и Методиј“ с. Кукуречани – ПА),Ѓоревски Спиро („Кирил и Методиј“ с. Кукуречани – ПА),Стојановска Риза („Браќа Миладиновци“ с. Долно Српци – ПА),Богдановски Борис („Кочо Рацин“ с. Ивањевци – ПА),, КостовскиТодор („Браќа Миладиновци“ с. Добрушево – ПА), ДејановскиИван („Иван Горан Ковачиќ“ с. Дедебалци – ПА), Велију Рашит (село Кишава)и КарапецВангелица („Гоце Делчев“ с. Могила – ПА). За Демир Хисар се спомнуваат следните имиња: ШалковскаСлавка („Браќа Миладиновци“ с. Жван – ПА), СилјановскиИлија („Браќа Миладиновци“ с. Жван – ПА), Неловски Бранко („Даме Груев“ с. Смилево – ПА), Цветаноски Ристо („Климент Охридски“ с. Вирово – ПА) иАнгелевскиДраган („Гоце Делчев“ Демир Хисар – ПМФ), а за Крушево: ПавловскиЈован („Мите Ефтимов“ с. Долно Дивјаци – ПА), Катовиќ Даут („Лирија“ с. Житоше – ПА), Тасевски Митре („Кирил и Методиј“ с. Бучин – ПА), Фиданова Даница („Никола Карев“ Крушево – ПМФ) и ТрпчевскиМилорад („Никола Карев“ Крушево и Гимназија „Наум Наумовски Борче“ – ПМФ).

Во делот забелешка дополнително додадени се уште 11 наставници / професори: Трпков Јордан во ОУ „Гоце Делчев“, Стојановски Сотир ОУ „Ѓорѓи Сугарев“, Дамјановска Марија ОУ „Ѓорѓи Сугарев“, Митревски Славко с. Брод, Гроздановски Петар во Собрание, Јанков Радиша с. Ивањевци, Стојановски Ризанко с. Долно Српци, Белевски Славко секретаријат за внатрешни работи, Танчевски Кирил СИЗ за култура, Симе во Работнички Универзитет, и Николаод стопанско училиште(Дамјаноски или Стефановски, подвлекол НДВ).

Дел од Битолските географи за нивно усовршување и продлабочување на географското знаење и мисла во текот на седумдесеттите години учествуваат на неколку симпозиуми кои се одржуваат во Република Македонија.

На Петтиот југословенски спелеолошки конгрес одржан во 1970 година во Скопје учествуваат неколку колеги од Битола, а проф. Владимир Точковски презентирал свој труд.

На Југословенски симпозиум „Проблеми на селските населби и земјоделското производство“кој се одржал во Охрид од 11 до 13 мај 1972 година, како гости биле следните битолски географи: Владимир Точковски, Велимир Костовски, Весела Бундевска, Лена Лазаровска, Методија Цветаноски, Петре Алексоски, Симон Чаловски, Сотир Саранди, Сотир Стојановски, Тодор Костовски, Томе Бундевски и Фејзула Абдулаи.

Во 1974 г. во Скопје, на Научен собир по повод 25-годишнината од формирањето на Географското друштво на СР Македонијаучествуваат и географи од Битола.

Во 1976 г. во Скопје на „Републички симпозиум за туризмот и заштита на животната средина“, како гости учествуваат и битолски географи.

Во 1980 г. во Охрид на „Прв Југословенски симпозиум за проблемите на наставата по географија“, исто така учествуваат географи од Битола. професорите Костовски и Точковски презентираат и свои трудови.

Во 1981 г. во Берово битолските географи учествуваа и на „Републички симпозиум „Природни и социо – економски проблеми на ридските и планинските подрачја“.

Добитник на плакета за успешни просветни работници и на наградата „Кирил и Методиј“ на просветни работници од Општина Битола за 1976 г. е наставникот Сотир Саранди, ОУ „Гоце Делчев“ Битола. Сотир Саранди во истата година добил и награда за животно дело како најстар географ во Битола кој географија предавал повеќе од четириесет години.



Слика31. Професорот Васил Лубаровски со својот клас на работна акција – пошумување, 1974 г.




Слика 32-33. Индекс и студентска легитимација на проф. Васил Лубаровски, учебна 1954/55 година.



Слика 34. **Радисав (Раде) Крсте Несторовски**

**Радисав (Раде) Крсте Несторовски**. Роден 23.02.1922 година во Прилеп. Завршил учителска школа во Скопје во 1941 година. Бил учесник во НОБ. За време на НОБ во 1944 година работи како учител во прилепската околија. Работниот век му стартува во 1944 година и работел во повеќе гимназии и тоа во Прилеп, Скопје, Кочани, Куманово, Гевгелија и Битола. На 09.02.1951 г. дипломирал на ПМФ – ФФ-географија. Во Битола доаѓа од Гевгелија во 1960 година и работи во гимназија „Браќа Миладиновци“ се до пензионирањето во 1986 година. Бил одличен познавач на географијата и ценет професор во гимназијата „Браќа Миладиновци“ – Битола Учествувал на повеќе конгреси на географите во поранешна СФРЈ во Загреб, Белград и Охрид. Добил повеќе признанија како просветен работник во Гевгелија (извидници во Босна и Херцеговина – Јахорина и Игман) и Битола (признание за просветен работник).



Слика 35. **Хрисанта Јосиф Филева Кузмановска**

**Хрисанта Јосиф Филева Кузмановска**, Родена 1925 г. во Охрид. Завршила Филозофски Факултет студии по географија 27.01.1955 г. во Скопје. Предавал во ОУ „Св. Климент Охридски“ во Охрид, потоа во Средно медицинско училиште во Скопје, и најдолг период во ОУ „Даме Груев“ – Битола. Се пензионирала во 1985 година. Починала во 2006 година. Добитник е на „Кирил и Методиј“ на просветни работници од Општина Битола во 1982 година.



Слика 36.**Томе Димитар Бундевски**

**Томе Димитар Бундевски,**(1928–2013). Роден во Јанковец, 10.06.1928 г. Дипломирал географија на ФФ - географија 01.07.1955 г. во Скопје. Се вработил во гимназијата „Јосип Броз Тито“–Битола, во 1962 г. се до пензионирањето во 1992 г. Бил и помошник директор во гимназијата. Учествува во формирањето на Географската секција во Битола, во 1956 г. Беше еден од постарите членови на Сојузот на географските здруженија на Република Македонија.Заедно со колегите и сопругата географ Весела, реализирале многу екскурзии низ СФРЈ и СРМ. Бил успешен ментор на ученици на натпревари. Учествувал на симпозиуми, а особено на Југословен-скиот симпозиум за проблемите на селските населби и земјоделското производство 11-13.05.1972 Охрид.



Слика 37.**Андон Кузе Стојчев**

**Андон Кузе Стојчев,** Роден 21.02.1929 г. во Битола. Дипломирал ПМФ – географија во Скопје во 29.09.1954 година.Предавал географија во средното економско училиште „Јане Сандански“ – Битола. Пензиониран 31.08.1989 година.



Слика 38.**Весела Алексо Трајкова Бундевска**

**Весела Алексо Трајкова Бундевска**, (1930 – 2016). Родена во Љубојно, 16.02.1931 г. Дипломирала географија на ПМФ-ФФ географија 26.04.1956 г. во Скопје. Се вработила во гимназијата „Јосип Броз Тито“ – Битола, во 1963 г. се до пензионирањето во 1994 година. Беше член на Сојузот на географските здруженија на Република Македонија, и Друштвото во Битола. Заедно со колегите и сопругот Томе, и тој географ, реализирале многу екскурзии низ СФРЈ и СРМ. Како ментор на ученици била учесник на повеќе натпревар. Учествувала на повеќе симпозиуми, од кои особено значаен бил Југословенскиот симпозиум за проблемите на селските населби и земјоделското производство 11-13 мај 1972 г. Охрид.

**Стеван Божин Божиновски**, Роден во Мало Црско, Кичевско во 15.08.1932 г. ПМФ – ФФ географија, 15.01.1965 г. Вработен бил во гимназијата „Браќа Миладиновци“ па во „Таки Даскало“ – Битола, а дополнувал часови во „Јосип Броз Тито“ од 1971 г. до 1983 г. Се пензионира во 1996 година.



Слика 39. **Васил Ристо Лубаровски**

**Васил Ристо Лубаровски** Роден е на 17.11.1932 година во с. Љубојно, Ресен. Прво вработување во 1952/53 година во ОУ во с.Врапчиште. Дипломирал на Филозофски Факултет – група географија во 28.02.1959 г. во Скопје. Од 1959/61 работи во гимназија „Јосип Броз Тито“- Битола, од 1961 до 1986 година во гимназија „Браќа Миладиновци“ – Битола. Бил примерен наставник, почитуван од своите колеги и ученици. Умира на 54 годишна возраст, во 1986 година.



Слика 40. **Томислав (Томе) Филевски**

**Томислав (Томе) Филевски**, Роден 18.08.1933 г. во с. Бистрица – Битолско. Завршил Учителска академија во 1950 г. во Битола, потоа и Педагошка академија во Битола. Предавал историја и географија во ОУ „Мирче Ацев“ – с. Бач и во ОУ „Тодор Ангелевски“ – Битола. Добил плакета „24-ти Мај – Св. Кирил и Методиј“ како истакнат просветен работник на град Битола. Добил бројни општински и државни награди и благодарници како наставник во училиштето, а и повеќе дипломи и благодарници со учениците и географската секција. Починал во 1986г



Слика 41.
**Тодор Костовски**

**Тодор Костовски**, роден 22 јули 1934 г., во с. Железнец, Демир Хисар. Основно образование завршува во с. Доленци. Завршил учителка школа во Битола. Бил распределен за учител во Војводина во село Ѓаково, како учител на Македонците бегалци од Егејскиот дел на Македонија каде работел две години. По враќањето во Македонија бил учител во с. Дедебалци и Трап. Завршува ПА група историја - географија во Скопје во 1960 година. Од 01.09. 1960 до 1985 година работи во ОУ „Браќа Миладиновци“ предава една година географија – историја, а потоа бил директор на училиштето, до 1968 година. Од 1968 до 1985 година работи како наставник по географија и историја. Од 1985 година до пензионирањето во 1995 година работи во ОУ „Даме Груев“ – Битола. Загинува во сообраќајна несреќа на 15.јануари 1999 година.



Слика 42.
**Сотир Стојановски**

**Сотир Стојан Стојановски –„Тирка“**(1934 - 2010)Роден 1934 г., во Битола. Работел во ОУ „Славко Лумбарковски –Новаци, ОУ „д-р Трифун Пановски“ - Битола, и од 1974 г. во ОУ „Горѓи Сугарев“ – Битола. Завршил Педагошка Академија во Битола, а на 23.04.1980 година и ПМФ –географија во Скопје. Добитник е на наградата „Св. Кирил и Методиј“ на просветни работници од Општина Битола во 1978 година, како и на наградата „Златно слово Климентово“. Како ментор на ученици кои учествувале во натпревари по географија добил повеќе благодарници. Од 1974 до 1999 годинапредавал во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола. Беше мошне активен член на Сојузот на географските здруженија на Република Македонија. Повеќе години бил и ментор на студенти од Педагошка Академија во Битола. Тирката го интересирала и метеорологијата, долги години водел свој аматерски дневник, а изработувал и давал прогнози за времето во Битола и истите ги пласирал преку медиумите – Радио Битола и Битолски весник. Учествувала на повеќе симпозиуми, од кои особено значаен бил Југословенскиот симпозиум за проблемите на селските населби и земјоделското производство 11-13 мај 1972 Охрид. Ученик е и на првиот конгрес на географите од Република Македонија во 1995 г. во Охрид. Заедно со професорот Велимир Костовски бил учебникар, и објавиле повеќе учебници по географија за основно и средно образование, вкупно 4, кои неколку пати имале нови и дополнети изданија или вкупно 14 учебници и читанки. Се пензионирал во 1999/2000 година. Почитал 2010 година.

| | |
|---|---|
|  | Слика 43. **Методија Ванчо Цветановски**<br><br>**Методија Ванчо Цветановски**, роден 1935 годинаво Битола. Природно – математички факултет – географија завршува 24.07.1960 година во Скопје. Работи во ОУ „Коле Канински“ – Битола од 1960 до 2000 година. Беше мошне активен член на Сојузот на географските здруженија на Република Македонија, и во Битолското географско здружение.Учествувал на повеќе конгреси, научни собири во Скопје, Охрид, Порторож, Нови Сад. Како слушател. Бил ментор при ВПШ – Битола, во периодот од 1970 до 1972 година.Со учениците организирал голем број научно – популарни екскурзии низ СФРЈ и СРМ - РМ. Учествувала на повеќе симпозиуми, од кои особено значаен бил Југословенскиот симпозиум за проблемите на селските населби и земјоделското производство 11-13 мај 1972 Охрид. |
| <br>Слика 44. **Симон Вено Чаловски** | **Симон Вено Чаловски**, (1935-2015)Роден на 17.07.1935 г. во с. Галичник - Општина Гостивар. Во 1942 година семејството Чаловски се преселува во село Смилево, а во 1948 година и во Битола. Дипломирал на ФФстудиипо географија во 01.07.1961 г., во Скопје. Во 1968 година се вработува како професор во ОУ „Тодор Ангелевски“, каде останува до крајот на 1972 година. Од 1972 година работи во Заводот за школство како советник по географија на училиштата од I и II степен од Општините Битола, Демир Хисар и Крушево. Како советник бил претседател на Друштвото на географичари на Општина Битола (1981-1983). Од 1985 година бил назначен како Просветен инспектор за предучилишното и основното воспитание и образование. Од 1991 до 2000 г. (кога оди во пензија) работи како Републички просветен инспектор за Општините Битола и Демир Хисар, во рамките на Министерството за образование и физичка култура. Беше еден од постарите и мошне активни членови на Сојузот на географските здруженија на Република Македонија. Учествувала на повеќе симпозиуми, од кои особено значаен бил Југословенскиот симпозиум за проблемите на селските населби и земјоделското производство 11-13 мај 1972 во Охрид. |
| <br>Слика 45. **Спиро Смиле Ѓоревски** | **Спиро Смиле Ѓоревски**(1935-2017). Завршил Учителска школа во 1955 г. во Битола. Како вонреден студент завршил Педагошка академија група историја и географија 1976 г. во Битола, и. Природно математички факултет – географија на 08.04.1982 г. Прво вработување како учител во одделенска настава било во 1955–1956 г. во с. Бешиште, од 1957–1960 г. во с. Чаниште–Прилеп, од 1961–1971 г. во с. Карамани – Битолско. Од 1971–1983 г. бил наставник по географија во ОУ „Кирил и Методиј“ па во ОУ „Александар Турунџев“ Кукуречани, каде формирал географска секција, со која учествувал во наградна игра „Убава си татковино мила“ и „Детето и сообраќајот“ во организација на весникот „Нова Македонија“, и добиле награда. Во училиштето основал фото лабораторија и фотографска секција. Од 1983–1996 г. во ОУ „Стив Наумов“ – Битола, работел како професор по географија. Активно работи со учениците во секцијата по географија и астрономија. Се до неговото пензионирање во 1996 г. Учествува на конгреси, научни симпозиуми, собир, како и на симпозиуми и годишни собранија на географите од Р. Македонија. Прогласен е за особено истакнат просветен работник во 1987 г. Објавил написи во Битолски весник и Просветен работник за „Халеевата комета“. Бил ментор на ученици во натпревари во организација на Народна техника – Битола на државно ниво (Млади природници и техничари, и тоа во дисциплините географија, метеорологија астрономија и астронаутика), при што негови ученици освоиле 20 награди на регионално и 10 награди за освоено прво место, како и 3 први места по географија и астрономија на сојузно ниво во СФРЈ. Полни 27 години бил и член на регионални – општински комисии на натпревари во организација на Народна техника Битола во Битола, и член на државни комисии во Скопје, Штип, Гевгелија, Кавадарци, Неготино и Кичево. Вкупно како ментор освоил околу 50 дипломи за освоени први, втори и трети места на општински, републички и државен натпревар. Како просветен работник добил повеќе благодарници и дипломи за својата работа. |



Слика 46. **Ризанко Тренко Стојановски**

**РизанкоТренкоСтојановски**(1937-2010). Роден 1937 г. во с. Света – Демир Хисар. Прво вработување 1958 г. Педагошка академија во Скопје – 1965 г. Природно математички факултет – група географија, 28.03.1970 г. во Скопје. Движење во струката: с. Кривогаштани, с. Бела Црка, с. Долно Српци и ОУ „Тодор Ангелевски“, од 1963 до 2000 година. Бил 16 години директор во ОУ „Браќа Миладиновци“ во с. Долно Српци. Бил ментор на ученици кои освоиле 3 први места на републичко ниво и 4 први места на општинско ниво, а се освоени повеќе втори и трети места. Во ОУ „Тодор Ангелевски“ – Битола предавал географија и историја се до пензионирањето. Заедно со сопругата Риза (и таа наставник по географија) како гости учествуваат на неколку симпозиуми и конгреси. Починал во 2010 година.



Слика 47. **Милорад Томо Стефановски**

**Милорад Томо Стефановски**, (1937-2007) Роден 09.12.1937 г. во Битола. ПМФ – географија во 1963 г. Вработен бил во ЗУЦ „Борис Кидрич“ односно во „Кузман Шапкарев“ – Битола, од 1965 година до 1977 со полно работно време а потоа дополнува часови во повеќе средни училишта, а од 1991 година дополнува часови во гимназија „Јосип Броз Тито“, се до пензионирањето во 2002 година. Беше активен член во Сојузот на географските здруженија на Република Македонија и Здружението во Битола.



Слика 48.**Методија Кирил Димовски**

**Методија Кирил Димовски** (1938 – 2010)Завршил Педагошка Академија – Битола, а ПМФ – географија на 21.12.1989 г. во Скопје. Предавал географија и историја во село Рамна. Потоа во ОУ „Трајан Белев“ – Цапари. Бил директор и раководител на училиштето во Цапари.



Слика 49.**Никола Томо Стефановски**

**Никола Томо Стефановски**Роден 1939 г. во Берово. Завршил ПМФ – група географија 29.06.1967 г. во Скопје. Предавал географија во Училиште за ученици во стопанството (УЗУС) „Кочо Рацин“, потоа во гимназија „Браќа Миладиновски“, па во „Таки Даскалот“. Долги години бил директор во ДСУ „Таки Даскалот“ – Битола (1990-1999).



Слика 50.**Александар Златевски**

**Александар Златевски**, Роден 1932 година во с. Црнеец, Битолско. Завршил ПА во Битола. Бил учител ОУ во с. Свињишта. Бил ангажиран во Учителска школа Битола. Работел во Заводот за школство во Битола, како советник по географија од 1962 до 1969 година. Како наставник работел во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола, а бил и директор на истото училиштето од 1983 до 1993 година. Се пензионира во 1993 година. Умира во 2012 година.

**Никола Дамјаноски**, Роден 16.11.1926 г. во Крушево. Завршил Педагошка академија во Скопје, група историја и географија. Бил директор на ОУ „Славко Лумбарковски“ – с.Новаци. Потоа, директор на Стопанското училиште, па директор - управител на Работнички универзитет – Битола, како и наставник во ОУ „Кирил и Методиј“ и ОУ „Даме Груев“ – Битола, од каде и се пензионира.

**Вера Петре Тошева**, завршила Филозофски Факултет – Географија во Скопје, на 30.04.1955 година.
**Блага Сазданова** предавала географија во ОУ „Гоце Делчев" - Битола
**Славко Методи Белевски**, Завршил ПМФ – Географија 27.09.1967 г. во Скопје.
**Јордан Трпков**, Завршил Педагошка академија во Битола. Предавал географија и историја во ОУ „Гоце Делчев" и ОУ „Стаив Наумов" во Битола.
**Фејзула Амза Абдулаи**, Завршил ПМФ – географија 28.09.1968 г. во Скопје. Предавал географија во „Зеф Јус Марко" во Скопје. Потоа доаѓа во Битола и предавал географија во ОУ „Никола Тесла" – Битола, на албански и турски наставен јазик. Магистрирал во 1980 г. во Скопје. По некоја година заминува во САД каде и останува.
**Никола Аргир Михајловски** Роден е во Битола. Завршил ПМФ – група географија на 02.07.1980 г во Скопје. Предавал географија во Гимназија „Браќа Миладиновци". Покрај географија предавал, техничко образование и други предмети.

## 6. Географско здружение на Општина Битола и Демир Хисар (1977–1983)

Нараснатиот број на членови како и се поголемата активност и афирмација на Друштвото, наложи потреба да се изврши извесно организационо преструктуирање, при што одделни секции на Друштвото во внатрешноста прераснаа во здруженија.

Со одделување на географите од Прилеп и Крушево кои формираа посебно Географско здружение, Географите од Битола и Демир Хисар формираа свое Здружение. Така, од еден Документ, исто сочуван во Биро за развој на образованието во Битола, го дознаваме следното, дека Основачкото Собрание на Географското здружение на Општина Битола и Демир Хисар е одржано на ден 22.04.1977 година.

Работното претседателство на Здружението го сочинуваа: Точковски Владимир, Сазданова Блага, Костовски Велимир. Заверувачи на записникот: Томулевски Крсте, Лубаровски Васко. Гостин на Основачкото Собрание: проф. д-р Митко Панов. Претседателство: Претседател: Точковски Владимир, проф. од Битола (1977-1981), Потпретседател: Бундевска Весела, проф. од Битола, Секретар: Костовски Велимир, проф. од Битола,

Членови: Лубаровски Васко, проф. од Битола, Филевски Томе, наставник од Битола, Стојановски Борис, проф. од Битола, Митревски Славе, проф. од Битола, Ангелевски Драган, проф. од Битола, Симо Чаловски, проф. од Битола, Делегати: Бундевски Томе, проф. од Битола, Стојчев Андов, проф. од Битола, Стојановски Борис, проф. од Битола, Ангелевски Драган, проф. до Демир Хисар, Костовски Велимир, проф. од Битола, Чаловски Симо, проф. од Битола.

Секретаријат: Точковски Владимир, проф. од Битола, Костовски Велимир, проф. од Битола, Несторовски Раде, проф. од Битола, Вељковиќ Елена, проф. од Битола, Стаматов Манте, наставник од Битола. Надзорен одбор: Гроздановски Пеце, проф. од Битола, Ставрева Билјана, проф. од Битола, Стојановски Сотир, наставник од Битола.

Поважни активности на Здружението: Соработка со Географското друштво на СР Македонија, односно Сојузот на географските здруженија на СРМ – Скопје, Соработка со Педагошкиот завод за школство – Битола, Соработка со Педагошката академија – Битола, Организирање на натпревари по географија, Организирање на семинар со стручни предавања, Теренски наставно – научни екскурзии со наставници, Стручни средби и состаноци во врска со Наставните програми, Дистрибуција на списанија, Соработка со Регионалниот завод за школство – Битола, Учество на Конгреси и симпозиуми на географите. Извештаи од работата на секцијата и Други активности. Број на членови на Здружението: 46 според список за платена членарина.

Трансформацијата на Географското друштво на Р. Македонија, кое прерасна во Сојуз на географските здруженија на Република Македонија е реализирано на годишното собрание на друштвото одржано во 1979 година. (Гашевски, 2001; Маркоски, 2005; Маџевиќ и др.,2008).

Во 1983 г. во Охрид, битолски географи како гости се учесници и на „Југословенски симпозиум за социо - географски и економско - географски проучувања на проблеми на животната средина“.

Наставници и професори по географија добитници на плакета за успешни просветни работници и на наградата „24ти мај -Св. Кирил и Методиј“ на просветни работници од Општина Битола, во периодот 1977-1983 година се: во 1978 г. Стојановски Сотир, ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола, во 1980 година Раде Несторовски, Гимназија „Браќа Миладиновци – Битола, во 1982 г. Филевски“ Томислав, ОУ „Тодор Ангелевски“ Битола, Хрисанта Кузмановска, ОУ „Даме Груев“ – Битола и други.



Слика 51-54. Професори по географија со ученици и други колеги.



Слика 55-58.Професори и наставници по географија,одделенски раководители со ученици.

**7. Здружение на географичарите (1983-2005)**

Во почетокот на осумдесеттите години Географското здружение на Општина Битола и Демир Хисарповторно е пререгистрирано во Здружение на географичарите – Битола. Новото име го дознаваме од печатот и штембилот на Здружението, како и од нејзиниот тогашен претседател Петре Алексоски, советник по географија, кој како претседател се задржал речиси две децении од 1983 до 2002 година.

Од еден сочуван Список на членови на Здружението на географичарите на Битола за наплатена членарина за 1983 и 1984 година ги дознаваме имињата на следните 46 професори и наставници по географија и историја: Филевски Томе, Грнчарова Магдалена, Трајчевска Мирјана, Танковска Лилјана, Лазаревска Лена, Шемшедали Шабан, Наловски Бранко, Богдановски Борче, Цветановски Методија, Наип Исам, Костовски Тодор, Кузмановски Васил, Цветановски Ристо, Цветковски Александар, Стаматов Манте, Дамјановска Марија, Ѓоршевска Милица, Чаталова Виолета, Дејановски Иван, Ангеловска Јованка, Талевски Глигур, Георгиевска Мирјана, Ѓоревски Спиро, Атанасовски Благој, Ристевски Димитар, Стојановски Сотир, Петров Симеон, Махмуди Агрон, Масалковски Никола, Фадил Абдула, Швигир Душко, Петровски Борис, Алексоски Перо, Точков Владимир, Митревски Славе, Стојановски Борче, Димовска Славка, Саздановска Блага,

Акиор Ајтен, Ангелевски Драган, Костовски Велимир, Стојановски Никола, Ставревска Билјана, Петровки Борче, Танковски Никола и Марковски Димче.



Слика 59-62. Штембил и печат на Здружение на географичарите – Битола.

Од анкетниот прашални и разговорот со советникот во пензија Петре Алексоски, дознаваме дека членови на Здружението повеќе пати учествувале на натпревари, симпозиуми, конгреси, а од страна на советникот биле организирани и одржани повеќе обуки, семинари и работилници со наставниците и професорите од основните и средните училишта од Битола и битолско.

Добитници на плакета за успешни просветни работници и на наградата „Кирил и Методиј“ на просветни работници од Општина Битола се: во 1984 г. Кузмановски Васко, ОУ с. Бистрица, наставник историја-географија; Кузмановска Хрисанти, ОУ „Даме Груев“ Битола, професор по географија, во 1986 г. Димовски Александар ЦОУ „Коле Канински“ Битола, наставник по историја-географија, и во 1991 г. Димитар Ристевски „Истакнат педагошки работник за значајни резултати во воспитно – образовниот процес во организација на Републички педагошки совет“.

Битолски географи во 1995 година учествуваат на Првиот конгрес на географи од Република Македонија. Конгресот се одржа во Охрид, 26-28.октомври. На конгресот учествувале 15 географи, и тоа 10 од Битола, 2 од Ресен, 2 од Демир Хисар и 1 битолчанец вработен во АРМ - Скопје. Од Битола биле: советникот Петре Алексовски, м-р Никола В. Димитров, Љупчо Долевски, Сотир Стојановски, Манте Стаматов, Глигор Талевски, Димитар Ристевски, Благој Кочевски, Спиро Ѓорески, Ризанко Стојановски, Славе Митрески, м-р Јове Талевски (АРМ - Скопје), Таше Соколовски (Ресен), Никола Масалковски (Ресен), м-р Драган Ангелески (Демир Хисар) и Митре Тасевски (с. Бучим, - Кривогаштани). На Конгресот шест битолски географи ги презентирале своите трудови:*Димитар Ристевски*: „Мариово природно – географски карактеристики, природни ресурси и мерки за ревитализација“; *Никола В. Димитров*: „Популациско – просторни карактеристики и трансформација на малите села во општините во Пелагонија“; *Јове Д. Талевски*: „Проучување на географскиот простор за воените потреби“; *Драган Ангеловски*: „Можности за развој на планинскиот туризам во Крушево“; *Петре Алексовски*: „Географско запознавање (проучување) на локалната средина преку додатната настава и слободните ученички активности“; и*Митре Тасевски*: „Дијаграм за промените на времетраењето на денот и ноќта“

На Вториот конгрес на географите на Република Македонија, кој се одржа во Охрид од 03 до 05 Ноември 2000 г., од Битола учествувале следните географи: м-р Никола В. Димитров, Петре Алексоски, Бистрица Стојановска и д-р. Јове Д. Талевски (претставник од Воена Академија - Скопје). Сите учествувале со посебни трудови. *Никола В. Димитров*: „Природниот прираст и неговите импликации врз промените во националната структура на населението во Југозападниот дел од Република Македонија“; *Јове Д. Талевски*:

„Етнографски карактеристики на населението во општините Ростуше, Дебар и Центар Жупа“; *Бистрица Стојановска*: „Регионалната поделеност на Македонија како предуслов за развојот на земјоделството“; и*Петре Алексовски*: „Училиштето, место за формирање на еколошката свест кај младите генерации преку наставата по географија“.

Во периодот 2002-2005 г., со Здружението, по службена должност, како советник по географија, раководи д-р Никола В. Димитров. Најважна активност на членовите е учеството на обуки и работилници организирани од БРО, и учество на Третиот конгрес на географите во Скопје. На овој Конгрес: кој се одржа 15 и 16 октомври 2005 г. во Скопје учествуваа 14 географи и тоа: д-р Никола В. Димитров, Петре Алексоски, Ристо Грујовски, Лука Карапетроски, Душко Швигир, Мите Ристов, Даниела Ристова, Бистрица Стојановска, Марина Трајчевска, Мирјана Планчак, Љупчо Долевски, Митре Тасески, Алексо Карлоски и Лидија Кондинска (советник по математика во БРО–ПЕ Битола). На Конгресот од страна на географите од Битола се презентирани 10 труда. Со свој труд учествува и проф. д-р Јове Д. Талевски, од Битола,но како претставник на Воена академија – Скопје.





Слика 63-64. Советникот Петре Алексовски со професори од ПМФ, советници и други учесници на симпозиум.


Слика 65. Професори од ПМФ - географија, советници и другиколеги учесници на симпозиум.



Слика 66-71. Активности на советникот Петре Алексовски, од 1981 година наваму.

Резимирано претседатели на Географската секција, здружението и друштвотоод 1956 до 2005 година биле: **Велимир Костовски** (раководител на секција 1956-1969), **Владимир Точковски** (избран претседател на регионална географска секција 1969-1977, а потоа и на географско здружение 1977-1981), **Симон Чаловски** (претседател на географското здружение 1981-1983), **Петре Алексоски**, (избран претседател и советник по географија 1983-2001) и **д-р Никола В. Димитров**, (пренесено по службена должност како советник по географија 2002-2005, а потоа избран претседател на Регионално Географско Друштво „Геосфера“ во 2005).

Слика 72. **Петре Димко Алексоски**



**Петре Димко Алексоски** Роден во с. Секирци, Прилеп во 1940 г. ПМФ – група географија завршува во 22.12.1965 година во Скопје. Прво вработување во гимназија „Методија Митевски– Брицо“ во Делчево од 1963-1964 г., потоа во гимназија „Наум Наумовски – Борче“во Крушево од 1965 до 1969 г. Завод за школство – Прилеп од 1969 до 1981 г. Биро за развој на образование – Битола од 1981 до 2001 година. Во БРО- Битола работи како советник по географија, се до пензионирањето во 2001 година. Од 1983/4 до 2001/2 година бил претседател на Географското здружение во Битола. Учествувал на повеќе конгреси, конференции и симпозиуми во СФТЈ и РМ, и тоа во Бечиќи – Црна Гора, Порторож – Словенија, Сараево – БИХ, Нови Сад – Војводина, Србија, Охрид (3), Скопје и други. Објавил неколку стручни трудови од методика на Конгрес на географите („Училиштето, место за формирање на еколошката свест кај младите генерации преку наставата по географија – III Конгрес, Охрид, 2000) и во „Просветен работник“ („Формирање на проблемски ситуации во наставата по географија со практични примери“) и др. Предавал и на Советување во Скопје – „Планирање и организирање на домашната работа во наставата по географија“. Стручни написи објавил во интерното списание „Наша Практика“ на Педагошки завод – Прилеп. Перманентно работи на своето стручно и методско – педагошко усовршување и пренесување на истото на наставниот кадар по предметот географија. Како советник во Заводот за школство во Прилеп (1969-1981) и Биро за развој на образование Битола (1981-2001), лично се заложил наставниците да бидат претплатници на стручни списанија „Глобус“, „Земја и луѓе“, „Географски хоризонт“, „Географски видик“, „Географски разгледи“ и др. Соработката со наставниците по географија и директорите на училиштата се реализираше преку педагошки увиди во наставата и други активности, за што следеа записници во кои се констатирала состојбата и се даваа насоки за понатамошна работа. Составен дел од работата беше помош во планирањето и организацијата на наставата, слободните ученички активности и стручните активи. Организирал голем број семинари и обуки за наставници и професори по географија за Битола и другите соседни општини. Повеќе години бил член на Управен одбор на МГД, а присуствувал и на сите годишни собранија на Сојузот на географските здруженија на РМ. Предавач бил на Конгресот на географите во Охрид. Предавач на Собранието на СГЗ на РМ – Скопје. Добитник е на повеќе признанија и благодарници од МГД (2000 г.), од Сојузот на географските здруженија на РМ (1979 г.), благодарница од Сојузот на Собранието на Народна Техника – Битола и др. Бил член на повеќе комисии на натпревари на ученици во организација на Македонското географско друштво и Народна техника. Секоја година за учениците од Основните училишта изработувал тестови и организирал натпревари, а во Народна техника учествувал како претседател или член на комисија за спроведување на натпреварите. Во 1999 и 2000 година ги следел следните проекти за наставата организирани од Републичкиот завод за школство со предавачи надвор од Македонија: „Со читање и пишување до критичко мислење – Охрид, „Активна настава – интерактивно учење – Охрид, „Чекор по чекор“ – Охрид. По барање на БРО - Скопје бил ангажиран за подготовка и реализација на семинар за наставници по географија од основното и средното образование од РМ, на тема „Активна настава и интерактивно учење“. Семинарите се одржуваа во траење од по два дена, во градовите: Битола, Прилеп, Охрид, Тетово, два Скопје, Куманово, Велес и Штип и Струмица. На Пелистер во хотел „Молика“, по покана на Министерството за образование, кое беше организатор на семинар за наставници кои изведуваат настава во држави за наши ученици, одржал предавање „Методски приод кон обработка на природно – географските карактеристики на една држава или регија“. По иницијатива на советникот Петре Алексоски, се оформи и регистрира Здружение на наставниците по географија од Прилеп, Крушево и Македонски Брод. Со доаѓањето во Битола, извршил пререгистрација на Здружението на географите на наставниците од Битола, Ресен и Демир Хисар. Во 1995 година со наставници од двете здруженија организира дводневна научна екскурзија, за предавач беше ангажиран советник д-р Ѓорѓи Павловски. Посетени беа: Кавадарци– Тиквешко Езеро – Неготино-Демир Капија – Дојран-Берово (ноќевање) – Пехчево – Делчево – Виница – Кочани – Штип – Велес – Прилеп - Битола. На оваа екскурзија присуствуваа над 60 наставници и професори по географија. Со советниците од БРО – Битола на студиско патување за размена на искуство посетени се Заводите за школство во Белград, Нови Сад, Осиек и Крагуевац. Активно соработувал со сите советници по географија во Р. Македонија: Ацо Данев (Штип), Драги Ставревски и Ѓорѓи Павловски (Скопје), Ката Караѓорѓиева (Струмица), Миле Јовиќ (Велес), Македонка Вазлиска (Берово).Својата долга просветно - советничка кариера ја завршува со пензионирањето во 2001 година. И по пензионирањето е активен член на РГД „Геосфера“ – Битола.



Сл.73.**Томе Андоновски**

**Томе Ташко Андоновски** Роден е 05.09.1940 г. во село Лазарополе. Основно и средно образование завршил во Битола. Завршил ПМФ-студии по географија 18.03.1963 година. Во ОУ „Гоце Делчев" – Битола, предава неколку години, од 1965/66 – 1970/71 г. Во Скопје на ПМФ – Географски факултет се вработува како асистент во 1971 година. Магистрира, 1977 г. во Белград, а докторира 1983 г. во Скопје. Целиот период работи на Институтот за географија во Скопје. Неговата научна активност е обемна (научни, стручни трудови, монографии и учебници).



Слика 74. **Билјана Ставрева**

**Билјана Боро Ставрева** (1940 - 2015)Родена во 1940 година. Завршува ПМФ – географија на 26.12.1973 г. во Скопје.Се вработување во 1962 година. Од 1968 година предава географија во Училиште за ученици во стопанството (УЗУС) „Кочо Рацин", потоа во гимназија „Браќа Миладиновски", па во „Таки Даскалот". Учествува на симпозиуми и конгреси во Скопје, Белград и Загреб. Беше мошне активна во Сојузот на географските здруженија на Република Македонија. Нејзини ученици учествувале во повеќе натпревари и освоиле повеќе први места. Била омилена и прифатена од учениците и своите колеги. Се пензионира во 2001 година. Почина во 2015 година.



Сл.75.**Менка Тноковска**

**Менка Ѓорѓи Христова Тноковска**, Родена на 30.11.1941 година. Филозофски факултет група географија завршува во Скопје,26.02.1966 година.Во 1967 г., се вработува во Електро–машински центар „Ѓорѓи Наумов"–Битола. Во Центарот работи од 1967 до 2003 год. Од 2001 до 2003 г., дополнува часови во гимназија „Јосип Броз – Тито"–Битола. Во 2003 година се пензионира. Учествувала на повеќе натпревари, конгреси, симпозиуми, собири и стручни семинари и работилници.



Сл.76.**Славе Митревски**

**Славко Стефан Митревски**, Роден 1941 година во Битола. Завршил ПМФ географија 28.12.1969 година. Прво вработување во 1959/60 година во с. Свети Тодори – одделенска настава, а следната година предава во село Кукуречани. Од учебната 1963/64 година предава географија во „Мирче Ацев" с. Брод, а од 1968/69 до 1977 година е директор на истото ОУ „Мирче Ацев" во с. Брод – Битолско. Од 1977/78 до 1985 година е раководител во ОУ „Гоце Делчев" во с. Могила. Од 1985/86 година до 2000 година предава географија во ОУ „Даме Груев" – Битола. Учествувал на неколку конгреси, симпозиуми, конференции и семинари во организација на Македонското географско здружение и Заводот за школство - Битола. Во улога на ментор негови ученици учествувале во повеќе натпревари и освоиле повеќе водечки места. Успешен бил и како директор на училиште.

**Елена Михајло Џандарова Вељковиќ**, (1941-2009) Родена на 06.05.1941 г. во Валандово. Дипломирала наФФ група географија во Скопје на 27.11.1968 година. Предавала географија во сите средни училишта во Битола, и тоа: Гимназија „Јосип Броз Тито", „Браќа Миладиновци", „Ѓуро Салај", па „Таки Даскало", а покасно и во „Ѓорѓи Наумов", Медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи" и ДСЕУ „Јане Сандански" – Битола. Покрај географија предавала и социологија. Се пензионирала на 14.07.2006 година.



Слика 77. **Манте Стаматов**

**Манте Климе Стаматов**, Роден 1942 година во Борешница, Леринско. Завршил Учителска школа, па Педагошка академија – историја и географија во Битола во 1970 година. Природно – математички факултет, група географија завршил во 28.06.1986 година во Скопје. Прво вработување во 1963 година, пензионирање во 2004 година. Работел во: ОУ „Браќа Миладиновци" село Добрушево од 1963 до 1971 година. Во ОУ „Гоце Делчев" Битола од 1971 до 1987 година. Директор бил во ОУ „Гоце Делчев" од 1987 до 2004 година – до пензионирање. Учество на конгреси, научни симпозиуми, собири во Нови Сад на меѓународен конгрес за географија. Во Охрид во хотел „Десарет" – Прв конгрес на географите, 1995 г. Повеќе пати бил ментор по географија за студенти од Педагошка Академија – Битола.



Слика 78. **Борис Стојановски**

**Борис Ѓорѓи Стојановски**, (1942–2013) Роден во 1942 г. во с. Секирци – Општина Долнени, Прилепско. Завршил Виша Педагошка Школа– Битола, група историја и географија во 1966 г., потоа ПМФ–географија 13.01.1976 г. во Скопје. Работел во училиштата во с. Пешталево, 1963/64 г., с. Костинци 1964/65 г.,с. Славеј 1965/66 г. и во ЦОУ „Даме Груев“–Битола, 1968-2000 г. до пензионирањето. Бил директор на ЦОУ „Даме Груев“– Битола,(1980/81-1998/99).Бил член на Македонското географско друштво и на Географското здружение во Битола. Учествувал на конгрес на географите во Белград и Златибор, научен симпозиум на Пелистер, на семинари во Скопје и Отешево. Во весникот „Просветен работник“ објавил текстови со географска содржина.



Сл.79.**Димитар Ристевски**

**Димитар Ристевски** Роден во 1943 година. Прво вработување во 1962 година, пензиониран во 2004 година. Завршил педагошка академија во Битола во 1970 година. Работел во ЦОУ „Борис Кидрич“ с. Скочивир од 1962 до 1977 г., во ЦОУ „Тодор Ангелевски“ – Битола од 1978 до 1980 г. и во ЦОУ „Даме Груев“ – Битола од 1981 до 2004 г. Учествувал на повеќе конгреси, научни симпозиуми и собири во организација на Македонското географско друштво. Со свој научен труд учествува на Првиот Конгрес на географите од Република Македонија, одржан во Охрид, од 26-28.октомври 1995 година. Како ментор на ученици освојува повеќе први места на општинските и државните натпревари во организација на Народна техника (дисциплини географија и астрономија). Негови ученици освоиле први места на натпревари во организација на МГД при Институтот за географија во Скопје. Добитник е на неколку награди: лична награда - Истакнат педагошки работник за значајни резултати во воспитно – образовниот процес во организација на Републички педагошки совет во 1991 година. Награда 4-ти Ноември 1977 година на ЦОУ „Борис Кидрич“ – Старавина, за постигнати особени резултати во воспитно – образовната работа, како директор на училиштето.



Сл.80.**Лена Лазаревска**

**Лена Ефтимова Лазаревска,** Родена 1943 г. во с. Белчишта а починала во 2008 г. Завршила учителска школа во Скопје во 1963 година. Педагошка Академија во 1972 г. во Битола, група историја и географија. Предавала во с.Белчишта и во ОУ „Мирче Ацев“ с.Бач. Од 1980 г. предавала во ОУ „Тодор Ангелевски“ и ОУ „Стив Наумов“ во Битола. Се пензионирала во 1994 г.Добила повеќе награди и признанија за својата работа. Нејзини ученици на натпревари освоиле повеќе награди.



Сл.81.**Риза Стојановска**

**Риза Мито Ѓорговска Стојановска** Родена 1943 година во с. Слоештица – Демир Хисар. Завршува Педагошка академија – Битола во 1966 година. Прво вработување во 1966 г. во ОУ „Кузман Јосифовски Питу“ с. Брод, во ОУ „Браќа Миладиновци“ с. Долно Српци од 1966 до 1988 г., и во ОУ „Тодор Ангелевски“–Битола (1988- 2008), до пензионирање. Предава географија, нејзини ученици освоиле повеќе водечки места по метеорологија. Заедно со сопругот како гости учествуваат на симпозиуми и конгреси.



Слика 82. **Симеон Петров**

**Симеон Петров**, Роден 07.01.1943 г. загинува во сообраќајна несреќа на 30 јануари 1998 г. Завршува Педагошка Академија во Битола во 1969 година. Се вработил во 1973 година во ОУ „Тодор Ангелевски“ од 01.09.1973 година.Целиот период предавал историја и географија во ОУ „Тодор Ангелевски“ – Битола.



Слика 83. **Илија Ристевски**

**Илија Ристевски**,Роден 10.11.1945 г. во с. Граиште – Демир Хисар. Прво вработување на 01.09.1964 г. во ОУ „Браќа Миладиновци“ – Жван. Со вонредно студирање завршил Педагошка Академија во Битолаво 1971 г., и високо образование на ПМФ–Географски факултет, на 16.12.1980 г. Работел во ОУ „Браќа Миладиновци“–Жван од 01.09.1964 до пензионирање во 2006 г., а во периодот1980-1988 г. бил и директор. Дополнувал часови во Училиштен центар „Крсте Петков Мисирков“–Демир Хисар од 1988 – 2006 г., и во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“–Битола. Учествувал на конгреси и симпозиуми на географите. Негови ученици добивале награди на натпревари во организација на МГД и Народна Техника. Бил член на Здружението на географичари, и член на РГД „Геосфера“ Битола.



Слика 84.
**Драган Ангелевски**

**Драган Андон Ангелевски** Роден е 10.10.1944 г. с.Журче во Демир Хисар. Основно образование завршил во Демир Хисар а гимназија во Битола. Географски факултет завршил 23.02.1969 г. во Скопје. Магистрирал во Скопје во 14.09.1987 г., со тема: „Хидролошките особености и водостопанските можности и проблеми на општината Демир Хисар–прилог кон просторното планирање на општината“. Докторирал на Геолошко географски факултет, насока Географија на Универзитет „Св.Климент Охридски“ Софија во Бугарија на17.02.2003 г., со теза „Регионално географски аспекти на туристичкиот развој на Пелагонија (Р.М.)“, доктор од областа на туристичка географија. Бил директор и во Средното училиште „Крсте Петков Мисирков“ во Демир Хисар. До 1969 до 1975 г., работи во ЦОУ „Гоце Делчев“ – Демир Хисар, потоа во УЦ за средно образование „Крсте Петков Мисирков“ во Демир Хисар, како професор и директор (1975-2004), и во Гимназија „Таки Даскало“–Битола (1996-1998). Од 2004 г.,до пензионирањето 2010 е професор на Универзитет во Тетово-катедра по географија. Бил член на ДНУБ. Учествувал на симпозиуми и конгреси. Напишал 20 научно-стручни трудови.



Сл.85.**Никола Петровски**

**Никола Тихомир Петровски** Роден 26.06.1948 г. Завршил ПМФ – географија 10.05.1984 г. Работел во стопанство, а од 1999 г., во образование. Предавал во ЦОУ „Климент Охридски“, ЦОУ „Стив Наумов“, СОУ „Таки Даскало“, СОЕУ „Јане Сандански“ и Гимназија „Јосип Броз Тито“. На натпревари по географија има освоено неколку водечки места. Има добиено и неколку пофалници. Член е на РГД “Геосфера“ од самиот почеток. Во 2012 година се пензионира.



Слика 86. **Глигур Талевски**

**Глигур Цветан Талевски**Завршил Педагошка академија во Битола, а ПМФ – географија на 30.03.1981 г. во Скопје. Предавал во ОУ „Трајан Белев“ – Цапари. Од 1987 година предава во ОУ „Св. Климент Охридски“ – Битола се до пензионирање.



Слика 87. **Ајтен Фејзуловска**

**Ајтен Акиф Фејзуловска** Родена 09.01.1948 г., во Битола. Основно и средно – гимназија „Јосип Броз Тито“ завршува во Битола, во 1966 г. Дипломирала на ПА во Битола, група историја – географија на 29.04.1974 г., Прво вработување било од 13.10.1967 г., во одделенска настава во село Канатларци, Прилепско. Од 1969 до 12.04.1973 г., работела во Основното училиште во село Велушина како наставник по географија. Од 12.04.1973 г., се вработила како наставник по географија во ОУ „Никола Тесла“ во Битола кое подоцна се припоило кон ОУ „Гоце Делчев“ во Битола. Со своите ученици редовно учествувало на сите натпревари и освоила вредни награди. Се пензионирала на 29.12.2011 г., како наставник по географија. Била член на Здружението на географичарите на Битола, а подоцна и член на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 88. **Митре Тасевски**

**Тасевски** (1946-2010) Роден 05.10.1946 г. во с. Светомитрани Крушевско.Завршил Педагошка Академија во Битола. Предавал во ОУ „Кирил и Методиј“ – Бучин, Крушевско и во ОУ „Коле Канински“–Битола. Со свои ученици како ментор на натпревари по географија освоил повеќе први, втори и трети места на републичко и сојузно ниво. Учествувал на три конгреси, неколку симпозиуми и семинари. На третиот конгрес на географите презентирал стручен труд: „Изработка и аналитичка проценка на тестови“.За својата педагошка работа добил признание. Во 2006 г., добитник е на наградата „Кирил и Методиј“ за просветни работник од Општина Битола, а во 2010 г. и наградата „Наставник на годината“ од Републичкото здружение на просветни работници. Беше активен член на Регионалното здружение на географи, а од 2005 г. и на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 89. **Мирјана Георгиевска**

**Мирјана Ванѓел Георгиевска**. Родена 1948 г. во Магарево – Битолско. Дипломирала на ПМФ – географски факултет во 12.09.1985 година. Работи во ОУ „Гоце Делчев“ – Битола. Како ментор на ученици освоила повеќе први, втори и трети места. Учесник на повеќе симпозиуми, обуки и работилници. Во 2009 година од страна на МГД – Скопје, добитник е на пофалница за особен придонес во развојот на географијата. Член на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 90. **Трајанка Неделковска**

**Трајанка Неделковска**. Наставник по географија во ОУ „Гоце Делчев“ во Демир Хисар. Како ментор на ученици учествува во повеќе натпревари. Освоила прво место на републики натпревар во организација на МГД. Во 2009 година од страна на МГД – Скопје, добитник е на пофалница за особен придонес во развојот на географијата.



Слика 91. **Никола Масалковски**

**Никола Босилко Масалковски.** Роден 1941 г. во Ресен. Завршил ВПШ - географија во Загреб во 1963 г., а Географија наПМФ – Скопје во 25.12.1980 г. Предавал во ОУ „Мите Богоевски“ во Ресен. Учествува на повеќе симпозиуми. Бил ментор на ученици во натпревари. Се пензионира 2002 год.



Слика 92. **Владе Ефтимовски**

**Владе Ефтимовски**. Завршил ПА – Битола. Наставник по географија и историја во Основното училиште во Царев Двор, Ресен. Член на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика93. **Ефтим Балаловски**

**Ефтим Кирил Балаловски** Завршил ПМФ – географија, 12.11.1970 г. во Скопје. Долги години предавал во Гимназија „Цар Самоил“ – Ресен. Бил ментор на ученици во натпревари.Член на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 94. **Радиша Јанков**

**Радиша Петре Јанков.** Завршил ПА па ПМФ- географија 25.02.1967 г. Предавал географија во основното училиште „Кочо Рацин“ во село Ивањевци.Долги години бил директор на училиштето.



Слика 95. **Ангелина Христовска**

**Ангелина Христовска** Родена 18.08.1949 година во с. Базерник – Демир Хисар. Завршила Педагошка академија во Битола во 1971 година. Прво вработување во ОУ „Даме Груев“ – Битола во 1971 година до пензионирањето во 2013 година. Предавал и во ОУ „Стив Наумов“ и ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ во Битола. Во својство на учесник учествувала на повеќе семинари. Нејзини ученици освоиле повеќе награди на разни општински, регионални и државни натпревари по географија.Член на РГД „Геосфера“ – Битола.

**Анастас Стојановск1и (Таше)**, Завршил Педагошка академија, па Правен факултет во Битола. Прво предавал во Бач, предавал географија – историја (1960-1963), потоа доаѓа во „Тодор Ангелевски“ –Битола (од 1963/64 – до 1973/74 г.). Во меѓувреме завршува Правен факултет во Битола и се вработува во администрација на Општина Битола.

**Рада Митрева**, Завршила ПМФ – географија во Скопје. Во првите години предавала географија во гимназија „Браќа Миладиновци“ – Битола.

**Блага Сазданова**Завршила Педагошка академија во Битола, па ПМФ – географија во Скопје. Предавала географија во ДСУ „Браќа Миладиновци“ – Битола.

**Виолета Чаталова**Завршила Педагошка академија – Битола. Предавала географија во ОУ „Д-р Трифун Пановски“ – Битола.

**Милица Ѓорѓевска,**Завршила Педагошка академија–Битола.Предавала географија во ОУ„Коле Канински“–Битола.

**Алексо Бакревски**, Завршил Педагошка академија во Битола. Предавал историја и географија во ОУ „Стив Наумов“ – Битола.

**Петре Трајковски**, Завршил Педагошка академија во Битола. Предавал историја и географија во ОУ „Стив Наумов“ – Битола.

**Томислав Милевски**, Завршил Педагошка Академија во Битола. Предавал во ОУ „Тодор Ангелевски“ – Битола. Добитник е на „Кирил и Методиј“ на просветни работници од Општина Битола во 1982 година.

**Васко Кузмановски**, Завршил Педагошка Академија во Битола. Предавал во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Бистрица, предавал и во ОУ „Кочо Рацин“ – село Велушина. Добитник е на „Кирил и Методиј“ на просветни работници од Општина Битола во 1984 година.

**Александар Димовски**, Завршил Педагошка Академија група историја и географија во Битола. Предавал во ЦОУ „Коле Канински“ – Битола и во Буково до пензионирањето. Добитник е на „Кирил и Методиј“ на просветни работници од Општина Битола во 1986 година.

**Борче Богдановски** ПА – Битола, историја и географија, предавал во ЦОУ „Коле Канински“ и во Буково до 1989 година. Повеќе предавал историја.

**Милан Мицевски,** Завршил Педагошка Академија во Битола. Од 1955 до 1964 година предавал географија во Земјоделското училиште во Битола.

**Васка Лазаревска,** Завршила Педагошка академија во Скопје. Предавал географија во „Борис Кидрич“ во Старавина.

**Борис Петревски**, Завршил Педагошка академија, група историја и географија во Битола. Предавал во ОУ „Стале Попов“ – Маково.

**Александар Цветковски**, Завршил Педагошка академија, група историја – географија во Битола. Предавал во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола.

**Раде Лутовски**, Завршил Педагошка академија, историја и географија во Битола. Предавал во ОУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци. Краток период предавал и географија.

**Атанас Митревски**, Завршил Педагошка академија во Битола. Предавал историја и географија во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола.

**Вангел Иван Боцевски**, Завршил Педагошка академија во Битола, па ПМФ – географија, 26.06.1967 г. во Скопје. Предавал историја и географија во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ и ОУ „Трифун Пановски“ во Битола.

**Марија Дамјановска**, Завршила Педагошка академија во Битола, а потоа и ПМФ - географија во Скопје. Предавал историја и географија во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола.

**Блага Саздова**, Завршила Педагошка академија во Битола. Предавал историја и географија во ОУ „Коле Канински“ – Битола.

**Петар Цветан Гроздановски,** Завршил ПМФ – географија во Скопје, 30.09.1966 г.. Предавал во Училиштето за занимање, при Работнички универзитет Битола, а потоа работел во Музеј Битола и Сојуз на борци - Битола.

**Елена Митрева,** Завршила ПМФ – географија во Скопје. Предавала географија во Училиштето за занимања при Работнички универзитет – Битола, а потоа во ОУ „Елпида Караманди“ – Битола, до пензионирањето.

**Христо Христовски,** Завршил Педагошка академија во Битола, а потоа и Дефектолошки факултети.Професор е во Центарот за глуви и наглуви „Кочо Рацин“ – Битола

**Ѓорѓи Димитровски** Завршил Педагошка академија во Битола. Предавал историја и географија во ОУ во с. Рамна. Долги години бил директор во ОУ „Трајан Белев“ – Цапари, Битолско.

**Ѓорѓи Танковски** Завршил Педагошка академија, па потоа ФФ група Историја. Во почетокот на вработувањето предавал историја и географија. Доли години бил директор и советник по историја во Заводот за школство во Битола.

**Нада Чаловска**, Завршила ПА–Битола. Предавала историја и географија во „Д-р Трифун Пановски“ Битола.

**Бранко Неловски,** Завршил ПА – Битола. Предавал историја и географија во ОУ „Даме Груев“ – Смилево и ОУ „Браќа Миладиновски“–Жван, во кое повеќе години бил и директор на училиштето, се до пензионирањето.
**Лилјана Танковска** Завршила ПА - Битола. Предавала историја и географија во ОУ „Стив Наумов“ – Битола.
**Никола Танковски** Завршил Педагошка академија во Битола, па потоа факултет по Историја. Во почетокот предавал историја и географија во неколку училишта. Бил директор во ОУ „Св. Кирил и Методиј“ – Битола.
**Лилјана Ташева** Завршила Педагошка академија. Предавала историја и географија во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“.
**Весела Јошева** Завршила Педагошка академија. Предавала географија во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола.
**Симо Јоновски**, Завршил ПА–Битола. Предавал географија и историја во ОУ „Димитар Влахов“ - Љубојно.






Слика 96-97.Димитар Ристевски со ученици од географската секција приОУ „Даме Груев“ – Битола.





Слика 98-99. Учество на Првиот конгрес на географите во Охрид, 1995 година.





Слика 100-101. Учество на II конгрес на географите во Охрид, 26-28.10.2000 г. Со кајче од Пештани до „Заливот на коските“ – Градиште.



Слика102. Втор конгрес на географите, 03-05.11.2000 г. Охрид, хотел „Десарет“ – Пештани.




Слика103.Советникот по географија д-р Никола В. Димитров,во својата канцеларијата во БРО-Битола,2005.



Слика 104-111.Активност на советникот, увид во реализација на различни типови часови во и надвор од училница.



Слика 112-120. Активност на советникот, увид во реализација на различни типови часови во и надвор од училница.

### 8. Регионално географско друштво „Геосфера“ – Битола (2005/06 – )

Во текот на 2005 година се започнува со активности за обнова на регистрацијата на Здружението или формирање на ново Географско друштво. Од реализираните разговори со професори и наставници по географија од Битола, но и од Ресен и Демир Хисар, произлезе предлогот да се формира Регионално географско друштво „Геосфера“ со седиште во Битола. Ваквиот предлог едногласно е изгласан на основачкото Собрание на Регионалното географски друштво „Геосфера“–Битола, или скратено РГД „Геосфера“, кое се одржа во сабота на 10.12.2005 година,во 10 часот, во библиотеката на ДСУ „Таки Даскалот“–Битола.

На ова Собрание учествуваа следните 25 професори и наставници по географија, и тоа: д-р. Никола В. Димитров, Петре Алексоски, Љупчо Долевски, Ристо Грујовски, Лука Карапетроски, Душко Швигир, Мите Ристов, Даниела Ристова, Бистрица Стојановска, Марина Трајчевска, Митре Тасески, Мирјана Планчак, Никола Петровски, Мирјана Георгиевска, Славка Димевска, Виолета Нешковска, Трајанка Гелевска, Татјана Бунарџиева, Ангелина Христова, Бранко Стојановски, Алексо Карловски, Благој Кочовски, Илија Ристевски (Демир Хисар), Весељ Јусуфи (Ресен) и Ефтим Баловски (Ресен).

За претседател на РГД „Геосфера“ е избран д-р Никола В. Димитров, советник во БРО–ПЕ Битола и доктор на географски науки, а за секретар Мите Ристов, професор во гимназијата „Јосип Броз Тито“ и во ОУ „Тодор Ангелевски“–Битола,ПУ во Горно Оризари.

На основачкото Собрание беа презентирани трудови од наставници учесници на III-третиот Конгрес на географите на Република Македонија, одржан на 15.10.2005 г., во Скопје.

Регистрацијата на РГД „Геосфера“ е направена во пролетта 2006 година, со што е официјализирано формирањето на здружението на граѓани – географи од Битола, Ресен и Демир Хисар. Значи по точно 50 години од првата географската секција (1956 г.), се формира Регионално географско друштво „Геосфера“ со седиште во Битола.

Во Друштвото примарно членуваат професори и наставници по географија од Општините Битола, Ресен и Демир Хисар. Во текот на 2006 година пристапница за членство потпишаа над педесет наставници и професори. Членови во Друштвото можат да бидат и други граѓани чии интерес им се географските и сродните науки на географијата.

Непосредно по формирањето, во мај 2006 година секретарот професор Мите Ристов изработи Веб страна на Друштвото:http://rgdgeosfera.tripod.com.

Од 30.03. до 01.04.2006 г. во Охрид се одржа Меѓународен научен симпозиум „Руралниот простор во новите развојни услови“, на кој зеде учество претседателот на Друштвото, д-р Никола В. Димитров, и настапи со свој труд *(„Демогеографски модели на руралниот развој во Република Македонија во услови на глобални структурни промени“)*.

Во периодот од 2006 до 2010 година, односно во периодот на раководењето со друштвото на првиот претседател реализирани се следните активности: секоја година организирани се регионални натпревари по географија за учениците од основните и средните училишта, а во 2010 година и републички - државен натпревар по географија.

Друштвото до Општина Битола достави три апликации на едукативно географски проекти, и тоа: „Битолски ГПС коцки“, „Битолски едукативен видиковец“, и „Изработка на разни карта за животната средина“. За жал, „Геосфера“ од општината не доби одговор.

За потребите на наставата од страна на советникот Димитров, во СОУ „Јосип Броз Тито“ – Битола, на 02.12.2006 г., беше одржан семинар на кој беше претставена наставната програма по изборниот предмет:Основи на природните науки во V и VI одделение. На овој семинар присуствуваа над 30 наставници.

На 24.03.2007 г.во СОУ „Јосип Броз Тито“ -Битола, советникот-претседател на „Геосфера“, реализира методичка работилница за „*Местото на географијата во новата Концепција за деветгодишно основно образование*“; а секретарот на Друштвото, проф. Мите Ристов, презентираше за „*Користење на квизот по географија од интернет страната на РГД Геосфера во функција на унапредување на наставата по географија*“. На методичната работилница учествуваа 32 наставници и професори.

На 04.04.2007 година“, исто во СОУ „Јосип Броз-Тито-Битола, советникот - претседател на „Геосфера“ реализирана методичка работилница за„*Теренска настава по географија*“, на која учествуваа 34 наставници и професори.



Слика 121. Професори, наставници и советници учесници на Третиот конгрес на географите.

Професори, наставници и советници од Битола, учесници на **Третиот конгрес на географите на Република Македонија**, кој се одржа на 15.10.2005 година во просториите на Природно-математичкиот факултет во Скопје. На оваа манифестација учествуваа повеќе од 100 излагачи, досега рекорден број на презентери кои воопшто се појавиле на било кој конгрес одржан во нашата земја, од кои половината беа од странство (Бугарија, Србија и Црна Гора, Словенија и Босна и Херцеговина и други држави). Работата на конгресот беше поделена на три работни секции. На конгресот во две секции учествуваа10 битолски географи, со 7 трудови, и тоа:

**Секција за социо - економска географија:**

- Никола В. Димитров:„*Демографски контрасти на населението во РМ според националност, мајчин јазик и вероисповед (попис 1994 и 2002 г.)*“

**Секција за методиката во наставата по географија:**

- Лидија Кондинска и Никола В. Димитров: „*Примена на теорија на графови при боење на географски карти*“;
- Даниела Ристова и Мите Ристов: „*Примена на принципот на истражување во географијата преку реализираната наставно-научна екскурзија во село Маловишта*“;
- Лука Карапетроски и Душко Швигир:„*Изработка и примена на нагледни средства во наставата по географија за V одделение*“;
- Ристо Грујовски: „*Теренската настава по географија во функција на културниот туризам по примерот на Смилево*“;
- Стојановска Бистрица: „*Слободата на наставникот во креирањето на часот*“;
- Митре Тасески: „*Изработка и аналитичка проценка на тестови по географија*“;
- Петре Алексоски:„*Современата настава треба да ја следи соодветно стручно усовршување на наставниот кадар по географија*“.



Слика 122-129. Учество на членови на РГД „Геосфера“ на 3-тиот Конгрес на географите, Скопје, 2005 г.














Слика 130-135. Учество на членови на РГД „Геосфера“ на 3-тиот Конгрес на географите, Скопје, 2005 г.



Слика 136-141.Од основачко Собрание на РГД „Геосфера„Битола,10.12.2005,регистрирано во март 2006 г.




Слика 142-145. Штембил и печат на Регионално географско друштво „Геосфера“ – Битола

Организирање на регионален натпревар по географија, 14.април 2007 година, „ОУ „Стив Наумов“ – Битола, учество 63 ученици.

Промоција на монографска книга: „Пелистерски Езера„ од проф. ДраганВасилевски, во соработка со Македонското научно друштво-Битола, 22.12.2006 година, НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, присутни околу 40 наставници и ученици.

Еднодневна теренска настава со наставниците-професорите по географија од регионот Битола-Ресен-Демир Хисар, на релација: Битола-Стрежевско Езеро-Смилево-Демир Хисар-Бучин-Битола, 19.05.2007 година, со учество на 24 наставници.




Слика 146-149. Ученици од основните училишта во Битола со своите ментори на „Отворен ден на науката“, 2004 г.




Слика 150-153. Промоција на монографската книга „Пелистерски Езера“ од проф. д-р ДраганВасилевски, 22.12.2006 година, НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола.




Слика 154-159.Од семинарот „Компјутерите во наставата по географија“,ДСУ „Таки Даскалот“, 2006 год.




Слика 160.Наставници учесници на семинар ПЕП, Охрид, 2007 година., со едукаторот Ph.D. Rob Helfenbein, Indiana, University, USA, американец со индијанско потекло.



Слика 161-164. Семинар со наставници од Битола, Прилеп, Ресен и Демир Хисар, учесници во ПЕП проектот, 2008 година.



Слика 165-172. Семинар со наставници од Битола, Прилеп, Ресен и Демир Хисар, учесници во ПЕП проектот, 2008 година.




Слика 173-180. Теренска настава со наставници и професори географи од Битола, Ресен и Демир Хисар.



Слика 180-183. Практичен нас „Ориентација на земјиштето“ ментори - наставници Митре Тасески и Методија Димовски со своите ученици во с. Буково и с. Цапари, 2007 година.



Слика 184-187. Теренска настава,19.05.2007, Брана „Стрежево“, Смилево, Демир Хисар, Бучин, заеднички ручек.










Слика 188-195. Семинар со работилница за активна настава, 2007 година.



Слика 196-197. Едукативна средба, 24.03.2007 година.



Слика 198-200. Прво годишно Собрание, 02.12.2007 година.



Слика 201-206. Семинар на наставници и професори по географија во Скопје,28.01.2008 година.



Слика 207-210. Проект – „Користење на Google Earth во наставата по географија“.



Слика 211-215. Теренска настава 04.10.2008, Музеј на тутун, пештера „Пешна“, Беличка Река, Езеро „Козјак“, заеднички ручек.

Едукативна работилница во СОУ Таки Даскало-Битола, на тема: “Како да изработиме Веб страна за географската секција на училиштето”, 20.06.2007 година, учесници 30 наставници.

Еднодневна теренска настава, на тема:„Ориентација со помош на топографска карта, часовник и компас“, локација Св. Атанасиј-Битола, 28.06.2007 година, учесници 14 наставници.

На 09.02.2008 год, во ОУ ,,Елпида Караманди“ - Битола советникот и професорот Мите Ристов реализираа едукативна работилница за наставниците по географија на тема: „Користење на Google Earth во наставата“, присуствуваа 30 наставници.

Организирање на регионален натпревар за ученици од основни и средни училишта по географија за Битола-Ресен-Демир Хисар, место на одржување: ОУ ,,Даме Груев,,-Битола,19.04.2008 год., учество 46 ученици.

Еднодневна теренска настава со наставниците-професорите по географија од регионот Битола-Ресен-Демир Хисар, на релација: Битола-Прилеп-Македонски Брод-Езеро Козјак, 04.10.2008 година, учество над 20 наставници.

Наставници-членови на Друштвото во текот на годината учествуваа на разни едукативни работилници во организација на БРО на РМ, на УСАИД и други странски и домашни невладини организации, фондации и асоцијации.

Организирање на регионален натпревар за ученици од основни и средни училишта по географија за Битола-Ресен-Демир Хисар, место на одржување: ОУ „Крсте Петков Мисирков"-Бистрица,11.04.2009 год., учество 50 ученици, 20 наставници ментори.

Одржување на состанок , 05.09.2009 год. во СОУ „Јосип Броз – Тито" – Битола, учество 25 наставници. Тема: „Предлог за промена на наставната програма по предметот географија за 7-мо одделение". Предлогот е испратен до МОН, БРО и МГД. Презентирање на нови содржини на веб страната на Друштвото.

Во периодот од 22-25 октомври 2009 година, 3 географи членови на РГД „Геосфера" учествуваа на Меѓународен научен симпозиум во Охрид, на тема: „Географијата и одржливиот развој" и тоа: проф. д-р Никола В. Димитров, проф. Мите Ристов и проф. Љупчо Долевски. На симпозиумот со свој труд настапи, претседателот,доц. д-р Никола В. Димитров („Просторно-популациски белези на населбите од и над 1000 м.н.в во функција на туризмот во РМ").

Организирање на регионален натпревар за ученици од основни и средни училишта по географија за Битола – Ресен-Демир Хисар, место на одржување: ОУ „Елпида Караманди" -Битола,10.04.2010 год., учество на 30 ученици, 18 наставници ментори.

На 07 и 08.мај2010 година РГД „Геосфера" го организираше државниот - републичкиот натпревар по географија за ученици од основните и средните училишта. Натпреварот се одржа во ОУ„Елпида Караманди" – Битола. На натпреварот зедоа учество околу 200 учесници (160 ученици и 40 ментори – професори и наставници) од сите градови и поголеми општини во Република Македонија.Натпреварот го отворија: директорот на училиштето Илчо Белџигеровски, претседателот на Друштвото доц. д-р Никола В. Димитров, претседателот на Македонското Географско Друштво, проф. д-р Благоја Маркоски, и Советничката за образование во општина Битола, г-ѓа Снежана Петровска. За сите учесници организаторот обезбеди сместување (за учениците кај свои соученици, а за менторите во хотел „Битола", каде се одржа свечена вечера). Резултатите беа соопштени наредниот ден кога беа доделени и награди.

На 05.09.2010 година „Геосфера" организира и реализира еднодневна теренска екскурзија со наставниците-професорите по географија од Битола, на релација: Битола – Кокино-Св.Јоаким Осоговски – Куклица–Кратово. На теренската наставно научна екскурзија учествуваа 18 наставниции други членови на Друштвото.

Регионалните натпревари по географија се одржуваат во основни или средни училишта во Битола. Правило е победникот од претходниот регионален натпревар да биде домаќин. Така, натпревари се одржале во следните основни училишта: „Стив Наумов", „Гоце Делчев", „Коле Канински", „Даме Груев", „Тодор Ангелевски"„„Климент Охридски", „Елпида Караманди", „Ѓорѓи Сугарев", „Кирил и Методиј", „Трифун Пановски", СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито", СОУ „Таки Даскалот", СОЕУ „Јане Сандански" и други.

Регионален натпревар за ученици од основни и средни училишта по географија за Битола-Ресен-Демир Хисар, во 2011 година се одржа на 16.04.2011 година во ОУ „Коле Канински"-Битола,со учество на 38 ученици и 18 ментори наставници.

Регионален натпревар за ученици од основни и средни училишта по географија за Битола-Ресен-Демир Хисар, во 2012 година се одржа на 07.04.2012 година во ОУ „Гоце Делчев"-Битола,со учество на 37 ученици и 20 ментори наставници.

Регионален натпревар за ученици од основни и средни училишта по географија за Битола-Ресен-Демир Хисар, во 2013 година се одржа на 30.03.2013 година во ОУ „Гоце Делчев“-Битола,со  учество на 34 ученици и 20 ментори наставници.



Слика 216-223. Регионални натпревари по географија и комисија за прегледување тестови.




Слика 224-231. Републички натпревар по географија, ОУ „Елпида Караманди“ – Битола, 07-08.05.2010 г.






Слика 232-235.Теренска настава,05.09.2010,Старо Нагоричане, Св.Јоаким Осоговски,Кокино,Кратово.



Слика 236.Свечено одбележување 5 години РГД „Геосфера“ – Битола.

Во текот на изминатите 70 години, Македонското географско друштво - Скопје, за придонес во развој и афирмација на географијата на повеќе географи од Битола им додели повеќе пофалници и благодарница. Ќе ги споменеме имињата за кои имаме податоци дека се добитници на пофалници и благодарници, а тоа се: Велимир Костовски, Владимир Точковски, Димче Стефанов, Сотир Саранди, Горица Шолјаковска, Симон Чаловски, Петре Алексоски, Сотир Стојановски, Димитар Ристевски, Никола В. Димитров, Љупчо Долевски, Мирјана Георгиевска, Трајанка Неделковска, Лука Карапетроски, Томе Георгиевски, Митре Тасески и Мите Ристов.

Добитници на плакети за успешни просветни работници се следните наставници и професори по географија: во 2006 г.,е Митре Тасевски, ОУ „Коле Канински“, во 2009 г., Петар Глигоров, ОУ „Коле Канински“, и во 2010 г., е Бистрица Стојановска, ОУ „Стив Наумов“.

Во континуитет, од над две децении професори и наставници од Битола, но и од соседните општини учествуваат на традиционалниот семинар за стручно усовршување во Скопје кој се реализира во организација на МГД и Институтот за географија во Скопје.

На четвртиот Конгрес на географи во Дојран (07-10.октомври 2010 година), учествуваа 11 географи, и тоа: д-р Никола В. Димитров, Мите Ристов, Даниела Ристова, Петар Глигоров, Љупчо Долевски, Лука Карапетроски, Душко Швигир, Точме Георгиев, Сашо Френзовски, Трајанка Гелевска, Пецо Димовски, и Зоран Сребренкоски (географ од Прилеп). На Конгресот,битолските географи презентираа шест научни и стручни труда. Наставници - членови на Друштвото во текот на годината учествуваа на разни едукативни работилници во организација на Бирото за развој на образованието, во организација на УСАИД и други странски и домашни невладини организации, фондации и асоцијации.

Во 2013 година битолски географи учествуваат на меѓународен симпозиум на тема „Проблеми и перспективи на ридско – планинските подрачја“ кој се одржа во Охрид од 12 до 15 септември 2013 година. На овој симпозиум учествувале 5 географи од Битола, и тоа: д-р Никола В. Димитров, Мите Ристов, Лука Карапетроски, Анета Печипајкоска, Блага Атанасовска. На симпозиумот со свој труд учествува проф. д-р Никола В. Димитров.

На петтиот конгрес на географи во Скопје се одржа од 26-29 септември 2015 година. На овој конгрес присуствуваа и 11 географи од Битола, и тоа: Мите Ристов, Лука Карапетроски, Душко Швигир, Петар Глигоров, Мирјана Планчак, Марина Трајчевска, Томче Георгиев, Блага Атанасовска, Анета Печипајковска, Александра Јошевска и Стефанија Трајковска. Свој труд на конгресот достави проф. д-р Никола В. Димитров („Просторно – популациски карактеристики на населбите во Пелагонискиот статистичко плански регион“).

Од 2010 година наваму со РГД „Геосфера“ раководи новиот претседател, втор по ред м-р Мите Ристов, а секретар е м-р Гордана Бошковска Богоевска. РГД „Геосфера“ во текот на своето постоење организира околу 20 интерни едукативни семинари и обуки за своите членови. Како обучувачи биле советникот и првиот претседател на РГД проф. д-р Никола В. Димитров, вториот претседател на РГД професор м-р Мите Ристов, секретарот на РГД м-р Гордана Богоевска, Даниела Ристова, Анета Печипајковска, м-р Методи Богоевски, м-р Тони Гештаковски, Лука Карапетроски, Стефанија Трајковска и други.

Во текот на сите години РГД „Геосфера“ организира годишни собранија, обуки, работилници, предавања, теренска настава (Стрежевско Езеро, с. Смилево, Демир Хисар, с. Бучин, потоа Прилеп, пештера Пешна, Езеро Козјак, Старо Нагоричане, Пелинце, Кокино, водопад Дуф, Езеро Маврово, с. Извор – Кичевско и други места), реализира проекти, кампањи и сл.Сите состаноци на друштвото се реализираат во наставничката канцеларија во гимназијата „Јосип Броз Тито“ - Битола.

Во улога на ментори повеќе професори и наставници се добитници на голем број признанија за освоени први, втори и трети места на натпревари во организација на Македонско географско друштво, како и на натпревари во организација на Народна техника на Република Македонија.



Слика 237. Професори, наставници и советникот по географија на Четвртиот конгрес на географите.

Професорите и наставниците од Битола, членови на РГД „Геосфера“, учесници **Четвртиот конгрес на географите на Република Македонија**, кој се одржа во Дојран (7 - 10 октомври 2010 год.). На оваа манифестација учествуваа повеќе од 50 излагачи. Работата на конгресот беше поделена на три работни секции, а на две секции зедоа учество следниве 11 битолски географи (и професорот Зоран Сребренкоски, географ од Прилеп):

- **Секција за социо-економска географија:**
  - Никола В. Димитров: *„Просторно-популациски обележја на планинските населби во функција на развој на туризмот во Република Македонија“*
  - Петар Глигоров: *„Урбанизација на подпелистерието и влијанијата врз животната средина“*
- **Секција за методиката во наставата по географија:**
  - Мите Ристов и Даниела Ристова: *„Наставата по географија во 21-от век“*;
  - Лука Карапетроски, Душко Швигир и Зоран Сребреноски: *„Интеракција помеѓу географијата и историјата во работата на географската и историската секција“*;
  - Никола В. Димитров и Љупчо Долевски: *„Менторската улога на наставникот по географија во процесот на изработка на матурските теми“*;
  - Томче Георгиев: *„Децата со оштетен слух и географијата“*.

Регионален натпревар за ученици од основни и средни училишта по географија за Битола – Ресен-Демир Хисар, во 2014 година се одржа на 30.03. во ОУ „Гоце Делчев“- Битола,со учество на 34 ученици и 20 ментори наставници.

Регионален натпревар за ученици од основни и средни училишта по географија за Битола – Ресен-Демир Хисар, во 2015 година се одржа на 09.04. во ОУ „Даме Груев“- Битола,со учество на 36 ученици и 18 ментори наставници.

Регионален натпревар за ученици од основни и средни училишта по географија за Битола – Ресен-Демир Хисар, во 2016 година се одржа на 09.04. во ОУ „Стив Наумов“- Битола,со учество на 40 ученици и 20 ментори наставници.




Слика 238-239. Едукативна работилница „Изработка на електронски неми карти и нивно користење во оценување на учениците“, едукатор претседател на РГД “Геосфера“ Мите Ристов,2011 година.




Слика 240-241. Едукативна работилница „Подготовка и изработка на тест прашања по географија според Блумова таксономија“, едукатор претседател на РГД “Геосфера“ Мите Ристов,2012 година.




Слика 242-243. Ментор Даниела Ристова и ученик Ивана Кочковска, ОУ „Ѓорѓи Сугарев“, прво место во Републички натпревар по Применета географија организирана од Народна техника, 2012 година.




Слика 244-245. Екскурзија пештера „Шаркова Дупка“ – Маврово, водопад „Дуф“ – Ростуше, 16.06.2012 год.



Слика 246-247. Учество на семинар по географија во организација на МГД, Скопје, 16.03.2013 година.



Слика 248-250. Едукативно предавање на Мите Ристов на тема: „Израел земја на контрасти“,2013 година.



Слика 251-252. Теренска настава с.Железнец, пештера „Пешна“, ресторан „Белица“,јуни 2014 година.

Во 2016 година претседателот на „Геосфера“ професор м-р Мите Ристов дизајнира нова Веб страна на Друштвото:https://geosfera.weebly.comи на истата ги има сите податоци и активности за Друштвото од основањето до денес. Веб страната постојано се ажурира со податоци и фотографии за сите активности организирани и реализирани од страна на членовите на друштвото(податоци за проекти, кампањи, натпревари, екскурзии) но и други информации (занимливости, гео - прозорец, фото – галерија и др.).

Регионален натпревар за ученици од основни и средни училишта по географија за Битола – Ресен-Демир Хисар, во 2017 година се одржа на 01.04. во ОУ „Св. Климент Охридски“ -Битола,со учество на 42 ученици и 20 ментори наставници.



Слика 253-256. Учество на едукативен семинар по географија во организација на МГД, Скопје 21.03.2015 г.



Слика 257-258. Учество на едукативен семинар по географија во организација на МГД, Скопје, 19.03.2016 г.

Од 2018 година „Геосфера“во соработка со МГД успешно организира и реализира општински и регионални натпревари по географија за основните и средните училишта за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила. Така, општинските натпревари по географија во 2018 година се одржаа на 10.02. во ОУ „Коле Канински“ – Битола со учество на 47 ученици и околу 20 ментори наставници. Додека пак, регионалниот натпревар по географија се одржа на 17.03.2018 година во гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола, со учество на40 ученици и 18 ментори.

Општинскиот натпревар по географија за 2019 година се одржаа на 26.01. во ОУ „Св. Климент Охридски“ – Битола со учество на 33 ученици и 11 ментори наставници, додека регионалниот натпревар по географија се одржа на 07.03.2019 година во гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола, со учество на40 ученици и 15 ментори наставници.



Слика 259-261. 10 години РГД „Геосфера“ Битола, наставничка канцеларија во „Јосип Броз Тито“, 2016 г.



Слика 262-263.Претседателот на „Геосфера“ м-р Мите Ристов,еднодневен семинар со ученици,05.11.2017г.



Слика 264.Претседателот на „Геосфера“ м-р Мите Ристов, едукативна работилница,30.09.2017 г.






Слика 265-266.Претседателот на „Геосфера“ м-р Мите Ристов, едукативна Scientix работилница, 17.03.2018 г.



Слика 267.Заедничка едукативна работилница „Ресурси и примери на интерактивна настава по предметот географија за 9то одделение“ на РГД „Геосфера“ и РГЗ „проф. д-р Митко Панов“ – Прилеп, 24.11.2018 г.



Слика 268-269.М-р Мите Ристов и Даниела Ристова, Едукативна работилница „Ресурси и примери на интерактивна настава по предметот географија за 9то одделение“ на која учествуваа професори од РГД „Геосфера“ и колеги од РГЗ „проф. д-р Митко Панов“ – Прилеп, 24.11.2018 година



Слика 270. МГД - Семинар за стручно усовршување, 30.11.2018 г., Скопје.




Слика 271.*ОСВЕСТИ СЕ !*Еко акција, 17.03.2019 година.





Слика 272-273.*ОСВЕСТИ СЕ !*Еко акција, 17.03.2019 година.



Слика 274-275.*ОСВЕСТИ СЕ !* Еко акција, 24.03.2019 година.



Слика 276-278.Волонтерска акција, активисти на „Геосфера“ и ученици од Гимназијата „Јосип Броз Тито“, на 25.12.2019 г. реализираа акција за естетско уредување на училишниот двор и влезот на гимназијата.

По повод 70 години од постоењето на Македонското географско друштво, организира интернационален научен симпозиум „Новите трендови во географијата“, кој се одржа на 3 и 4 Октомври 2019 година во Охрид. На научниот симпозиум учествуваше и со свој труд се престави проф. д-р Никола В. Димитров, член на Геосфера („Препораки за развој на туризмот во руралните средини во Република Македонија“). Додека на 04.12.2019 година на ПМФ–Институт за географија во Скопје беше промовирана книгата на проф. д-р Благоја Маркоски, „Македонската географска мисла по повод 70 години Македонско географско друштво“.




Слика 279-281. Постер од кампањата, „СТОП ! Сакам са поминам“,19.09.2018 година




Слика 282. Постер од Едукативна изложба „Патување низ Сончевиот систем“.



Слика 283-284. Едукативна изложба „Патување низ Сончевиот систем“,23.05.2019 година.



Слика 285. Едукативна изложба „Патување низ Сончевиот систем“,23.05.2019 година.




Слика 286. Едукативна изложба „Патување низ Сончевиот систем“ изграден по намален размер на растојание од над 23 милијарни пати. Намалувањето е со следните димензии: Сонце со пречник 6 см (тениско топче), оддалеченост од Сонце – Меркур = 2,5 м; Сонце – Венера = 4,5 м; Сонце – Земја = 6,5 м; Сонце – Марс = 10 м; Сонце – Јупитер = 33,5 м; Сонце – Сатурн = 61,5 м; Сонце – Уран = 124 м; Сонце – Нептун = 195 м; Сонце – Плутон = 255 метри.




Слика 287. РГД „Геосфера“со креативна едукативна игра „Монопол на животната средина“ на 14.09.2019 г., во Скопје учествуваше на настанот „Ден на граѓанските организации“ во организација Civica Mobilitas.




Слика 288-289.Учество на РГД „Геосфера“со креативна едукативна игра „Монопол на животната средина“ на 14.09.2019 г., во Скопје на настан „Ден на граѓанските организации“ во организација Civica Mobilitas.



Слика 290. Годишно собрание на РГД „Геосфера“ – Битола, 05.10.2019 година м-р Мите Ристов, претседател на Друштвото одржа две предавања: Искуства од Еразмус + и проектот и обуката во склоп на „CRL Sshool 2019“ и вклучување на Друштвото во проект „Разбуди ја ЕКО-СВЕСТА во себе“.

Општинскиот натпревар по географија за 2020 година се одржаа на 09.02. во ОУ „Елпида Караманди“ – Битола со учество на 52 ученици и 13 ментори наставници, а регионалниот натпревар по географија се одржа на 07.03.2020 година во гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола, со учество на36 ученици и 13 ментори наставници.



Слики 291-292. Општински натпревар по географија 2020 година.

Денес во Битола и битолско, но и во Ресен и Демир Хисар има 50 професори и наставници по географија, од кои активни членови во РГД „Геосфера“се над 40 колеги.

Во оваа пригода, 2020 година ќе ги наведеме имињата на сите професори и наставници кои членуваат и членуваа во РГД „Геосфера“, и тоа: м-р Мите Ристов, м-р Гордана Богоевска, проф. д-р Никола В. Димитров, м-р Методиј Богоевски, м-р Тони Гештаковски, Љупчо Долевски, Мирјана Планчак, Ристо Грујовски, Марина Трајчевска, Бистрица Стојановска, Лука Карапетроски, Татјана Бунарџиева, Пецо Димовски, Блага Атанасовска, Душко Швигир, Томче Горгиевски, Даниела Ристова, Трајанка Гелевска, Воислав Поповски, Лилјана Наумовска, Агрон Махмуди, Благој Кочевски, Александра Јошевска, Сашо Вренцовски, Анета Печипајковска, Бранко Стојановски, Виолета Нешковска, Агрон Махмуди, Вера Секуловска, Весел Јусуфи, Весела Камбуровска, Владо Масалковски, Таше Стојановски, Мумин Шерифовски, Сузана Тозиевска, Мирослав Стефановски, Доста Георгиева, Стефанија Трајковска, Сања Шилковски, Татјана Петковска, Илче Неделковски, Кире Стојановски, Цвета Крстевска, Елизабета Каровска, Емилија Кокиновска, Таќу Стојани, Тела Јусуфи, Трајче Калевски и други.

Пензионирани професори и наставници по географија, членови на друштвото се: Петре Алексоски, Илија Ристевски, Ангелина Христовска, Димитар Ристевски, Ефтим Балаловски, Петар Глигоров, Менка Тноковска, Милица Ѓоршевска, Методија Цветановски, Славко С. Митревски, Мирјана Ѓеоргиевска, Трајанка Неделковска, Драган Ангелевски, Владе Ефтимовски, Никола Т. Петровски, Манте Стаматов, Никола Масалковски, Марија Дојчиновска, Ајтен Фејзулофска, Лилјана Ташева, Весела Јошева.

Членови на Друштвото беа и следните починатите колеги: Митре Тасески, Спиро Ѓоревски, Методија Димовски, Виолета Чаталова, Славка Димевска, Билјана Ставрева,Нецат Ќазимовски и Алексо Карловски.



Слика 293-296 Теренска настава до Колешински водопад, Пелистер и пештера „Пешна“.



Слика 297-301. Теренска настава на ученици од ЈБТ, ментор Мите Ристов, с.Железнец, пештера Голјапешт, с. Цер.




Слика 302-303.Теренска настава, посета на пештера „Рамниште“,2006 и 2008 година.




Слика304. Наставникот Митре Тасевски од ОУ „Коле Канински“ – Битола, во 2010 година од Републичкото здружение на просветни работници ја доби престижната награда „Наставник на годината“, со што ја круниса долгогодишната успешна работа како наставник по географија.



Слика305. РГД „Геосфера“ – работен состанок.





Слика306-307. Обука на наставници и ученици за реализација на наставата по географија со компјутер.




Слика308. Наставници и ученици со свои изработки во Одбележување на денот на Европа.



Слика 309-310. Теренска настава, ментори се професорите Методија и Гордана Богоевски.



Слики311-314. Теренска настава, посета на изворот на Црна Река, пештерата„Пешна, изворот на река Треска и палеовулканска купа „Пилав Тепе“.



Слика 315-317. Теренско истражување, 03.06.2018 г., понорница река Крапа, пештера „Пешна“ и извори на Белиштанска Река, во соработка со РГД „д-р Митко Панов’ – Прилеп.



Слика 318-319. Учесници на Општинскиот натпреварот,  ОУ „Св. Климент Охридски“ 26.01.2019 година.



Слика 320-323.Регионален натпревар по географија, Гимназија „Јосип Броз Тито“, 03.03.2019 година.



Слика 324-328. Регионален натпревар по географија, Гимназија„Јосип Броз Тито“, 07.03.2020 година.

Поради пандемијата КОВИД-19, МОН на 12.03.2020 година донесе одлука за прекин на воспитно - образовниот процес во училиштата во државата. Па така, државниот натпревар по географија кој требаше да се одржи во април месец во Скопје се одложи на неодредено време. Но, наставниците членови на РГД „Геосфера“ веднаш започнаа со подготовка на реализација на часови преку „online“настава, и на веб страната на Друштвото, поставен е нов портал - „Гео Час“ на кој 12 наставници/професори поставија околу 50 „online“часови за основно и средно образование.











Слика 329-332. Различни активност на колегите географи.

Регионалното друштво „Геосфера“ во последните години успешно реализира неколку проекти од едукативна природа корисни за учениците и граѓаните на Општина Битола. Во прегледот што следи на кратко ќе ги претставиме проектите во кои активно учествуваат професори – наставници членови на Друштвото, ученици и други граѓани.

Прв проект што успешно го реализира „Геосфера“ е проектот именуван како „Сликај, Постирај, Алармирај“, почеток на проектот беше со едукативно предавање „ПМ честичките во воздухот – континуиран убиец на сите нас“, 25.10.2017 година.

За реализирање на активностите на проектот е потпишан Меморандум за соработка со Општина Битола, 24.11.2017 година. Со што се оствари една од главните цели на проектот да се алармира кај надлежните институции, кои преку следење на конкретните извори на аерозагадување ќе можат да превземаат мерки за подобрување на квалитетот на воздухот.

Во рамките на проектот се реализираа повеќе активности, како што се: Подигнување на Еко свеста кај младите за аерозагадувањето во град Битола, потоа вршени се мерења и мапирање на аерозагаденоста во град Битола во текот на месец ноември и

декември 2017 и јануари 2018 година, па Изработка на интерактивна карта за загадувачи во град Битола во Google Maps, и на крајот дадени се 8 предлог мерки за намалување на аерозагадувањето во Битола.





Слика 333-334. Подигнување на Еко свест кај младите за аерозагадувањето во град Битола.



Слика 335.Потпишан Меморандум за соработка со Општина Битола.






Слика 336-338.Запознавање на јавноста со Активноста „Сликај, алармирај и постирај“.




Слика 339. Резултати од активностите на Facebook страната.




Слика 340.Изработена интерактивна карта на аерозагадувачи во Google Maps.




Слика 341-342.Загадување на воздухот во Битола со ПМ 10 честички.




Слика 343-344. Загадување на воздухот во Битола со ПМ 2,5 честички.




Слика 345. Загадување на воздухот во Битола со ПМ 10 честички.




Слика 346. Загадување на воздухот со ПМ 2,5 честички во потесното подрачје на град Битола.




Слика 347. Интерактивна карта на предлог мерки за намалување на аерозагадувањето во град Битола.




Слика 348. Учество со презентација на завршен настан на Civica Mobilitas, во Скопје, 30.11.-01.12.2018 год.

Втор успешен проект се реализира во 2018 година:„Со рекреација до подобро здравје", од кој произлезе изработка на Интерактивна карта, брошура и постер на рекреативнипатекиза јужниот и југозападниот дел на град Битола.Друштвото изработи интерактивно мапирање на шест рекреативни патеки, и тоа: главна патека Тумбе Кафе –

Брусничка населба*(ресторан „Император“ градски парк - „Тумбе Кафе“ – Манастир Св. Атанасије Велики – с. Лавци – с. Брусник – Брусничка населба)*во должина од 10,3 км;други патеки Касарна – Стражарница 1,35 км; Буковска Населба - Смолево 2,16 км; Хераклеја - Стражарница 1,7 км; Стрчин – Смолево 1,12 км; иЛавчанска населба – село Лавци во должина од 1,06 км.




Сл. 349-350.Рекреативни патеки и надолжен профил на главната патека „Тумбе Кафе – Брусничка Населба“.



Слика 351.
Учесници во проектот
„Со Рекреација до подобро здравје“.







Слика 352-353.Флаер и постер на Рекреативни патеки над Битола.

Трет проект „Разбуди ја ЕКО – СВЕСТА во СЕБЕ“, 14-27.11.2019 година. Беше реализирана работилница со ромското население од населбата Баир за користење на рачен алат за соголување на кабли. На населението им беше укажано на штетноста од палењето на каблите по нивното, но и по здравјето на сите граѓани во Битола. После следеа повеќе работилници со ученици од основни училишта на тема: Справување со отпадот – Редуцирај, Рециклирај, Реупотреби ! “. Од проектот како продукт се изработи и Брошура.




Слика 354-355.Дел од едукативната брошура „Рециклирај, Редуцирај и Реупотреби“.




Слика 356-363. „Разбудија Еко свеста во себе“;Справување со отпадот „Редуцирај,Рециклирај,Реупотреби!“.




Слика 364-371. „Разбудија Еко свеста во себе“;Справување со отпадот „Редуцирај,Рециклирај,Реупотреби!“.

Друга активност на „Геосфера“ е учество во платформата „Земи Здив“https://www.facebook.com/ZEMIZDIV.BT. Промоцијата на платформата Земи Здив се одржа на 27.03.2019 година во малата сала на НУ Центар за култура Битола. Платформата за следење на квалитетот на амбиенталниот воздух „ЗЕМИ ЗДИВ“ Битола е основана од пет граѓански организации: Центар за европски развој и интеграција, Младинска асоцијација „ИМКА“, Здружение за одржлив развој „СФЕРА Македонија“, Регионално географско друштво „Геосфера“ и Здружение на граѓани за советување поддршка на лица со карцином или лица кои се излечиле „ЈАСМИН“.







Слика 372-373.Претседателот на „Геосфера“ м-р Мите Ристов во промоција на платформата „Земи Здив“, 27.03.2019 г.

Четврт проект: „Да ги заштитиме ПЧЕЛИТЕ за заедничка ИДНИНА!“, стартува од јануари 2020 година. Станува збор за серија на едукативни предавања и работилници во основните училишта од Пелагонискиот регион преку кои учениците ќе се запознаат со основните карактеристики на пчелата, нејзиниот начин на живот и работа, нејзиното значење за севкупниот жив свет на Земјата и значењето на пчелните производи за здравјето на луѓето. Предавањата ги опфаќа и тутунопроизводителите кои ќе се запознаат

со основните карактеристики на пчеларењето како хоби или можна дополнителна дејност, значењето на пчелата за севкупниот биодиверзитет и животот на Земјата. На секоја серија предавање ќе биде презентирана различна интерактивна карта со поволни простори за пчеларење во различни предели во Пелагонискиот регион. На секое предавање се одржува практична демонстрација на пчеларска кошница од ментор пчелар и корисни информации за започнување со оваа дејност како хоби или професија.  На сите учесници им се поделуваат анкетни прашалници и едукативна Брошура.



Слика 374-378. „За ги заштитиме ПЧЕЛИТЕ зазаедничка ИДНИНА!“.

Слика 379. **Никола В. Димитров**



**Никола Венко Димитров**, Роден на 28.11.1958 година во Битола. Основно, средно и вишо образование (Педагошка академија, група историја - географија) завршува во Битола. Високо образование завршува во 1984 година на ПМФ - Географски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 1992 година, на истиот факултет ги завршува магистерски студии по просторно планирање, со темата: „Промени во морфо-урбатата структура на град Битола“. Во 2001 година, со темата: „Демогеографска анализа на миграционите процеси во Југозападниот дел на Република Македонија“, докторира на Институтот за географија, при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнува со титула доктор на географски науки.

Од 1987 до 1994 година работи како наставник-професор по географија и историја во Цапари (ЦОУ „Трајан Белев“), Буково (ПУ „Коле Канински“) и Битола (ОУ „Трифун Пановски“). Од 1994 до 2002 година работи како професор по географија во гимназијата „Јосип Броз–Тито“ – Битола. Како професор со учениците реализирал повеќе екскурзии и теренска настава, а во улога на ментор, неговите ученици освоиле повеќе први (5), втори (3) и трети (2) места на републичкиот натпревар „Движење – наука на младите“ во организација на Народна техника(географија и астрономија) и републички натпревар по географија (знаење преку тестови) во организација на Македонското географско друштво – Скопје.

Од 2002 до октомври 2008 година работи како советник за географија во Меѓуопштинско одделение на Бирото за развој на образованието на Република Македонија - Подрачна единица Битола, орган на Министерството за образование и наука на РМ. Три години (2004-2007) бил и одговорен работник - раководител на МО на БРО – ПЕ Битола. Како советник во БРО – ПЕ Битола реализирал повеќе општински и регионални обуки и работилници (финансирани до страна на УСАИД „Активна настава“, МЦР „Чекор по чекор“, „Со читање и пишување до критичко мислење“, УСАИД ПЕП проект„Креативна настава и учење“, СЕА и др.) со наставниците и професорите по географија од општините Битола, Демир Хисар, Ресен, Крушево, Прилеп, Охрид, Струга, Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Велес, Кавадарци и Неготино. Организирал неколку општински, регионални натпревари и еден републички натпревар по географија. Организирал и реализирал теренска настава со наставници и професори по географија. Како државен службеник – советник, самостоен стручен советник за образование и советник за наставниот предмет географија бил одговорен на повеќе основни и средни училишта во регионот. Од ноември месец 2008 г.,работи на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија (ФТБЛ), при Универзитет „Гоце Делчев“–Штип (УГД), кога е избран за доцент, во 2013 г. е избрана за вонреден, и во 2018 г. за редовен професор. Од 2009 г.,наваму епрофесор и на Факултетот за природни и технички науки (ФПТН), катедра за географија, при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип. Од 2009 до 2015 г., бил продекан а од 2015 до 2019 г. и декан на ФТБЛ при УГД – Штип. На ФТБЛ предава повеќе наставни предмети во прв, втор и трет циклус студии, а на ФПТН само на прв циклус студии. Покрај наставната дејност активен е и во научно-истражувачка работа. Самостоен автор, прв автор и коавтор ена повеќе од 250 научни и стручни трудови, учебници, учебни помагала, прирачници, водичи, книги, монографии ипопуларни текстови,од областа на географијата, туризмот, демографијата, просторното планирање и сл.Околу 50 трудови се посветени на Битола и Битолско. (Види: репозиториум на УГД – Штип: http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Dimitrov= 3ANikola=3A=3A.html)

Раководел и учествувал во дваесет научно истражувачки, едукативни и други проекти. Членува во Македонското научно друштво – Битола од 1992 година, членува во Македонското географско друштво – Скопје, бил претседател на Регионално географско друштво „Геосфера“ – Битола (2005-2010), членувал во Астрономско друштво „Битола“ – Битола, членувал во Здружението на граѓани за унапредување на демографскиот развој – Скопје, член е на претседателството на Народна техника – Битола, членува и во други друштва, здруженија и невладини организации.Учествувал на дваесеттина научни симпозиуми, собири, конгреси и трибини, а бил претседател на организационен одбор и реализатор на пет научни симпозиуми. Член е на редакција на неколку списанија, рецензирал повеќе стручни книги и трудови. Бил ментор на магистерски и докторски студии, бил член на комисија за одбрана на повеќе магистерски и докторски трудови. Во Македонското научно друштво – Битола (претходно ДНУБ), во два мандати бил секретар на одделението за историски и географски науки, исто така во два мандати бил член на Управниот одбор, бил технички уредник на списанието „Прилози“, бил Претседател на Уредувачкиот совет и главен и одговорен уредник на Редакцискиот одбор при Македонско Научно Друштво -Битола.

Во текот на 33 години работно искуство добил голем број сертификати,благодарници,пофалници, уверенија,признанија,плакети и награди („4[ти]Ноември“на град Битола,за колективен труд во 1999 година).

Слика 380. **Мите Ристов**



**Мите Ванчо Ристов**, Роден во 1975 г. во Бохум, Германија. Дипломирал на ПМФ – Институт за географија во Скопје во 1999 година. Магистрира во 2016 година на ПМФ – Институт за географија Скопје ( Тема: „Фактори и принципи за одредување на најповолен простор за домување во град Битола“). Во 2002 година се вработува во Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола. Работел и во ОУ „Тодор Ангелевски“ – ПУ во Горно Оризари од 2006 до 2011 г., а од 2011 година реализира настава и во СОЕУ „Јане Сандански“ во Битола. Од 2017 година е заменик директор на Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола. Како професор - учесник и обучувач бил ангажиран во следните обуки и за истите добил сертификати: УСАИД – “Креативна настава и учење” (2005 год.); - Обучувач за проектот „Е-школо“ – примена на информатичката технологија во наставата (2006 год.); - „Е-школо“ – изработен проект со примена на информатичката технологија во проектното учење и поврзување со заедницата (2005 г.); - „Е-школо“ – професионален развој и интеграција на информатичката технологија во наставата (2005 г.); - УСАИД – Обука за изработка на ВЕБ страници со „Мамбо“ софтвер; (2006 г.); - УСАИД – Обука за Фесилитаторски вештини (2005 г.); ЦРС – Проектот за поврзување на училиштата од Југоисточна Европа и САД (2005 г.); ИМОР – Интегрирање на ИКТ во училница – неисцрпни можности (2007 год.); Мониторинг и оценување на учениците – Проект за модернизација на образованието (2006 год.); ертификат за учество и презентација на научен труд на III-от и IV-от Меѓународен Конгрес на географите од Република Македонија (2005 и 2010 год.); УСАИД (ПЕП - проект) – Циклус на учење (2007 год.); - Наставата по географија во 21 век (2009 год.); - Професионални стандарди и обучување (2008 год.); УСАИД (ПЕП-проект) и БРО – Изготвување на тест задачи (2010 год.); Обучувач во ПЕП проектот за основните училишта (2007-2011 год.): - Компонента „Природна група на предмети“ – реализирани 12 обуки (регионален обучувач); - Компонента „ИКТ во наставата“ (ЕДУБУНТУ апликации) – реализирани 10 обуки (регионален обучувач); БРО во соработка со МЦГО и УСАИД „Примена на стандардите за оценување на учениците“ (17.11. до 28.11.2011 год.) 30 часа; Мајкорософт во соработка со Министерството за образование и наука и УСАИД ПЕП-проект „Обука за мастер обучувачи за користење на Мајкрософт алатки и апликации“, јануари 2012 год. (15 часа); Институт Јад Вашем, Ерусалим, Израел „Подучување за Холокаустот“, 22-30.06.2013 год. (50 часа); Институт Јад Вашем, Регионален семинар за Холокаустот (презентирање на изработка со ученици), Скопје, 30-31.08.2014 год. (20 часа); Учество на Форум за едукатори во рамките на ЕДУ-АРКТИК проектот, Варшава, Полска; Надворешен стручен соработник со Центарот за стручно образование образование и Бирото за развој на образованието; Учесник во Scientix амбасадор за Македонија; Во 2019 година добритник на прва награда за најдобра наставна практика од средните училишта во Македонија – Фондација отворно општество Македонија; Учество на летната школа за сеизмизам во организација на Коринтска сеизмичка лабораторија, Грција и Еврапската Гео Унија. Во улога на ментор на ученици во Републички натпревари по „Народна техника“, (од 2003 до 2012 година) негови ученици освоиле повеќе први, втори и трети награди во областите географија и астрономија. Исто така, негови ученици освоиле и награди во натпревари по географија во организација на Македонско географско друштво. За неговата просветна работа добил признанија: Признание за особен придонес во развојот на научната мисла кај талентираните млади во природните и техничките науки „Народна Техника“ (2005, 2006, 2007 и 2010 г.). Пофалница за придонес во развојот и афирмацијата на географијата (Македонско географско друштво, 2009 г.).Во областа на научно – истражувачка работа објавил 6 научни труда: „Примена на принципот на истражување во географијата преку реализираната наставно - научна екскурзија во селото Маловишта“, Конгрес на географите, Скопје, 2005 година ; „Здружувањето на наставниците по географија услов за успешна и транспарентна работа“, Географски разгледи, 2007 г..; „Наставата по географија во 21-от век“, Конгрес на географите, Дојран, 2010 година ; Case Study: Population of Air with PM Particles in the City of Bitola, Macedonia”, IJLERA, Vol. 03. Issue 05, may 2018; Development of methodology for the selection of the optimal type of pedestrian crossinq, a case stydy, ICMNEE 2018, The 2[nd] ICMEE. Објавил и наставни текстови од областа на географијата во списанието „Баирска Ластовичка“; бил стручен консултант и сценарист на два документарни филма (за с.Маловишта и с.Цер) во реализација на Македонската телевизија и Тера телевизија, Битола. Изработени веб - страници за

ученички активности по предметот географија во Гимназија „Јосип Броз - Тито“ (www.geografija-bt.webs.com), ОУ „Тодор Ангелевски“(www.geo-orizari.webs.com)и СОЕУ „Јане Сандански“ (www.ekonomskageografija.webs.com). Со учениците реализирал голем број излети, екскурзии и теренска настава во земјата и странство. Од 2010 година е претседател на Регионалното географско друштво „Геосфера“ Битола, претходно од 2005 до 2010 бил и секретар на друштвото. Од 1999 година е член на Македонското географско друштво во Скопје. Во 2009 година од страна на МГД – Скопје, добитник е на пофалница за особен придонес во развојот на географијата. Под негово раководство и менторство „Геосфера“ реализира неколку едукативни проекти.



Слика 381.
**Гордана Богоевска**

**Гордана Ѓорѓија Бошковска Богоевска** Родена е 07.11.1983 година во Битола. Завршила ПМФ – Институт за географија, наставна насока во 2006 година. Прво вработување во ОУ „Тодор Ангелевски“ – Битола од 2008/09 година. Магистрира на институт за географија, од областа на геоморфологијата и ГИС технологијата, во 2016 година, со наслов „Просторно - морфометриска анализа на карбонатните карпи во Република Македонија“. Во текот на студирањето била демонстратор по предметите геологија, геоморфологија и биогеографија во периодот 2005-2007 година. Учество во организацијата на научниот симпозиум со меѓународно учество „Руралниот простор во новите развојни услови“, 30.03-01.04.2006, Охрид. Објавени трудови: Распространетост и старост на карбонатните карпи во Република Македонија (Билтен за физичка географија бр.3-4). Во улога на ментор нејзини ученици на натпревари по географија во организација на МГД и ГЕОСФЕРА, како и на Олимпијадите на КМТП во организација на Народна техника, во областа примена географија и астрономија освоиле три први, четири втори и две трети места. Член е на МГД–Скопје, и член на РГД „Геосфера“-Битола. Од 2010 година е Секретар на РГД „Геосфера“ - Битола.



Слика 382. **Нецат Ќазимовски**

**Нецат Ќазимовски,** (1951-2014) Роден на 11.02.1951 година во Ресен. Во 1969 година завршил Педагошка гимназија „Никола Карев“ – Скопје. Се вработил како учител за одделенска настава на турски јазик во ОУ „Никола Тесла“ во Битола, кое подоцна се присоединило со ОУ „Гоце Делчев“ – Битола. Во ОУ „Гоце Делчев“ работи од 01.10.1971 до 15.03.1998 година. Со вонредно студирање завршил Педагошка академија во Битола, група географија – историја на 01.07.1983 година. Од 16.03.1998 година до 14.06.2014 година, односно до крајот на својот живот работи во ОУ „Тодор Ангелевски“ – Битола. Во својот работен век со учениците редовно учествувал на бројни натпревари и постигнал видни резултати. Со учениците и родителите секогаш бил близок, многу искрен и одмерен. Неговите колеги го помнат по неговата искреност и трудољубивост.



Слика 383.
**Лука Карапетроски**

**Лука Митко Карапетроски**, Роден во 1951 година. Педагошка академија завршува во 1972 година, додека пак ПМФ – Географски институт, наставна насока завршува во 1980 година. Прво вработување му е во 1975/76 година во село Бешиште. Од 1976-1993 год работи во ОУ„Кирил и Методиј с. Канатларци –Прилеп со дополнување во с. Подмол. Од 1993 до 1998 год во ОУ„Круме Волнароски с. Тополчани - Прилеп и од 1998 до 2016 во ОУ„Елпида Карамнди –Битола. Учествува на два конгреси на географите и тоа со 2005 год. на конгресот во Скопје со стручен труд „Изработка и примена на наставните средства по географија„и во 2010 учество на конгресот во Дојран со презентација на стручен труд „Полудневна теренска настава на учениците од Историско - географската секција“. Во улога на ментор на ученици освоил повеќе први втори и трети места . Во 1990 година добив награда „Св. Кирил и Методиј“, за постигнати посебни резултати во образовно-воспитниот процес. Од самиот почеток е активен член на РГД „Геосфера“. Во 2009 година од страна на МГД – Скопје, добитник е на пофалница за особен придонес во развојот на географијата.



Слика 384.
**Бистрица Стојановска**

**Бистрица Мијалче Рунтева Стојановска.** Родена во 1954 година во Штип. Дипломирала географија на ПМФ – географија 03.10.1978 г. во Скопје. Прво вработување во Штип во ОУ „Славчо Стојменски“ во 1982-1985. Од 1988–1996 година работи во ОУ „Браќа Миладиновци“ – Добрушево, и ОУ „Коле Канински“ – ПУ Буково. Од 1996 до 2016 година работи во ОУ „Стив Наумов“ – Битола. Учествува на I, II и III конгрес на географите од РМ со меѓународно учество. Учество на III Научно – стручен собир ,,Образованието во 21 век”, во 2011 г., Македонско научно друштво-Битола. Учествувала на повеќе семинари, обуки и работилници. Како ментор, нејзини ученици се добитници на повеќе I, II, III места на разни натпревари по географија. Учествувала и подготвувала разни предавања и работилници поврзани со различни географски дисциплини. Добила признание за обука „Успешно имплементирање на новите методи и форми за работа во основните училишта“ 2011- USAID; Присуство на обука за примена на Едубунту апликација ПЕП ИКТ компонента 2011 год. – USAID; Присуство на обука на „Проектот за модернизација на образованието-Тимска работа “ 2010- FON Универзитет.За својата менторска работа добила повеќе дипломи и благодарници. Нејзини ученици освоиле повеќе први, втори и трети места на регионални и републички натпревари организирани од Народна техника и Македонското географско друштво. Во 2010 година добитник е на награда од Здружението на Просветни работници. Објавила неколку трудови: во 2011 год -,, Примената на информатичко – комуникациската технологија но наставата“ III Научно – стручен собир со меѓународно учество, „Образованието во 21 век “; во 2005 год-,,Слободата на наставникот во креирањето на часот“ III конгрес на географите од РМ со меѓународно учество; во 2000 год - „Регионална поделба на Р. Македонија, како предуслов за развој на земјоделието” II конгрес на географите од РМ со меѓународно учество; и во 1995 г. - ,,Географски карактеристики на Мариово за производство на здрава храна” I конгрес на географите од РМ со меѓународно учество. Член е на РГД „Геосфера“. Од 2016/17 година е во пензија.



Слика 385.
**Петар Глигоров**

**Петар Глигоров**. Роден во Битола. Завршил ПА во Битола, група историја - географија. Вработен во Битола во ОУ „Коле Канински“–Битола и ПУ во Буково. Како ментор на ученици има освоено повеќе први,втори и трети места. Учествувал на два конгреси на географите, а еден и со свој труд „Урбанизација на подпелистерието и нејзините ефекти врз понатамошниот развој на животната средина“. Во 2009 г. добил и награда за просветен работник на Битола. Со учениците реализирал повеќе излети, екскурзии и теренска настава. Неколку пати престојувал во Лондон, и ја посетил Опсерваторијата Гринич. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 386. **Славка Димевска**

**Славка Димевска** Завршила Педагошка Академија група историја и географија во Битола. Предавала историја и географија во ОУ „Славко Лубаровски“ – Новаци и во ПЕ Дедебалци. Со учениците како ментор учествувала во повеќе натпревари. Активна била на сите семинари и работилници организирани од БРО-ПЕ Битола, Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 387.
**Бранко Стојановски**

**Бранко Васил Стојановски**. Роден 1955 г. Во Битола, во 1975 година завршува Педагошка Академија група историја – географија. Од 1979/80 година се вработува во Босна и Херцеговина, во основно училиште „9-ти Мај“ Подцепље – Хан Пијесак. Завршува ПМФ студии по географија на 11.05.1982 година во Скопје (вонредно). Работи во ООУ „Климент Охридски“ – Битола. Како ментор негови ученици добиле повеќе награди на натпревари во организација на Народна техника и на Македонско географско друштво – Скопје. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.Од септември 2019 година е во пензија.



Слика 388. **Агрон Махмуди**

**Агрон Махмуди**. Роден 10.08.1955 г. во Битола. Педагошка академија завршува во 1978 година во Битола. Предава географија и историја во „Гоце Делчев“ – Битола од 1981 до 2005 г., на албански наставен јазик. Истовремено предава географија во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Бистирца во ПЕ с. Кишава од 1982 година до денес, на албански насавен јазик. Денес е и раководител во ПЕ с. Кишава. Член е на РГД „Геосфера“. Од пред извесно време е во пензија.



Слика 389.
**Душко Швигир**

**Душко Швигир** Роден во 1956 година. Завршил ПА група историја и географија во Битола, во 1979 г. Прво вработување во 1980 г.,.во ОУ„Даме Груев„ с. Смилево до 2000 г. Од 2000 г. до денес работи во ООУ„Елпида Караманди ,,Битола. Учествува на два конгреси на географите на РМ. И тоа, стручни труда, во 2005 г. на конгресот во Скопје (,,Изработка и примена на наставните средства по географија,,), и во 2010 г. на конгресот во Дојран, (,,Полудневна теренска настава на учениците од Историско - географската секција,,). Како ментор на ученици кои учествуваат на повеќе натпревари по географија и историја има освоено повеќе први, втори и трети места.Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 390.
**Алексо Карловски**

**Алексо Герман Карловски -** ***Лекси***(1957-2015) Роден е 1957 г. во Битола. Дипломира на ПМФ – насока географија на 04.10.1982 г. во Скопје. Работел како професор по географија во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Бистрица, потоа во ОУ „Мирче Ацев“ - Бач, и во ОУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци. Со свој труд учествувал на конгрес на географите од РМ, со наслов: „Улогата на географијата во производство на здрава храна“.Како ментор на ученици учествувал на повеќе натпревари по географија. Почина на 58 годишна возраст. Беше активен член на МГД – Скопје и РГД „Геосфера“.



Слика 391. **Лилјана Наумовска**

**Лилјана Наумовска** Завршила Педагошка академија, група историја и географија, а потоа ПМФ –географија во Тетово. Предава географија во ООУ „Тодор Ангелевски“ – Битола. Активна била на повеќе семинари и работилници организирани од БРО-ПЕ Битола, Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.Од јануари 2019 година е во пензија.


Слика 392.
**Мирјана Планчак**

**Мирјана Атанас Ристевска Планчак**. Родена 1957 г. во Битола. Дипломирала на ПМФ – Географски факултет 20.01.1983 година. Работела во повеќе училишта: ОУ „Гоце Делчев“ – Битола, Св. Климент Охридски“ – Битола, гимназија „Јосип Броз - Тито“, економско училиште „Јане Сандански“, ЕМУЦ „Ѓорѓи Наумов“. Повеќе години предава во ОУ „Кирил и Методи“ – Битола и во ДСУ Гимназија „Таки Даскало“ – Битола. Учествувала на симпозиуми во Охрид и Скопје. Како ментор на ученици во организација на Народна техника, била на регионални натпревари 2013-2015 г., државни од 2013 – 2015 г. во Пробиштип, Пехчево, Велес, Гевгелија и др. Член е на МГД – Скопје и РГД „Геосфера“ – Битола.


Слика 393.
**Виолета Нешковска**

**Виолета Нешковска**, Родена 06.11.1957 година во Битола. Дипломирала на ПМФ – група географија 16.12.1984 година. Прво вработување во 1986 година во ОУ „Александар Турунџев“ во с. Кукуречани – Битолско, предавала во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“, од 16.10.1996 година предава во ООУ „Д-р Трифун Пановски“ – Битола. Учествувала во повеќе семинари, конгреси. Нејзини ученици на натпревари по географија освоиле повеќе водечки места. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола. Од крајот на 2019 година е во пензија.


Слика 394.
**Благоја Кочовски**

**Благоја Кочевски** Роден 1957 г. во с. Путурус - Битолско. Во 1982 година завршил Педагошка Академија во Битола. Прво вработување во 1993 г. во ОУ „Св. Климент Охридски“ – Битола (1993-1998), а потоа во ОУ „Александар Турунџев“ – с. Кукуречани (1998-2006), во периодот од 1997 до 2011 година дополнува и во ОУ „Гоце Делчев“ – Битола. Од 2011 година целосно е префрлен во ООУ „Гоце Делчев“ – Битола. Активен член е на РГД Геосфера – Битола. Зема учество на повеќе собири и работилници во Охрид и Скопје. Како ментор, негови ученици освоиле неколку први и втори регионални награди, и една републичка награда за Применета географија во Кавадарци. Поседува Сертификат за ментор – тим лидер за „Активна настава – интерактивно учење по географија“


Слика 395.
**Љупчо Долевски**

**Љупчо Долевски** Роден во 1958 година во с. Слепче, Демир Хисар. Во 1978 година завршил Педагошка академија, група историја - географија во Битола. Дипломирал на ПМФ – Географски факултет 16.10.1985 година. Предавал во ОУ „Тодор Ангелевски“ – Битола, во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Бистрица, ПЕ с. Велушина, во ОУ „Браќа Миладиновци“ – Ивањевци, ПЕ во с. Долно Српци и Работнички Универзитет „Крсте Петков Мисирков“во Битола. Од 1997 година и во Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола, каде и денес предава. Како ментор, негови ученици на натпревари од организација на Народна техника на Македонија и Македонското географско друштво, освоиле вкупно 17 награди (10 први, 5 втори, 2 трето место, во дисциплините географија (11), астрономија (3), климатологија со применета метеорологија (2) и екологија (1). Учествувал во над 15 обуки и работилници. Добил повеќе сертификати, признанија и благодарници. Еден од повредните Сертификати кој го добиле е: Certificate for Participation „EU FOR TEACNERS“, Skopje, June 2016 g.Учесник е на неколку конгреси на географите од РМ. На IV Конгресна географите од Р. Македонија, одржан во 2010 година во Дојран, настапил со стручен труд: „Метеорската улога на наставникот по Географија во процесот на изработка на проектна задача по Географија. Добитник е на неколку признанија и благодарнициод МГД за посебен придонес во развојот на географијата во РМ. Член е на МГД – Скопје и на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 396.
**Марина Трајчевска**

**Марина Борис Кимовска Трајчевска** Родена во 1959 година во Битола. Дипломирала 02.12.1982 година ПМФ – насока географија во Скопје. Прво вработување во 1984 година. Работела во Гимназија “ Крсте П. Мисирков ” – Демир Хисар (1984 – 1987), во ОУ “ Др. Трифун Пановски” – Битола (1987 – 1990) и ООУ“ Св. Климент Охридски” – Битола од 1990 до денес. Учество на конгреси, научни симпозиуми, собири и слично: во 1995 год. – Прв географски конгрес со меѓународно учество (учество со тема ” Географски карактеристики на Мариово за производство на здрава храна”), во 2005 год. – Трет географски конгрес на географите од Р.М.Учествува во својство на предавач, гостин: во проектот за модернизација на образованието – “Следење и оценување на учениците”, и во повеќе проекти на USAID за основно образование и Биро за развој на образованието во Р.М. Како ментор на ученици има освоено неколку награди и за тоа добила повеќе награди и признанија за менторство на ученици во натпревари организирани од Народна техника и Географското друштво на Р.М. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 397.
**Милорад Стефановски**

**Милорад Стефановски** Завршил педагошка академија во Битола. Работи во ООУ „Кочо Рацин“ во село Ивањевци. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола. Учествувал во повеќе семинари и работилници. Со учениците во улога на ментор учествувал во повеќе натпревари по географија.Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 398. **Воислав Поповски**

**Воислав Поповски** Работи во ООУ „Браќа Миладиновци “ – Добрушево. Учествувал во повеќе семинари и работилници. Со учениците во улога на ментор учествувал во повеќе натпревари по географија.Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.Од пред извесно време е во пензија.



Слика 399. **Трајанка Гелевска**

**Трајанка Сокле Сивевска Гелевска.** Родена 1959 година. Завршила Педагошка академија во Битола во 1981 година. Предавала географија и историја во ОУ „Трифун Пановски“ – Битола во 1984 година, потоа во ОУ „Славко Лумбарковски“ – с.Новаци и во ПУ во с. Старавина од 1985/86, па во с.Маково и с.Дедебалци во 1987/88 година. Па во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – с. Бистрица од 1988 година до 2016 година, до нејзиното пензионирање. Учествувала на повеќе семинари и обуки во организација на БРО, како и на неколку научни собири и конгреси на географите на Република Македонија. Нејзини ученици учествувале на повеќе натпревари во организација на Народна техника и Македонското географско друштво, при што освоиле повеќе први, втори и трети места. Како ментор на ученици добила повеќе пофалници, благодарници, признанија, сертификати и дипломи. со ученици во повеќе натпревари. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 400. **Точме Георгиевски**

**Томче Горгиевски** Завршил факултет за Дефектолошки факултет во Скопје. Професор е во Центарот за глуви и наглуви „Кочо Рацин“ – Битола. Член е на РГД „Геосфера„ – Битола.



Слика 401. **Весељ Јусуфи**

**Весељ Јусуфи** Роден во Битола. Завршил Педагошка академија. Предава историја и географија, на албански наставен јазик во ООУ „Славејко Арсов“ во село Подмочани – Ресен. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 403. **Мумин Шерифовски**

**Мумин Шерифовски** Роден во Ресен. Завршил Педагошки Факултет – група историја – географија. Предава во ООУ „Мите Богоевски“ – Ресен. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола



Слика 402. **Блага Атанасовска**

**Блага Атанасовска** Родена во Битола. Завршила Педагошка академија група историја и географија во Битола, а потоа и ПМФ – географија во Тетово. Предава географија и историја во ООУ „Даме Груев“ во село Смилево – Демир Хисар. Денес е раководител на ОУ „Даме Груев“ с. Смилево – Демир Хисар. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 404. **Таше Соколевски**

**Таше Тодор Соколески.** ПМФ – географија завршил 24.04.1986 г. во Скопје. Професор по географија во ООУ „Гоце Делчев“ во Ресен. Член на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 405. **Пецо Димовски**

**Пецо Димовски**, Роден 1961 г. Завршил Педагошка академија 1986 г. ПМФ – географија во Тетово, 2009. Вработен во образование во 2001 г. Работел во: ООУ Крсте Петков Мисирков – Бистрица, дополнувал во ООУ Тодор Ангелевски и ООУ Даме Груев. Ментор на ученици, I место во 2002 г., II место во 2005, и повеќе трети места. Учесник како гостин на Конгресот во Дојран. Член на РДГ Геосфера од основањето. Денес е вработен во ООУ „Крсте Петков Мисирков – Бистрица.



Слика 406. **Кире Стојановски**

**Кире Стојановски** Завршил Педагошка академија во Битола. Предава историја и географија во ООУ „Тодор Ангелевски“ – Битола и Горно Оризари.Член на РГД „Геосфера“ – Битола. Од септември 2019 година е во пензија.



Слика 407. **Јове Д. Талевски**

**Јове Димитрија Талевски**Роден 1961 година. Редовен професор на Педагошки факултет – Битола. На ПМФ – Институт за географија во Скопје, магистрирал 1990 година, на тема: „Геостратегиската положба на Општина Битола и нејзиното влијание врз просторното планирање на сообраќајната инфраструктура за потребите на општонародната одбрана“. На ПМФ – Институт за географија во Скопје, докторира 1997 година, на тема: „Природно – географски, социо – географски и геостратегиски карактеристики на границите на Република Македонија. Работел во Народна одбрана во Битола, иво Воена Академија во Скопје.. На Педагошки факултет – Битола., бил декан (2007-2015), и продекан од 2015 наваму. Објавил околу 100 научни и стручни трудови, книги, учебници и учебни помагала од воените научни области, географските науки и просторното планирање.



Слика 408. **Татјана Бунарџиевска**

**Татјана Коста Николовска Бунарџиевска** Родена во 1968 година во Битола. Дипломирала географија на ПМФ во Скопје во 1997 година. Прво вработување во ООУ „Даме Груев“ – Битола, од 2000 година до денес. Повеќе пати е ментор на ученици на натпревари во организација на Народна Техника и на Македонското географско друштво. При тоа освоено е едно прво место на регионален географски натпревар. Учествува во повеќе обуки. Член е на РГД „Геосфера“ Битола од почетокот, а членува и во МГД – Скопје.



Слика 409. **Сашо Вренцовски**

**Сашо Вренцовски** Завршил ПМФ –географија во Приштина, Косово. Предава во ООУ „Браќа Миладиновци “ – Жван, Демир Хисар и во ДСУ „Крсте Петков Мисирков“ – Демир Хисар. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 410. **Вера Секуловска**

**Вера Секуловска** Завршила Педагошка Академија, по ПМФ – географија во Тетово. Предавала во ОУ „Мирче Ацев“ во с. Бач – Битолско, па во ООУ „Славко Лумбарковски“– Новаци.Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 411. **Донка Георгиевска**

**Донка Георгиева**, Завршила Педагошка академија, група географија и историја во Битола. Предавала историја и географија во ОУ „Мирче Ацев“ – Бач, а потоа во ООУ „Стив Наумов“ – Битола, каде и денес работи. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика412. **Весела Камбуровска**

**Весела Камбуровска** Завршила Педагошка Академија. Предава географија и историја во ООУ „Славејко Арсов“, с. Подмочани, Ресен. Член е на „Геосфера“ – Битола.



Слика 413. **Владо Масалковски**

**Владо Масалковски** Роден 1974 г. во Ресен. Завршил ПМФ – географија во Скопје. Предава географија во ООУ „Мите Богоевски“ – Ресен. Активен член на РГД Геосфера – Битола

Слика 414. **Даниела Ристова**



**Даниела Ристова** Родена во 1976 година во Битола. Во 2002 година завршува ПМФ, Институт за географија – Скопје. Прво вработување во ДСЗУ „Кузман Шапкарев“ - Битола од 2002 до 2004 год., потоа работи во ОУ „Стив Наумов“ - Битола 2004 год., ОУ „Тодор Ангелевски“ - Битола од 2005 до 2006 год. и ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Битола од 2004 до денес. Активно учествува во подготовка и реализација на обуки и работилници, иИ тоа: „Иновативно користење на ИКТ во основното училиште“ - проект „Е-школо“, УСАИД, 2007 год.; „Интеграција и имплементација на информатичката и комуникациона технологија во процесот на основното училиште“, УСАИД, 2007.; „Промена на улогата на наставниците со примена на стратегии на учење“, БРО и ДЕТРА центар, Скопје, 2008.; „Ученички тимови за техничка подршка“, Проект за модернизација на образованието, БРО, 2008.; „Училиште по мерка на детето“, УНИЦЕФ, 2007 - 2009 год.; УСАИД (ПЕП-проект) – Циклус на учење (2008 год.) - Наставата по географија во 21 век (2009 г.); „Следење и оценување на учениците - примена на стандарди за оценување“, УСАИД, 2009 год.; ЕДУБУНТУ апликации по предметот географија и природни науки, УСАИД, 2011 год.; Мајкорософт во соработка со Министерството за образование и наука и УСАИД ПЕП-проект „Обука за користење на Learning Suite Application and Tools во образовниот процес“, јануари 2012 год.; Сумативно оценување на учениците, УСАИД, МЦГО, 2011 год.; Мајкрософт иновативни наставници, 2012 год.; Мултиетничка интеграција, УСАИД и МЦГО, 2013 год.; Учество на првата ЕДУ конференција за наставници и ИКТ експерти, 2015 год.; Учество на втората ЕДУ конференција за наставници и ИКТ експерти, 2016 год.; Базична обука за МИО, УСАИД и БРО, 2016 год.; Учество на „Hour of Code" , Мајкрософт, 2015.; European Schoolnet Academy - Online sertificates: "Creative use of tablets in school" (15 часа, 2015 год.), "Games in School Teacher " (18 часа, 2016 год.) и ‘‘Developing Digital Skills in your Classroom‘‘(21 часа ,2016 год.); Активно учество во проектот „Учениците и ЕУ“, „Ден на европската унија“, Здружение за европска интеграција „Европска гледна точка Битола“, 2016 год.; Обука за инклузивно образование, БРО, 2015 год.; Проект „Училница во природа според принципите на шумска педагогија“, едукатор и дел од авторите на Прирачникот за едукација за заштита на природата според принципите на шумска педагогија во соработка со НП „Пелистер“ и Министерство за животна средина и просторно планирање, 2016 год.; Супервизор во Проект за меѓуетничка соработка меѓу општините, МЦГО, Троген, Швајцарија, 2016 год.; Сертификат за учество и презентација на научен труд на III-от и IV-от Меѓународен Конгрес на географите од Република Македонија (2005 и 2010 год.). Учество на тренинг семинар „Предизвиците при изучувањето на Холокаустот“, Учество на обука во проектот „Ние сме визуелна – едукација и аудио визуализација на човекови права“. Предавач на семинар на тема „Користење на едукативниот портал Еду-Арктик во наставата и воннаставните активности по географија“ (2017). За реализирани активности ги добила и следните сертификати: Games in Schools Teacher E School Academy и Collaborative Teaching and Learning Course Badge, E School Academy (2016), Opening Minds to Stem Careeers Cours Badge; Opening Schols to STEM Careers Course Badge; Our Fragile Planet course badge; Progressing Technology-Enhanced Teaching (MENTEP) E School Academy (2017, 2018) и други.Во 15- те година работно искуство добила над 30 сертификати, благодарници, признанија и други награди. Како ментор, нејзини ученици ги освоиле следните места: Учество на натпревари по „Народна техника“; Награди на републички натпревари: Применета географија – 1 прво место, 1 второ и 1 трето место; Астрономија – 1 второ место и 1 трето место; Метеорологија – 1 прво место; Награди за регионални натпревари: Применета географија –3 први и 2 втори места; Астрономија –3 први места, 2 втори, и 1 трето место; Астронаутика – 1 второ место; Метеорологија –2 први места; Објавени три научни труда: „Примена на принципот на истражување во географијата преку реализираната наставно-научна екскурзија во селото Маловишта“, Конгрес на географите, Скопје, 2005 год, „Наставата по географија во 21-от век“, Конгрес на географите, Дојран, 2010 год. и: „Case Study: Population of Air with PM Particles in the City of Bitola, Macedonia”, IJLERA, Vol. 03. Issue 05, may 2018; Изработена веб-страница за ученички активности по предметот географија во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола **www.nastavasugarev.webs.com**Учесник е по повеќе проекти: „Со рекреација до подобро здравје“, „Сликај, постирај, алармирај“, „Разбудија еко свеста во себе“, „Да ги заштитиме пчелите за заедничка иднина“ и други проекти. Член на Македонското географско друштво. Предавала во Земјоделското училиште „Кузман Шапкарев“ – Битола и во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола. Член е на МГД – Скопје и РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 415. **Ристо Грујовски**

**Ристо Грујовски**. Роден 23.05.1971 г. во Битола. Дипломира на ПМФ-Институт за географија во Скопје во 1996 г. Прво вработување во 1997 година во СОУ „Крсте П. Мисирков“ – Демир Хисар, потоа во ДМУ „Д-р Јован Калаузи“ – Битола од 1997-1999 г. Од 2000 година работи во ДСУ„Средно стручно училиште „Таки Даскало“ – Битола. Учествува на повеќе семинари, обуки, работилници, проекти и на стручна конференција „Случувањата во воспитно – образовниот процес“ во 2008 година во Битола. Како ментор на ученици учествува во натпревари во организација на Народна Техника и Македонското географско друштво. Учествува на неколку конгреси на географите, а на Третиот конгрес во 2005 г. во Скопје и со свој научно – стручен труд: „Теренската настава по географија во функција на културниот туризам, по примерот на Смилево“. Добил повеќе пофалници како ментор на ученици за учество на државни натпревари. Повеќе мандати бил член и претседател на Управен Одбор, и претседател на ЗГ „Дамјан Груев“ – Битола. Од самиот почеток е член на РГД „Геосфера“ – Битола.



Сл. 416. **Таќу Стојани**

**Таќу Стојани** Завршил ПМФ – географија во Р. Албанија. Предава географија во ООУ„Елпида Караманди“– Битола, ПЕ Цапари. Член е на „Геосфера“– Битола.



Сл. 417. **Трајче Калевски**

**Трајче Славко Калевски**. Завршил ПМФ – студии по географија во Скопје.Магистрирал во 15.01.2014 г., со тема: „Географски потенцијали за развој на Демирхисарската област“. Работел како професор во основните и средното училиште во Демир Хисар, а потоа во Крушево. Од неодамна работи во БРО – ПЕ Битола, во сектор за дигитални содржини.



Слика 418. **Методиј Богоевски**

**Методиј Кире Богоевски** Роден 1984 г. во Битола. Завршил ПМФ во Скопје – институт за географија, во 2007 г. Прво вработување во 2008/09 г., во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“, па во ООУ „Коле Канински“–Битола од 2009/10 г. до денес. Уште како студент во 2004 г. учествува во студентска размена во Нови Сад (Србија), во рамките на Европската асоцијација на студените – географи (ЕГЕА). Во 2005 г. учествува во студентска размена Загреб (Хрватска). Во 2014 г. учествува на седум дневен семинар за Холокаустот во Ерусалим (Израел). Во 2014 г. магистрира на ПМФ–институт за географија, од областа на демографија, со наслов „Процесот на демографското стареење во Пелагонискиот Регион“. Во улога на ментор негови ученици на натпревари по географија во организација на МГД и ГЕОСФЕРА, како и на Олимпијадите на КМТП во организација на Народна техника, во областа примена географија и астрономија освоиле 1 прво, 7 втори и 7 трети места. Член е на МГД–Скопје и на РГД „Геосфера“–Битола.



Слика 419. **Тони Гештаковски**

**Тони Гештаковски**,Роден во 1986 г.Завршил ПМФ –географија во Скопје, во 2008 г. Предава во ООУ „Гоце Делчев “–Демир Хисар. Во улога на ментор негови ученици учествуваа на натпревари по географија во организација на МГД и Геосфера, како и на Олимпијадите во организација на Народна техника, во областа примена географија и метеорологија.Член е на „Геосфера“. Во 2014 г. магистрирал на студиска програма „Менаџмент на образование“ на УКЛО - Педагошки факултет-Битола, на тема: „Формативно оценување во наставата по географија“. Добил повеќе сертификати, признанија, благодарници и лиценца за туристички водич во 2019 г. Учествува во повеќе проекти:„Етнолошка поставка на општина Кисела Вода“, „Со рекреација до подобро здравје“, „Блатен даб во с. Слоештица“„Зачувување на природните убавини на Илинска и Плакенска Планина“.



Слика 420. **Илче Неделковски**

**Илче Неделковски** Роден во Битола во 1974 г. Завршува ПМФ – студии по географија во 1998 година. Работи како воспитувач во ДУД - училиштен дом „Мирка Гинова“ Битола. Еден период бил и директор на домот. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.

**Анета Цано Печипајковска**. Родена во 1983 г. во Битола. Дипломирала за професор по географија на ПМФ, Институт за географија во Скопје, во 2007 година. Прво вработување во 2011 година во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Битола. Предава и ОУ Ѓорѓи Сугарев Битола (2011-2016), како и во ОУ Браќа Миладиновци, Демир Хисар – с. Жван (2011-2013), ООУ „Тодор Анѓелевски“ – Битола (2013-2015), ООУ „Даме Груев“- Битола (2014 – денес). Учествува на стручен семинар при ПМФ во Скопје наменет за наставниците и професорите по географија ( Јануари 2010). Учество на меѓународен симпозиум организиран од на македонското географско друштво –“Проблеми и перспективи на ридско-планинските подрачја“–Охрид 2013. Учество на едукативни предавањаво рамките на регионалното географско друштво “Вулкани на Земјата” , “Земјотреси и цунами” , “Пештери” (ноември 2011). Предавачна тема “ Феноменот Ел Нињо и Ла Нија” по повод неделата на географијата во рамките регионалното географско друштво “ГЕОСФЕРА” (2012). Учесник е по повеќе проекти: „Со рекреација до подобро здравје“, „Сликај, постирај, алармирај“, „Разбудија еко свеста во себе“, „Да ги заштитиме пчелите за заедничка иднина“. Како ментор на ученици секоја година учествува на општински и регионални натпревари, а во 2018 година на државниот натпревар нејзин ученик освоил второ место. Член е на МГД – Скопје и на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 421. **Анета Печипајковска**





Слика 422. **Сања Шилковски**

**Сања Шилковски**Родена 1988 г. во Кочани. ПМФ – Институт за географија завршува во Скопје во 2011 година. Од 2013 година работи во ООУ „Браќа Миладиновци“ – с. Жван во Демир Хисар. Со нејзини ученици учествувала на натпревари по географија. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.

Слика 423. **Александра Дамјановски**

**Александра Пецо Јошевска Дамјановски**. Родена е 1989 во Битола. Дипломирала за професор по географија на ПМФ – Институт за географија – наставна насока, во Скопје, во 2012 година. Се вработува во 2012/13 година како професор по географија во ОУ „Коле Канински“ – Битола, а од 2013/14 г. предава и во ООУ „Тодор Ангелевски“ – Битола. Како ментор на ученици учествува на натпревари по географија. Нејзини ученици освоиле втори и трети места. Учествува на семинар на наставници на 5-тиот Конгрес на географите во Скопје. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.



Слика 424. **Стефанија Грујовска**

**Стефанија Трајковска Грујовска.**Родена 10.09.1989 г. во Битола. ПМФ-Институт за географија завршува во 2012 г. Прво вработување во 2015 година во ОУ „Св. Климент Охридски“ – Битола, во 2017 г., во ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ а од 2018 г., во ООУ „Стив Наумов“ Битола. Има учествувано на неколку семинари за професори и наставници, на 5-ти Конгрес на географите во Скопје, во 2015 година. Како ментор, нејзини ученици на натпревари во организација на Народна техника, по областа астрономија имаат освоено 2 место, а по метеорологија 3 место. Член е на РГД „Геосфера“ – Битола.

| | |
|---|---|
|  | Слика 425. **Цвета Белокозовска**<br><br>**Цвета Крстевска Белокозовска**. Родена на 12.07.1983 г. во Битола.Завршила на ПМФ – Институт за географија, наставна насока во 2007 година. Прво вработување во 2011/12 година во ООУ „Св. Климент Охридски“ – Битола, каде што се уште работи. Има учествувано на повеќе семинари и обуки за професори и наставници. Како ментор на ученици на натпревари по географија и Народна техника има освоено мноштво на први, втори и трети места. Член е на МГД – Скопје и на РГД „Геосфера“ – Битола. |
|  | Слика 426. **Емилија Кокиновска**<br><br>**Емилија Кокиновска**, Родена 09.02.1994 г. во Битола. Завршува географија на ПМФ – Институт за географија во 2016 г. Прво вработување во 2017/18 г. во ООУ „Св. Климент Охридски“ – Прилеп. Од 01.09.2019 г. работи ООУ „Тодор Ангелевски“ – Битола.Запишана е на магистерски студии на Институт за географија, на студиска програма ГИС. Има учествувано на семинари и обуки. Член е на МГД – Скопје и РГД „Геосфера“ – Битола. |

**Татјана Петковска**. Родена 17.01.1978 г. во Битола. Завршува факултет во 2002 г. во Романија – Факултет за географија Универзитет Букурешт – Романија. Прво вработување во 2009 година. ОУ„Ѓорѓи Сугарев“ – Битола (2009-2010), потоа во СОУ „Јане Сандански“ и СОУ „Таки Даскало“ – Битола (2010-2011), од 2011 во СОУ „Таки Даскало“ и ОУ „Тодор Ангелевски“ – Битола, а од 2017/18 година дополнува часови и во Гимназија „Јосип Броз Тито“. Во 2016 година била во Израел во Музеј „Јад Вашем“ – Ерусалим, со група на професори.

**Тела Јусуфоски**. Роден во Прилеп во 1985 г. Завршува ПМФ- Институт за географија во Скопје во 2010 г. Се вработува во 2012 година во ОУ „Гоце Делчев“ – Битола, каде и денес работи. Учествувал на семинари за „Мулти етнички“, и за работа со Талентирани деца.

**Сузана Тозиевски**Завршила ПМФ – институт за географија. Работи како професор по географија во Ресен, и тоа во ООУ „Браќа Миладиновци“ с. Царев Двор, и во СОУ „Цар Самоил“ – Ресен.

**Благој Гацовски**, Завршува географија на ПМФ – институт за географија во Скопје. Работел во ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ и во ООУ „Стив Наумов“ – Битола.

**Моника Кузевска**, Завршува географија на ПМФ – институт за географија во Скопје. Работи во ООУ „Д-р Трифун Пановски“ – Битола.

**Гоце Кузевски**, Завршува географија на ПМФ – институт за географија во Скопје. Работи во ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци.

**Цвета Крстевска**, Завршува географија на ПМФ – институт за географија во Скопје. Работи во ООУ „Св. Климент Охридски“ – Битола.

**Тодорче (Тоше) Тановски,**Завршил ПМФ – институт за географија. Работи како професор по географија во ООУ „Димитар Влахов“ –с. Љубојно, и во СОУ „Цар Самоил“ – Ресен.

**Александар Христовски**, Завршил ПМФ – институт за географија. Работи како професор по географија во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Бистрица и Кишава.

**Горан Николовски**, Завршил ПМФ – институт за географија. Работи како професор по географија во ООУ „Александар Турунџев“ – Кукуречани.

**МоникаЧаловска**, Завршува географија на ПМФ – институт за географија во Скопје. Работи во ООУ „Браќа Миладиновци“ во Добрушево и Дедебалци.

**Бети Трајковска**, Завршува географија на ПМФ – институт за географија во Скопје. Работи во ООУ „Гоце Делчев“ – Могила.

**Елизабета Каровска**, Родена 08.08.1993 г. Завршува ПМФ – институт за географија во Скопје во 2016 г. Се пријавува во Агенција за вработување во Битола. Од неодамна работи во ООУ „Блаже Конески“ во Прилеп.

**Игор Стојановски,** Завршил географија на ПМФ. Од неодамна привремено заменува во ООУ „Св. Климент Охридски“ – Битола.

# Дискусија

Од погоре изнесеното за развојот на географијата во Битола и битолско можеме да продискутираме и квалитативно да го дополниме следното.

Активно во организирана форма на дејствување географијата во Битола и околината е присутна седумдецении (од 1956 година), односно од географска секција до посебно регионално географско друштво, или опис на пет генерации географи. (Види:Табела 1).

**Табела 1: Хронолошки преглед на развој на Македонското географското друштво и Географското друштво во Битола**

<table>
<tr><th>Година</th><th>МАКЕДОНИЈА</th><th>Година</th><th>БИТОЛА</th></tr>
<tr><td>1949</td><td>Географското друштво на НРМакедонија</td><td>1956</td><td>Географска секција Битола</td></tr>
<tr><td>1979</td><td>Сојуз на географските здруженија на Република Македонија</td><td>1969</td><td>Регионална географска секција<br>(Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар)</td></tr>
<tr><td rowspan="3">1994</td><td rowspan="3">Македонско географско друштво</td><td>1977</td><td>Географско здружение на Општина Битола и Демир Хисар</td></tr>
<tr><td>1981</td><td>Здружение на географичарите Битола</td></tr>
<tr><td>2005/6</td><td>Регионално географско друштво „Геосфера“ – Битола (Битола, Ресен, Демир Хисар)</td></tr>
</table>

Во текот на 65 години околу 170 наставници и професори по географија работеле во 25 основни и 10 средни училишта (Општина Битола и битолско 17 основни и 8 средни, Општина Ресен 5 основни и 1 средно и Општина Демир Хисар 3 основни и 1 средно училиште). Во периодот од седум децении поминале приближно пет генерации географи.

Просечниот број на членови во географското друштво гледано според списоците на членовите за платена членарина, за различни временски периоди и во текот на целиот 65 годишен период се движел од 40 до 50 наставници и професори.

Гледано според стручното образование на наставниот кадар. Може да го изнесеме следното, непосредно по Втората светска војна, наставата по географија ја реализирале предавачи со завршено средно образование како преподаватели, потоа наставници со полувише, наставници со више – суплент (не е назначен за професор бидејќи нема положено државен испит), додека пак наставен кадар со завршен факултет немало.

Во почетокот на педесеттите години се регистрирани првите дипломирани професори по географија. Во текот на времето бројот на наставници со завршена виша школа - Педагошка академија со студии по географија и историја постепено се намалува за сметка на професорите со завршена високо образование – студии по географија на Природно математички факултет (ПМФ) во Скопје.

Од табела 2 и графиконот се гледа дека бројот на наставници и професори по географија во Битола и битолско, Општина Ресен и Општина Демир Хисар во 1960 година биле регистрирани 10 професори по географија (со учество во вкупниот број од 25,0%), па 25 наставници по географија и историја (62,5%) и 5 учители кои предавале географија (12,5%). Во 1985 година состојбата е значително променета, па така учителите кои предавале географија веќе ги нема 30 биле наставници по географија и историја (со учество во вкупниот број од 60,0%) и 20 професори по географија (40,0%). Во 2020 година бројот на наставници и професори по географија во Битола и битолско, Општина Ресен и Општина Демир Хисар изнесува 45 професори по географија (со учество во вкупниот број од 91,8%) и само 4 наставници по географија и историја (8,2%).

**Табела 2**: Движење на бројот на наставници и професори по географија во Битола и битолско, Општина Ресен и Општина Демир Хисар од 1960 до 2020 година

| Број на наставен кадар | Година и процент | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
